ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Службен В. на Р.М. бр: 53/2005 од 05.07.2005

Влегува во сила на: 13.07.2005

Се применува од: 01.09.2005

Измени Сл.В. на Р.М.:
81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018; 176/2021; 216/2021; 89/2022; 99/2022; 171/2022; 3/2025;

Извор: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Консолидиран текст
- актуелен

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат правата и должностите на Република Северна Македонија, на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

(2) На постапките утврдени со овој закон се применува Законот за општата управна по стапка доколку со овој закон поинаку не е определено.

(3) Во постапките при вршење на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор доколку со овој закон поинаку не е уредено.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Примена на законот

Член 2

(1) На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот; на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина (во натамошниот текст: посебни закони).

(2) Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку преземање мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со овој и посебните закони од: -вршењето различни дејности,
-загадувачките супстанции и технологии,
-отпадот,
-бучавата и вибрациите и
-јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење.

(3) Сите мерки, стандарди и цели на животната средина, утврдени со овој или друг закон и прописите донесени врз основа на нив, се применуваат како минимални барања.

(4) Доколку со одредбите од овој или друг закон и прописите донесени врз основа на нив се одредени мерки, стандарди и цели за заштита и унапредување на животната средина, се применуваат мерките, стандардите и целите кои обезбедуваат највисок степен на заштита и унапредување на животната средина.

Јавен интерес

Член 3

(1) Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес.
(2) Владата на Република Северна Македонија е должна да обезбеди од Буџетот на Република Северна Македонија, финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина.
(3) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, се должни, од буџетот на општината, буџетот на градот Скопје и буџетите на општините во градот Скопје, да обезбедат финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Цели на Законот и начинот на нивното постигнување

Член 4

(1) Цели на овој закон се:
1) зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
2) заштита на животот и на здравјето на луѓето;
3) заштита на биолошката разновидност;
4) рационално и одржливо користење на природните богатства и
5) спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.
(2) Целите од ставот (1) на овој член се постигнуваат особено со:
1) предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина;
2) заштита и уредување на областите од животната средина;
3) зачувување на чистата животна средина и санирање на оштетените делови на животната средина;
4) спречување на ризикот и опасностите за животната средина;
5) поттикнување на користење на обновливи природни извори на енергија;
6) поттикнување на употребата на производи и почисто производство и користење на чисти технологии кои се најповолни за животната средина;
7) интегриран пристап кон заштитата на животната средина и кон економскиот развој;
8) воспоставување на систем на планирање на заштитата, унапредување и управување со животната средина;
9) обезбедување средства за финансирање на мерките и активностите за заштита и за унапредување на животната средина;
10) контрола на активностите кои ја загрозуваат животната средина;
11) развивање на свеста за потребата од заштита на животната средина во образовниот процес и промовирање на заштитата на животната средина;
12) усогласување на стопанските и на другите интереси со барањата за заштита и за унапредување на животната средина;
13) известување на јавноста и на релевантните институции за состојбата
на животната средина и нивно вклучување во заштитата на истата;
14) поврзување на системот на заштитата на животната средина и на институциите на Република Северна Македонија од областа на заштитата на животната средина со меѓународните институции;
15) стабилизирање на концентрациите на гасовите коишто го предизвикуваат ефектот на стаклена градина во атмосферата и
16) справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 5

Дефиниции
Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
- Општи изрази од областа на животната средина:

1. Животната средина е просторот со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина;
2. Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови од заштита и загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и нејонизирачко зрачење, заштита од непријатната миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина);
3. Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од којашто може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина;
4. Загадувачи се загадувачки материи и супстанции кои ја загадуваат животната средина и кои се наведени во Регистарот за испуштање и пренесување на загадувачи;
5. Загадувач е секое правно или физичко лице чиешто дејство, посредно или непосредно, предизвикува загадување на животната средина;
6. Управување со природни богатства се активности и работи кои ги вршат правните и/или физичките лица согласно со овој и друг закон со цел за зачувување и одржливо користење на природните богатства;
7. Управување со податоци е собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбите, квалитетот и за трендовите во сите медиуми и области на животната средина;
8. Стандард за квалитет на животната средина е збир од барања кои мора да ги исполнува одделен медиум на животната средина, област или дел од животната средина во одредено време и при одредени услови, на начин определен со закон и со друг пропис на Република Северна Македонија и со меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија;
9. Национален информативен систем за животната средина е сеопфатна база на податоци и информации за состојбата со медиумите и одделните области на животната средина во кој се содржани Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики и Катастарот за животна средина;
10. Регистарот за испуштање и пренесување на загадувачи е збир на податоци за изворот, видот, количината, начинот и местото на испуштање, пренесување и одлагање на загадувачките материи и супстанции и отпадот во медиумите на животната средина;
10-а. Национална Книга на параметри за животна средина е приказ на показатели за состојбата со животната средина со кои се пропишува временската динамика на собирање на податоците, форматот, изворот и начинот на проток и размена на податоците;
10-б. Информации од областа на животната средина е секаков тип на информации во пишана, визуелна, електронска или друг вид на материјална форма согласно со членот 51 од овој закон;
11. Супстанца е секој хемиски елемент и неговите соединенија, со исклучок на радиоактивните супстанции и супстанциите кои се присутни во генетски модифицираните организми;
12. Опасна супстанца е супстанца или препарат којшто содржи една или повеќе опасни супстанци чиишто својства ја загадуваат и оштетуваат животната средина и се опасни за животот и здравјето на луѓето со докажани акутни, хронични токсични и други штетни ефекти;
13. Области на животната средина се природата, отпадот, бучавата, вибрациите, јонизирачко и нејонизирачкото зрачење, климата, миризбата и сите други елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина;
14. Медиуми на животната средина се водата, воздухот и почвата;
15. Мониторинг на животната средина е систематизирано мерење, следење и контрола на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина;
16. Квалитет на животната средина е состојба на животната средина изразена со физички, хемиски, естетски и со други показатели;
17. Катастар за животна средина е квантитативна и квалитативна евиденција на загадувачите и на изворите на загадување кои испуштаат загадувачки материи и супстанции во медиумите на животната средина, во која е вклучена и картата на загадувачи;
18. Имисија е концентрација на загадувачките материи и супстанции на одредено место и во одредено време во медиумите на животната средина.
19. Хемикалии се супстанции и препарати;
20. Гранични вредности за емисија е масата, изразена во смисла на одредени специфични параметри, концентрацијата и/или нивото на испуштање, кои не смеат да бидат надминати во текот на определен временски период;

21. Физичко лице е трговец поединец, вршител на професионална дејност и граѓанин;
22. Емисија е испуштање или истекување на супстанции во течна, гасовита или во цврста состојба, препарати, испуштање на енергија (бучава, вибрации, зрачење, топлина), миризба, организми или микроорганизми, како и испуштање на микробиолошки материјал од некој извор во еден или во повеќе медиуми на животната средина, како резултат на човековата активност;
22-а) Дифузни извори се сите помали и расфрлени поединечни извори коишто можат да ослободат загадувачки материи и супстанции во земјата, воздухот или водата, а чиешто заедничко влијание во тие медиуми може да биде значително и за коишто е неизводливо да се собираат извештаи за секој поединечен извор;
23. Штетно влијание и дејство е секое негативно нарушување на квалитетот на медиумите и областите на животната средина;
24. Штетна материја за животната средина е биолошки или физички агенс, или појава/состојба, чие присуство во животната средина може да предизвика непосредна или одложена закана или загадување за еден или повеќе медиуми или области на животната средина, како и други надразнувачки, запаливи и експлозивни материи кои во одредено количество, концентрација или интензитет имаат такви својства;
25. Јавност е едно и/или повеќе правни и/или физички лица и во согласност со закон формирани организации и здруженија на граѓани;
26. Засегната јавност е јавноста којашто, во моментот, е засегната и/или во иднина може да биде засегната или има интерес во врска со донесувањето одлука за животната средина со која е во посебен однос со одредена постапка. Засегната јавност ги вклучува и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, како и физичко лице кое има голема веројатност да ги почувствува последиците од донесувањето на одлуката;
27. Задоволителна состојба е постигнување на состојба на квалитет на медиум или област на животната средина кој ги задоволува стандардите за квалитет што се неопходни за намената за користење на медиумот или областа;
28. Индикаторски извештај е опис на состојбата на животната средина презентирана преку квантитативни информации (индикатори) за состојбите на медиумите и областите во животната средина добиени преку сублимирање на различни, повеќеслојни и поединечни информации;
29. Органи се органите на државната управа и органите на единиците на локалната самоуправа кои согласно со овој или друг закон се овластени да донесуваат прописи и други акти за спроведување на овој или друг закон;
- Изрази од областа на оцена на влијанието врз животната средина:
30. Проект е развоен документ со кој се анализираат и се дефинираат конечните решенија за користење на природните и на создадените вредности, вклучувајќи ги оние на искористување на минерални суровини и се уредува изградбата на објекти и инсталации и спроведување на други дејности и активности кои имаат влијание врз животната средина, пределот и врз здравјето на луѓето;
31. Инвеститор/барател е правно или физичко лице кое поднесува барање за одобрување на приватен проект или државниот орган кој иницира проект;
32. Оцена на влијанието врз животната средина е процена на можните влијанија на одредени плански документи, проекти и планирани активности врз животната средина;
33. Дозвола, односно решение за спроведување на проект е одлука на надлежниот орган со која се дава согласност на инвеститорот/барателот за одобрување/продолжување на спроведувањето на проектот;
- Изрази од областа на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина:
34. Стратегии, планови и програми се плански документи кои се:
- подготвуваат, изменуваат и/или усвојуваат од страна на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа, органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје;
- финансирани или кофинансирани од Европската унија и
- кои се изработуваат врз основа на обврска утврдена во закон и/или пропис донесен врз основа на закон;
- Изрази кои се однесуваат на интегрираните еколошки дозволи и генерална еколошка ревизија:
34-а. Оцена на животната средина е збир на акции преку кои: се подготвува извештајот за животната средина, се спроведуваат консултации, се зема предвид извештајот за животната средина и резултатите од консултациите при донесувањето на одлуки и се обезбедува достапност на информациите во согласност со одредбите од Главата X - Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина од овој закон;
34-б. Извештај за животната средина е дел од документацијата на планскиот документ кој содржи информации од членот 67 став (2) на овој закон;
34-в) Засегнати органи се оние органи на државната и локалната власт кои во согласност со своите надлежности имаат интерес за донесување на одлуки кои се поврзани со заштита на животната средина и здравјето на луѓето;
35. Инсталација:
- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се врши една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите

и врз загадувањето и
- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објектите, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата;
36. Постоечка инсталација, во однос на интегрирани еколошки дозволи, е инсталација којашто е оперативна, односно работи пред 1 јули 2007 година;
37. Промена во работењето е промена во природата на функционирањето или проширувањето на инсталацијата, која би можела да има последици за животната средина;
38. Значителна промена е промена во работењето на инсталацијата за којашто надлежниот орган утврдил дека би можела да има значителни негативни ефекти врз здравјето на луѓето или врз животната средина;
39. Најдобри достапни техники е најефективната и најнапредната фаза во развојот на активностите и на методите на работа кои укажуваат на практичната соодветност на конкретните технологии за обезбедување, во начело, на основата на граничните вредности за емисиите, наменети за спречување и, онаму каде што тоа не е практично возможно, за намалување на емисиите и на негативното влијание врз животната средина.
Притоа под:
- техники се подразбира користената технологија и начинот на којшто инсталацијата е конструирана, се одржува, се користи и престанува да работи,
- достапни техники се подразбира степенот на развој на техниките што се применуваат во соодветниот индустриски сектор, под економски и технички исплатливи услови, земајќи ги предвид трошоците и предностите, без оглед на тоа дали техниките се користат или се развиени и/или произведени во Република Северна Македонија, доколку се разумно достапни за операторот и
- најдобри се подразбираат оние техники кои се најефективни во постигнувањето на високо општо ниво на заштита на животната средина во целина;
40. Оператор е секое правно или физичко лице кое врши професионална активност и/или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста;
41. Дозвола, во однос на интегрираното спречување и контролата на загадувањето, е оној дел од пишаната одлука или целата пишана одлука (или неколку такви одлуки) со којашто се дава овластување за работа на целата или на дел од инсталацијата, а што е предмет на одредени услови со кои се гарантира дека инсталацијата е усогласена со барањата утврдени со овој и со друг закон. Дозволата може да опфаќа една или повеќе инсталации или делови од инсталации на истата локација, со кои работи истиот оператор;
- Изрази од областа на спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции:
42. Опасна супстанција, во однос на спречувањето и контролата на хавариите, е смеса или препарат, определена согласно со прописот од членот 145 став (2) на овој закон, или ги исполнува критериумите или својствата определени во прописот од членот 145 став (2) на овој закон, која е присутна во форма на суровина, производ, нуспроизвод, остаток или полупроизвод, вклучувајќи ги и оние супстанции за кои е разумно да се претпостави дека можат да настанат во случај на несреќа;
43. Присуство на опасни супстанци, во однос на спречување и контрола на хавариите, е постоечко или веројатно присуство на опасни супстанции во систем, или присуство на супстанции за кои постои ризик дека можат да настанат за време на губење на контрола над индустриски хемиски процес, во количини еднакви или поголеми од граничните вредности (прагови) определени со прописот од членот 145 став (2) на овој закон;
44. Хаварија, во однос на спречување и контрола на хаварии, е појава во вид на голема емисија, пожар или експлозија настаната како резултат на неконтролирани настани во текот на работењето на кој било систем, со учество на една или повеќе опасни супстанции, а што доведува до сериозна опасност за животот и здравјето на човекот и за животната средина, веднаш или подоцна, во или надвор од системот што вклучува една или повеќе опасни супстанции;
45. Опасност е автентичното својство на некоја опасна супстанција или физичка ситуација, со потенцијал за предизвикување штети за животот и здравјето на човекот и за животната средина;
46. Ризик е можноста за појава на одредена последица врз животната средина, во одреден временски период или во одредени околности;
47. Складирање е присуство на одредено количество опасни супстанции заради чување, оставање на сигурно место или држење во резерва;
48. Систем, во однос на спречување и контрола на хаварии, е целокупниот простор под контрола на операторот, на којшто се присутни опасни супстанции во една или повеќе инсталации, вклучувајќи ги и заедничките или сродните инфраструктурни објекти или активности;
- Изрази од областа на одговорноста за штета предизвикана врз животната средина:

49. Почетна состојба, во смисла на одговорност на штета предизвикана врз животната средина, е состојбата која би постоела, во времето на настанување на штетата врз природниот ресурс и врз неговата функција, доколку штетата врз животната средина не настанала. Притоа, почетната состојба се проценува врз основа на достапните информации и критериумите определени согласно со Главата XVI од овој закон и во согласност со критериумите утврдени со прописот од членот 157 став (3) на овој закон;
50. Штета, во смисла на одговорност на штета предизвикана врз животната средина, е мерлива негативна промена на природниот ресурс или директно или индиректно мерливо нарушување на функцијата на тој природен ресурс во поглед на друг природен ресурс или на јавниот интерес;
51. Еколошка штета е секоја штета причинета врз:
- заштитените видови и природните живеалишта, што има значителни неповолни влијанија врз постигнувањето и одржувањето на поволниот статус за зачуваност на овие живеалишта или видови. Значителноста на неповолните влијанија се проценува врз основа на почетната состојба, земајќи ги предвид критериумите определени согласно со прописот од членот 157 став (3) и Главата XVI на овој закон,
- водите, што има значителни неповолни влијанија врз еколошкиот, хемискиот и/или квантитативниот статус и/или еколошкиот потенцијал на водите, согласно со Законот за водите и прописите донесени врз основа на тој закон и
- почвата со нејзина контаминација, која предизвикува значителен ризик по здравјето на човекот како резултат на директна или индиректна примена на супстанции, препарати, организми или микроорганизми во, на или под почвата;
52. Реституција, вклучувајќи натурална и парична, во смисла на одговорност на штета предизвикана врз животната средина, е:
- во смисла на штета причинета врз води, заштитени видови и природни живеалишта, е враќање на повредениот природен ресурс и неговата функција во почетната состојба и
- во смисла на штета причинета врз почва, е елиминирање на секој значителен ризик кој може негативно да влијае врз здравјето на човекот;
53. Трошоци, во смисла на одговорност на штета предизвикана врз животната средина, се сите трошоци потребни за соодветно и ефективно обезбедување и покривање на целокупната штета, вклучувајќи ги и трошоците за процена на штетата и непосредната закана од штета и други активности, како и трошоците за спроведување, трошоците за собирање на податоците, мониторинг, надзор и други трошоци;
54. Заштитени видови и природни живеалишта се оние утврдени согласно со Законот за заштита на природата;
- Изрази од областа на климатските промени:
55. Климатски промени се промени предизвикани од антропогени влијанија врз климатскиот систем согласно со Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени;
56. Механизам за чист развој е еден од флексибилните механизми утврдени во членот 12 од Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и
57. Проект, во смисла на механизмот за чист развој е проектна активност со чија реализација се дава придонес во постигнувањето на квантитативно утврдените ограничувања и намалување на емисиите според членот 3 од Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени.
58. Постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење се постапките што се применуваат при сервисирање и инсталација на производите за ладење, вклучувајќи го и начинот на кој се врши собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење;
59. Средства за ладење се хемикалии што имаат улога на носители на топлина што ја менува нивната состојба од течна фаза во гас и обратно во циклусот на ладење/греење, а се користат во производи наменети за ладење/греење, како што се фрижидери, климатизери и други производи за ладење/греење и климатизација;
60. Опасни супстанции во средствата за ладење се хемикалии кои се присутни во средствата за ладење кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или припаѓаат на групата на стакленички гасови;
61. Контаминирано подрачје е локалитет (со сите придружни објекти во рамките на локалитетот) на коешто е утврдено загадување на медиумите на животната средина при што сериозноста од можните влијанија на екосистемот и здравјето на луѓето е со такво значење што е неопходна ремедијација на истото;
62. Ремедијација на животната средина е мерка за санација на постојното загадување на животната средина, со цел намалување на концентрациите на загадувачките материи и супстанции до ниво кое не претставува опасност по животната средина и
63. Стручен орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина е Управата за животна средина согласно со членот 160 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

II. НАЧЕЛА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Начело на висок степен на заштита

Член 6

Секој е должен при преземањето активности или при вршењето дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Начело на интегрираност

Член 7

Основите и целите на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи кои ги донесуваат органите на државната власт и органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

Начело на одржлив развој

Член 8

Заради задоволување на потребите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, при преземањето на секоја активност или вршење на која било дејност задолжително треба да се води сметка за рационалното и одржливото користење на природните богатства.

Загадувачот плаќа

Член 9

Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мера, во состојба како пред оштетувањето.

Корисникот плаќа

Член 10

Корисникот на природните богатства е должен да ги надомести трошоците за обезбедување на одржливиот развој, како и за санација на деградацијата на медиумите и одделните области на животната средина која настанала со користењето на природните богатства.

Начело на супсидијарност

Член 11

Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на своите надлежности определени со закон, имаат право и должност на своето подрачје да ги преземаат сите мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина, кои не се во исклучива надлежност на државните органи.

Начело на пропорционалност

Член 12

Системот за заштита на животната средина се заснова на усвојувањето и на спроведувањето на законите, плановите, програмите и одлуките кои обезбедуваат пропорционалност меѓу потребите за развој и потребите за заштита на животната средина.

Начело на претпазливост

Член 13

Доколку постои основано сомневање дека одредена активност може да предизвика штетни последици врз животната средина, се преземаат неопходни мерки за заштита пред да стане достапен научниот доказ дека такви штетни последици би можеле да настанат.

Начело на превенција

Член 14

Мерките и активностите за заштита на животната средина се преземаат пред да дојде до штетни последици.

Начело на почисто производство

Член 15

Со цел да се намалат ризиците за животот и здравјето на луѓето и за животната средина, како и да се зголеми економската и еколошката ефикасност, се поддржува примената на сеопфатна стратегија за заштита на животната средина и тоа во поглед на суровините, производствените процеси, производите и услугите.

Начело на меѓународна соработка

Член 16

Република Северна Македонија активно учествува во билатерална, регионална и поширока меѓународна соработка во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и во врска со тоа презема соодветни активности.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Начело на учество на јавноста и пристап до информации

Член 17

Органите на државната власт и органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, се должни да ги обезбедат сите потребни мерки и да пропишат постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тие одлуки.

Начело на подигање на јавната свест за значењето и заштитата на животната средина

Член 18

Научните, образовните, здравствените, информативните, културните и другите институции и правни лица, вклучувајќи ги и здруженијата на граѓаните, во рамките на нивните активности, промовираат и обезбедуваат подигање на јавната свест за животната средина, за нејзиното значење, како и за потребата од активното учество во нејзината заштита и унапредување.

Заштитна клаузула

Член 19

Заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина, органите на државната власт и органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, во согласност со законот, имаат право и обврска да преземаат мерки и активности кои се однесуваат на привремената или трајната забрана за вршење на определени дејности или промет на определени производи.

III. ОПШТИ ОБВРСКИ

Општа одредба во врска со вршење на активности

Член 20

(1) На територијата на Република Северна Македонија се забранети следниве активности:

- градење или реконструкција на инсталации без добивање на дозвола и без притоа да се исполнат утврдените норми и стандарди од системот за заштитата и унапредувањето на животната средина,
- градење или реконструкција на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1) на растојание помало од пет километри од населено место или заштитено природно подрачје,
- производство и увоз на превозни средства кои не ги исполнуваат условите пропишани за емисиите кај мобилните извори на загадување и на бучава и
- производство, постапување и испуштање на загадувачки материи и супстанции во животната средина, освен на начин и под услови пропишани со закон.

(2) Ако активноста којашто го предизвикува загадувањето не е предмет на регулирање на главите XII и XIV од овој

закон, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот, по стапката, мерките за превенција и за отстранување на загадувањето и враќање на животната средина во задоволителна состојба.
(3) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ќе изречат мерка забрана за вршење на активностите и за враќање на животната средина во задоволителна состојба, врз основа на прописот од ставот (2) на овој член.
(4) Концесија, односно дозвола за детални геолошки, хидрогеолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини се издава по претходно мислење, односно согласност на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Начинот на постапување, како и поблиските услови за издавање на мислењето, односно согласноста од ставот (4) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 06.08.2022 >>

Забрана на производството, прометот и употребата на одделни производи, полу производи, суровини, супстанции и вршењето на одделни активности и услуги заради заштита на животната средина

Член 21

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата и трудот, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството ќе го забрани производството, прометот и употребата на одделни производи, полупроизводи, суровини, супстанции и вршењето на одделни активности и услуги, на определено или на неопределено време, доколку постојат доволно докази дека со нив се загрозува животот и здравјето на луѓето и животната средина и/или не се исполнуваат пропишаните стандарди.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Ограничување и контрола на извозот и увозот на одделни супстанции и производи

Член 22

(1) Заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата и трудот, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, го ограничува или забранува увозот и извозот на опасните супстанции, штетните материи и производи во/од/низ Република Северна Македонија.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го следи увозот и извозот на одредени опасни супстанции, штетни материи и производи во/од/низ Република Северна Македонија согласно со прописите за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз.
(3) Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги определува поблиските услови за промет, увоз, извоз и транзит на опасните супстанции, штетните материи и производи, како и на одделни полупроизводи, суровини и стоки кои се под посебен режим на увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Северна Македонија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Постапување со супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка

Член 22-а

(1) Правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка треба да поседува дозвола за увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или на производи кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка.
(3) Правното лице односно трговец поединец од ставот (1) на овој член еднаш годишно, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот (3) на овој член за увезени и/или извезени супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и/или за производите кои содржат супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.02.2016 >>

Лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење

Член 22-б

(1) Со средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење се постапува на начин со кој се спречува ослободување на опасни супстанции штетни по животната средина и се обезбедува нивно редовно одржување и спречување на истекувањата.
(2) Со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да постапува лице кои поседува лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење (во натамошниот текст: лиценца).
(3) Лиценцата ја издава стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина за временски период од пет години врз основа на поднесено барање од правно лице, односно трговец поединец.
(4) Два месеца пред истекот на временскиот период на важноста на лиценцата од ставот
(3) на овој член, носителот на лиценцата е должен да поднесе барање за продолжување на истата.
(5) Лиценцата се издава во категории во зависност од видот на средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење и активностите кои се преземаат при сервисирање и инсталација на истите.
(6) Лиценца може да добие правно лице или трговец поединец.
(7) Правно лице, односно трговец поединец може да се стекне со лиценца во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето доколку ги исполнува следниве услови:
- има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење вклучувајќи опрема за собирање, обновување и рециклирање;
- има вработено најмалку едно лице кое има уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење или има завршено високо образование од областа на техничките науки и
- е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(8) Лиценцата од ставот (2) на овој член се одзема доколку лицето не поднело барање за продолжување на лиценцата во рокот од ставот (4) на овој член, како и доколку престане да ги исполнува условите од ставот (7) на овој член.
(9) Доказот за исполнување на условите од ставот (7) алинеја 3 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
(10) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (7) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(11) Правното лице, односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, најдоцна до 1 март во тековната година, доставува извештај за претходната година за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал.
(12) Правното лице, односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи од ставот (1) на овој член, најмалку еднаш годишно зависно од количината на супстанцијата во опремата и нивно собирање, обновување и рециклирање презема превентивни мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите со проверување на истекувањата.
(13) Превентивните мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите од ставот (12) на овој член со проверување на истекувањата вклучуваат:
- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од три или повеќе килограми еднаш годишно,
- проверка на опремата која содржи супстанции во количина од 30 или повеќе килограми на секои шест месеци,

- проверка на опрема која содржи супстанции во количина од 300 или повеќе килограми на секои три месеци,
- санирање на секое откриено истекување колку што е можно побрзо, но не подоцна од 14 денови од денот на истекувањето,
- проверка на опремата од истекувања во рок од еден месец по санирањето на истекувањето за да се осигура дека поправката има ефект,
- евиденција на проверките на истекувањата од опремата и
- означување на опремата.

(14) Евиденцијата од ставот (13) алинеја 6 на овој член се води во евидентна книшка за проверка на истекувањата од страна на правното лице односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

(15) Правното лице односно трговец поединец кое поседува средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење задолжително ја означува опремата која ја поседува согласно со ставот (13) алинеја 7 на овој член.

(16) Издадените, одземените и продолжените лиценци, како и лиценците кои престанале да важат, се евидентираат во Регистарот на лиценци кој го води и одржува стручниот орган на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и истиот се објавува на веб-страницата на стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина.

(17) Видот на категориите на лиценците од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на видот на активностите за постапување со средства за ладење и/или производите кои содржат средства за ладење.

(18) Начинот на собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(19) Формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот (11) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(20) Формата и содржината на евидентната книшка за проверка на истекувањата од ставот (14) на овој член, формата и содржината на ознаката од ставот (15) на овој член, како и начинот на водење на евидентната книшка ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(21) Формата и содржината на Регистарот од ставот (16) на овој член, како и начинот на неговото водење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-в

(1) Стручниот испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење (во натамошниот текст: стручен испит) се полага заради проверка на потребното стручно знаење за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

(2) Стручен испит може да полага лице кои ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има живеалиште во Република Северна Македонија,
- да има завршено најмалку IV степен средно образовани или VI степен вишо образование или високо образование со најмалку VII/1, односно диплома со најмалку 180 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и
- да има уверение за завршена обука за постапување со средства за ладење.

(3) Надоместокот за полагање на стручниот испит од ставот (1) на овој член изнесува не повеќе од 10 евра во денарска противвредност.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>
Членот 22-в утврден во членот 3 од овој закон ќе започне да се применува од 1 Јануари 2016 година

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Службен В. на Р.М. бр: 192/2015 од 05.11.2015

Член 14
Во Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија број 42/14), во членот 16 став (2) датата 1 јануари 2016 се заменува со датата 1 јануари 2017.

Член 22-г

(1) Уверение за завршена обука за постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење издава правното лице кое е овластено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за спроведување обука за постапување со средства за ладење, како и/или со производи кои содржат средства за ладење.
(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишуваминистерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Обука за постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да врши правното лице кое ги исполнува следниве услови:
- поседува опрема за практична обука,
- има програма за обука за правилно ракување, сервисирање, собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење која е одобрена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и
- има вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на техничките науки кое има најмалку пет години искуство во областа на постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење.
(4) Формата и содржината на програмата за обука за правилно ракување, сервисирање, собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење, поблиските услови што треба да ги исполнуваат правните лица од ставот (3) на овој член, како и начинот за овластување за вршење на обука од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води евиденција на правните лица кои вршат обука за постапување со средствата за ладење во Република Северна Македонија и лицата кои добиле уверение за завршена обука за постапување со средствата за ладење.
(6) На кандидатот му се издава потврда за завршена обука доколку посетувал најмалку 80% од времето предвидено за обуката.
(7) По завршената обука кандидатот може да го полага стручниот испит најдоцна во рок од една година од завршување на обуката.
(8) Висината на цената за посета на обуката за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење не го надминува износот од 30.000 денари и истата се определува согласно со реално направените трошоци за организирање на обуката кои се однесуваат на трошоците за набавка на материјали за обука, средства за ангажирање на обучувачи како и административни трошоци за обука.
(9) Висината на цената за посета на обуката за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-д

(1) Стручниот испит се состои од два дела и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.
(2) Првиот дел од стручниот испит од ставот (1) на овој член се полага по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(3) Вториот дел на стручниот испит се состои од:
- работа на практичен пример и
- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-ѓ

(1) Стручниот испит се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.
(2) Програмата за полагање на испитот од соодветната област ја донесуваминистерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Член 22-е

(1) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на стручниот испит од членот 22-о од овој закон ги подготвуваат стручни лица од соодветната област кои имаат најмалку пет години работно искуство во областа на ладилната техника, определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Прашањата од првиот дел од стручниот испит и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува Комисија составена од:
- двајца претставници и нивни заменици од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина назначени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и
-три претставника и нивни заменици од редот на стручни лица од соодветната област кои имаат најмалку пет години работно искуство во областа на ладилната техника.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери од овој закон најмалку еднаш годишно.
(4) При ревизијата Комисијата од ставот (2) на овој член особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на прашањата и практичните примери.
(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.
(6) Стручните лица од ставот (1) на овој член и членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.
(8) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член не може да го надминува нивото на три просечни месечни плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-ж

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши:
- органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кој технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија избрано од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за првиот дел од стручниот испит и
- органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кој технички го спроведува правното лице кое е овластено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за спроведување обука за постапување со средства за ладење, како и/или со производи кои содржат средства за ладење од членот 22-г, кое го спроведува вториот дел од стручниот испит.
(2) Министерот од ставот (1) на овој член, определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.
(3) На одговорното лице од ставот (2) на овој член, за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-з

Стручниот испит се спроведува најмалку еднаш годишно.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-ѕ

(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит пропишани со овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Член 22-и

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.
(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Член 22-ј

На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот наредени термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 13.11.2015 >>

Член 22-к

(1) Првиот дел од испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(2) Вториот дел од испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со опрема која е потребна за демонстративно изведување на практични примери од испитот, како и интернет врска и опрема за снимање на полагањето.
(3) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Јавниот радиодифузивен сервис.
(4) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Правните лица кои го спроведуваат стручниот испит треба да ги исполнуваат просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит кои услови поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(6) Во просторијата за полагање на првиот дел од испитот, за време на полагање на испитот треба да се присутни двајца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и еден претставник од Министерството за дигитална трансформација.
(7) Во просторијата за полагање на вториот дел од испитот, за време на полагање на испитот треба да е присутен еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и двајца претставници од правното лице кое е овластено од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за спроведување обука за постапување со средства за ладење, како и/или со производи кои содржат средства за ладење.
(8) На преставниците од ставовите (6) и (7) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина донесува решение.
(9) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитни сесии.
(10) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирање на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
(11) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
(12) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронски записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на испитната сесија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Член 22-л

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.
(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.
(3) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарите од членот 22-к став (6) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.
(4) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(5) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(6) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на стручен испит во траење од три години, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(7) Во случаите од ставот (6) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.
(8) Овластените претставници од членот 22-к став (6) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-љ

(1) Ако во текот на полагањето на стручниот испит настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на испитот донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Против решението на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Член 22-м

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).
(2) Вториот дел од испитот се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-н

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 25 прашања со три опции за заокружување од кои една е точна, една е слична и една е неточна.
(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандидатот да го положи првиот дел од испитот.
(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот(2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-њ

(1) Вториот дел од стручниот испит се состои од практичен пример.
(2) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-о

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.
(3) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.
(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.
(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 50 прашања, како и јавно достапна база од најмалку десет практични примери за потребите на вториот дел од испитот.
(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот.
(8) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот веднаш по неговото завршување.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-п

(1) На денот на полагањето на првиот дел од испитот, претставник на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со која му се одобрува пристап во електронскиот систем.
(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од базите од членот 22-е.
(3) На денот на полагање на вториот дел од испитот претставник на органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина го идентификува кандидатот со документ за лична идентификација со што му се одобрува пристап во просторијата за полагање.
(4) По добивање на пристапот кандидатот добива прашање во вид на практичен пример и прашања кои усно ги одговара додека ја врши демонстрацијата на практичниот пример.
(5) Првиот дел од испитот содржи упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-р

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, односно техниката врз која се врши демонстрацијата за вториот дел од испитот, полагањето на испитот се прекинува.
(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-с

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Член 22-т

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Член 22-ќ

(1) На барање на кандидатот органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување непосреден увид во тестот.

(2) Доколку кандидатот два пати не го положил испитот е должен повторно да посетува обука за постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-у

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, како и снимките од одржаните испити се чуваат во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во период од пет години.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Комисија за ревизија наодржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2)на овој член и во која, покрај претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, членуваат и претставник од Владата на Република Северна Македонија и информатичар од Министерството за дигитална трансформација.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведувањето на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 22-в од овој закон, за што доставува извештај до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение.

(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 22-л од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 22-т од овој закон.

(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата од ставот (3) на овој член во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Член 22-ф

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот доколку правното лице каде што е вработен не ги плати.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот кој раководи со органот на

државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот.
(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.
(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот уплатените средства се враќаат согласно со закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 22-х

Членот 22-х се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Забрана на примена на технологии, технолошки линии, производи, полупроизводи и суровини

Член 23

(1) Секоја домашна или увезена технологија, технолошка линија, производ, полупроизвод и/или суровина којашто не ги исполнува пропишаните норми за заштита на животната средина не може да се користи на територијата на Република Северна Македонија.
(2) Технологиите, технолошките линии, производите, полупроизводите и/или суровините кои се забранети во земјата производител и во земјата извозник, не смеат да се увезат во Република Северна Македонија.
(3) За домашни и/или увезени технологии, технолошки линии, производи, полупроизводи и/или суровини во Република Северна Македонија, увозникот и/или корисникот, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, приложува документ издаден од овластен орган на земјата - производител и на земјата - извозник, со кој се докажува дека домашната и/или увезената технологија, технолошка линија, производи, полупроизводи и/или суровини ги исполнуваат пропишаните норми за заштита на животната средина на државата од која потекнуваат и дека истите не се забранети во земјата - производител и во земјата - извозник.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да побара акредитирано правно и физичко лице да изврши оцена на технологијата, технолошката линија, производите, полупроизводите или суровините од ставот (3) на овој член, доколку има одредени сознанија за нивните негативни влијанија врз животната средина.
(5) За да се стекнат со акредитација за оцена на технологија, технолошка линија, производ, полупроизвод или суровина, правните и физичките лица треба да имаат најмалку еден вработен со високо образование од технолошко металуршката, хемиската област или од областа на животната средина, со тригодишно работно искуство во струката, како и да располагаат со соодветни технички услови и средства, опрема и простории.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува поблиските услови во поглед на техничките услови и средства, опремата и просториите кои треба да ги исполнуваат правни и физички лица за да можат да бидат акредитирани за вршење на работите од ставот (4) на овој член, како и постапката за избор на акредитирано правно и физичко лице кое ќе изврши оцена на технологијата, технолошката линија, производите, полупроизводите или суровините.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Елаборат за заштита на животната средина

Член 24

(1) Правни или физички лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои, согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина (во натамошниот текст: елаборат), пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.
(2) Надлежниот орган за одобрување на спроведувањето на проектот од ставот (1) на овој член кој го одобрува вршењето на дејностите или активностите е должен елаборатот во рок од пет дена од денот на приемот да го достави до органот надлежен за одобрување на елаборатот согласно со видовите на дејноста или активноста утврдени со

прописот донесен врз основа на ставовите (4) и (5) од овој член.
(3) Формата и содржината на елаборатот согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно со обемот, дејностите и активностите се определуваат како дејности и активности од поголем и помал обем, при што дејности или активности од помал обем се определуваат согласно со прописите за вршење на трговска, занаетчиска и земјоделска дејност.
(4) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на
стручни работи од областа на животната средина.
(5) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје.
(6) Постојните правни и физички лица кои вршат дејности и активности определени со прописите од ставовите (4) и (5) на овој член се должни да изработат елаборат или да го изменат постојниот елаборат со цел да го усогласат своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии.
(7) Органот надлежен за одобрување на елаборатот од ставовите (4) и (5) на овој член издава решение со кое го одобрува елаборатот или не го одобрува елаборатот, како и рокот за секој постоен капацитет во кој треба да се усогласи со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии во согласност со постапката утврдена во ставот (3) од овој член.
(8) Органот надлежен за одобрување на спроведувањето на елаборатот од ставот
(1) на овој член ќе одбие спроведувањето на проект, односно ќе одбие одобрување на вршење на дејностите или активностите доколку не се обезбеди решение за одобрување на елаборатот од надлежниот орган утврден во согласност со прописот донесен врз основа на ставовите (4) и (5) од овој член.
(9) Органот надлежен за одобрување на елаборатот од ставовите (4) и (5) на овој член води Регистар за одобрените елаборати.
(10) На решението од ставот (7) на овој член, правните и физичките лица имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
(11) Надлежниот орган за одобрување на елаборатот од ставот (7) на овој член е должен да донесе решение со кое го одобрува елаборатот или не го одобрува елаборатот, во рок од 15 дена од денот на приемот на елаборатот од ставот (2) на овој член;
(12) Доколку надлежниот орган за одобрување на елаборатот утврди дека елаборатот не ги содржи барањата од ставот (3) на овој член, ќе побара правното или физичкото лице да го дополни елаборатот во рок од 15 дена;
(13) Спроведувањето на постапката за издавање на елаборати за заштита на животната средина, како и водењето на Регистарот може да се врши и на електронски начин.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Ограничување на правата на сопственост во врска со заштитата на животната средина

Член 25

Заради остварување на мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина, правото на сопственост и/или другите стварни права, може да се одземат и/или да се ограничат, под услови, на начин и постапка определена со закон.

IV. ПОСЕБНИ ОБВРСКИ И МЕРКИ

Известување на јавноста за загадување на животната средина и за преземање и воведување на задолжителни мерки

Член 26

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ја информира јавноста за случаите на надминување на дозволените емисии и во другите случаи на загадување на животната средина од поголеми размери, како и за мерките утврдени со овој или друг закон кои се

преземени или воведени или задолжително се преземаат или воведуваат во случаите на надминувањето или загадувањето на животната средина.
(2) Градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје, во рамките на нивните со закон утврдени надлежности кои се однесуваат на заштитата на животната средина, се должни да ја информираат јавноста за случаите на надминување на дозволените емисии и во другите случаи на загадување на животната средина и да донесуваат посебен акт за преземање задолжителни мерки во случаите наведени во ставот (1) од овој член, доколку загадувањето е ограничено само на подрачјето на општината и градот Скопје и нема влијание на поширокаta област и за тоа ја известуваат јавноста, на начинот што е утврден со закон и со статутот на општината и на градот Скопје.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Член 26-а

Определување на јавноста
(1) Органите кои донесуваат одлуки или плански документи согласно со одредбите на овој закон, а во кои е предвидено учество на јавноста се должни при постапката на нивното донесување да ја определат јавноста која ќе биде засегната или веројатно ќе биде засегната со спроведувањето на донесените одлуки или плански документи, или има интерес во спроведувањето на донесените одлуки или плански документи.
(2) Органите од ставот (1) на овој член се должни своите одлуки за определување на јавноста од ставот (1) на овој член, да ги направат достапни на јавноста уште во најраната фаза на отпочнување на постапката за донесувањето на одлуките или планските документи.
(3) Определувањето на јавноста од ставот (1) на овој член се врши во согласност со одредбите на прописот донесен врз основа на членот 61 став (8) од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Означување на производите и пакувањата за нивното влијание врз животната средина

Член 27

(1) Производите, полупроизводите, суровините и хемикалиите, како и нивните пакувања, можат да се пуштаат во промет, само ако имаат ознака на којашто, во согласност со закон, е означена можноста за загадување или за можното штетно влијание на производите, полупроизводите, суровините и хемикалиите, како и на нивните пакувања врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето.
(2) Производителите и увозниците на хемикалии или производи се должни, пред да ги продадат или да ги увезат, да обезбедат податоци за нивните особини и ефекти, според кои можат да се класифицираат, пакуваат и да се означат, на начин како што е пропишано со закон.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата и трудот во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот на означување на производот и на пакувањата на производот, полупроизводите, суровините и хемикалиите, видот на ознаката и нивната содржина од аспект на влијанието на пакувањето врз животната средина и начинот на
постапување со пакувањето и со одредени искористени производи, полупроизводи и суровини.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Обврска за заштита на животната средина и еколошко чисто подрачје

Член 28

(1) Секое правно и физичко лице коешто спроведува проект, односно активности, е должно да преземе мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и враќање на животната средина во задоволителна состојба, на начин утврден со решението со кое се одобрува спроведувањето на проектот, односно на активноста.
(2) Правните и физичките лица од ставот (1) на овој член се должни да ги чуваат податоците за користените природни богатства, суровини и енергија, емисиите на загадувачки материи и супстанции, видовите, карактеристиките и количествата на создадениот отпад, како и другите податоци предвидени со овој или со друг закон.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги прогласува еколошко чистите подрачја.
(4) Критериумите, начинот и постапката за прогласување на еколошко чисто подрачје, како и начинот на водење и содржината на евиденцијата од ставот (5) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната

управа надлежен за работите од областа на животната средина, во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанство и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата и трудот.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да води, одржува и објавува евиденција на прогласените еколошко чисти подрачја и да ја ажурира евиденцијата најмалку еднаш годишно.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Идентификување на контаминирано подрачје

Член 28-а

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги идентификува контаминираните подрачја на територијата на Република Северна Македонија согласно со начинот на идентификација на контаминираните подрачја од методологијата од ставот (4) на овој член и нивото на присуство на опасни супстанции од ставот (3) на овој член.
(2) Идентификацијата на контаминираното подрачје се врши врз основа на видот и нивото на присуство на опасни супстанции во медиумите на животната средина согласно со прописот од ставот (3) на овој член.
(3) Видот и нивоата на присуство на опасните супстанции во медиумите за животна средина за определување на подрачје како контаминирано, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.
(4) Методологијата за идентификација на контаминирано подрачје ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина доставува предлог до Владата на Република Северна Македонија идентификуваното подрачје од ставот (1) на овој член да се определи како контаминирано, со утврдување на забранетите активности на истото.
(6) Владата на Република Северна Македонија со Одлука го определува идентификуваното подрачје од ставот (1) на овој член за контаминирано подрачје на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(7) При идентификувањето на контаминираните подрачја задолжително се врши мерење на нивото на присуство на опасни супстанции.
(8) За мерењето на нивото на присуство на опасни супстанции од ставот (6) на овој член, Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува годишна програма за контаминирани подрачја.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

План за управување со контаминирано подрачје

Член 28-б

(1) За подрачјето кое е утврдено како контаминирано согласно со членот 28-а од овој закон сопственикот на подрачјето подготвува План за управување со контаминирано подрачје, кој го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на одобрување.
(2) Владата на Република Северна Македонија го усвојува Планот за контаминирано подрачје на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Планот од ставот (1) на овој член најмалку содржи:
- историјат на дејностите и активностите кои се одвивале на локацијата,
- хемиска анализа со која се одредува нивото на концентрацијата на опасните супстанции во медиумите на животната средина,
- ниво на концентрација на опасни супстанции во почвата,
- анализа на ниво на концентрација на опасни супстанции и споредба на ризикот за здравјето на луѓето и за животната средина во однос на тековното и идното користење на подрачјето,
- извештај од прелиминарна оценка и извештај од прелиминарното истражување;
- аналитичка стратегија за земање на примероци,
- работен план за карактеризација на подрачјето,

- извештај за карактеризација на подрачјето,
- проект за ремедијација со мерки, активности и видови на субјекти и
- содржина на извештајот за спроведена ремедијација.

(4) Планот од ставот (1) на овој член е составен дел на договорот или друг правен акт за стекнување право на користење или сопственост на контаминираното подрачје, и без негово приложување не може да се изврши заверка на договорот за купопродажба, додели концесија или основа јавно приватно партнерство.

(5) Формата и содржината на Планот за управување со контаминирано подрачје ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.

(6) Подготовката на Планот од ставот (1) на овој член за подрачје кое е идентификувано како контаминирано и е во приватна сопственост, сопственикот може да ја довери на домашно или странско правно лице или научна институција со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Комитет за контаминирано подрачје

Член 28-в

(1) Владата на Република Северна Македонија за изготвување на Планот од член 28-б од овој закон за контаминирано подрачје кое е во државна сопственост формира Комитет за контаминирано подрачје составен од претставници од раководните структури на:
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина,
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството,
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата и трудот,
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа земјоделство, шумарство и водостопанство,
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната,
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од управување со кризи,
- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од заштита и спасување,
- единицата на локална самоуправа на чие подрачје се наоѓа контаминираното подрачје и
- домашни и странски научни и образовни институции со искуство во постапување со контаминирани подрачја како и во заштитата на медиумите на животната средина.

(2) Во работата на Комитетот за контаминирано подрачје (во натамошниот текст: Комитетот) можат да учествуваат и меѓународни експерти со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја и заштита на медиумите на животната средина.

(3) Подготовката на Планот за управување со контаминирано подрачје, Владата на Република Северна Македонија може да ја довери и на домашно или странско правно лице или научна институција со искуство во постапувањето со контаминирани подрачја, избрана согласно со прописите за јавни набавки.

(4) Комитетот може да биде формиран за постапување со едно или повеќе контаминирани подрачја.

(5) Комитетот го подготвува Планот за управување со контаминирано подрачје и истиот го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на одобрување.

(6) Владата на Република Северна Македонија го усвојува Планот за контаминирано подрачје согласно со членот 28-б став (2) од овој закон.

(7) Членовите на Комитетот за својата работа добиваат надоместок за учество во работата на Комитетот и тоа по учество на седница.

(8) Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член, го определува Владата на Република Северна Македонија.

(9) Стручно-административните работи на Комитетот ги врши стручниот орган на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Спроведување на Планот за управување со контаминирано подрачје во државна сопственост

Член 28-г

(1) За спроведувањето на Планот за управување со контаминирано подрачје од членот 28-б од овој закон, Владата на Република Северна Македонија ангажира домашно или странско правно лице или истото може да го довери на домашна или странска научна институција која ги исполнува условите од овој член согласно со прописите за јавни набавки.
(2) Општите услови кои треба да ги исполни правното лице од ставот (1) на овој член се најмалку тригодишно искуство во постапување со контаминирани подрачја, како и најмалку две спроведени ремедијации на контаминирани подрачја.
(3) Посебните услови кои треба да ги исполни правното лице од ставот (1) на овој член ги определува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во соработка со Комитетот согласно со активностите дефинирани во Планот за управување со контаминираното подрачје во зависност од карактеристиките на контаминираното подрачје.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го следи спроведувањето на Планот за управување со контаминирано подрачје од членот 28-б од овој закон.
(5) За спроведување на Планот за управување со контаминирано подрачје, правното лице од ставот (1) на овој член, доставува извештај за спроведување на Планот до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина согласно со временскиот распоред утврден во Планот.
(6) Извештајот за спроведена редмедијација од членот 28-б од овој закон, кој е составен дел од Планот за управување со контаминирано подрачје, правното лице од ставот (1) на овој член, го доставува до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(7) По спроведената ремедијација од страна на правното лице од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина доставува извештај за спроведена ремедијација на контаминираното подрачје до Владата на Република Северна Македонија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Еколошка ознака и забрана за употреба на еколошка ознака

Член 29

(1) На производителите на производи за широка потрошувачка, освен на производителите на прехранбени производи, пијалаци и фармацевтски производи, кои во процесите на производство, промет и постапување со отпадоците применуваат техники и технологии со кои се овозможува помало оптоварување на животната средина и во споредба со другите производи од истата група помалку ја оптоваруваат животната средина, може да им се додели еколошка ознака.
(2) Еколошка ознака може да им се додели и на правните и физичките лица кои вршат услуги, кои во споредба со вршителите на услуги од истата група, вршат помало загадување и со тоа придонесуваат за заштита и за унапредување на животната средина.
(3) Еколошката ознака не може да се употребува на супстанции или препарати кои се означени како токсични и опасни за животната средина или кои се канцерогени, токсични за репродукција или мутагени, ниту пак на производите кои се изработуваат во процеси кои можат да бидат опасни за животот и здравјето на луѓето или за животната средина или чијашто вообичаена примена може да биде опасна за потрошувачите.
(4) Еколошката ознака ја доделува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, врз основа на барање на правно и физичко лице, а на предлог на Комисијата за еколошка ознака, во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(5) Еколошката ознака се користи врз основа на договор за користење на еколошката ознака склучен меѓу органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и корисникот на ознаката. Во договорот особено се утврдуваат условите за користење на ознаката и надоместокот за користење на ознаката.
(6) Комисијата за еколошка ознака ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината на еколошката ознака, начинот, условите и постапката за нејзиното доделување и користење, како и составот и начинот на формирање и работа на Комисијата за еколошка ознака.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува програма за доделување на еколошка ознака, на предлог на Комисијата за еколошка ознака.
(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува одделните критериуми за одделните групи на производи и услуги кои треба да се исполнуваат за добивање на еколошка ознака, како и начинот и постапката за нивното утврдување.

<< Консолидација: Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14, 15, 16, 18 и 19 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 39/2016) ќе започнат да се применуваат

со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>

Доброволно договарање

Член 30

(1) Органите и организациите кои застапуваат одредени интереси, групи оператори и поединечни оператори, можат да склучат доброволни договори со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, со цел во одделни медиуми на животната средина да се постигне повисок степен на заштита од оној предвиден со овој закон и со посебните закони.
(2) Постапката на доброволно договарање ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Потпишаниот доброволен договор е обврзувачки и за неизвршување на
одредбите содржани во него соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Шема за управување со животната средина и за ревизија

Член 31

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги поддржува правните и физичките лица кои вршат стопанска или друга дејност, научните и образовните организации и институции, како и органите на државната власт, кои заштитата на животната средина ја организираат според европската шема за управување со животната средина и за ревизија.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува шемите за управување со животната средина и за ревизија (EMAS) од ставот (1) на овој член.

Член 31-а

Листа на стандарди Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина објавува Листа на усвоени стандарди од областа на животната средина во "Службен весник на Република Северна Македонија".

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

V. МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Мониторинг

Член 32

(1) Мониторингот на медиумите и областите на животната средина се врши преку:
- систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата на медиумите и областите на животната средина во целина и
- идентификација и регистрирање на изворите на загадување на одделните медиуми и областите на животната средина.
(2) За мониторингот на медиумите и областите на животната средина е надлежен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) За спроведување на мониторингот од ставот (1) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува Стратегија за мониторинг на животната средина.
(4) Врз основа на стратегијата од ставот (3) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува Програма за мониторинг на животната средина.
(5) Формата, содржината, методологијата и начинот на изработка на Програмата за мониторинг на животната средина и содржината на Стратегијата за мониторинг на животната средина ја пропишува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина".

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Формирање на државни мрежи за мониторинг на животната средина

Член 33

(1) Со цел да се врши мониторинг на медиумите и областите на животната средина, на територијата на Република Северна Македонија се воспоставува државна мрежа за мониторинг на животната средина, којашто се состои од државните мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области на животната средина (во натамошниот текст: државни мрежи за мониторинг), која ја формира Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството.
(2) Начинот, постапката и образецот на кој се доставуваат податоците до државната мрежа ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа кој, според посебниот закон, е определен како надлежен за вршење на работите во соодветниот медиум или област на животната средина.
(3) Средствата за формирањето, работењето, одржувањето и развојот на државните мрежи за мониторинг се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од други извори, во согласност со закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Локални мрежи за мониторинг

Член 34

(1) За мониторинг на одделни медиуми и области на животната средина, општината и градот Скопје, во согласност со посебниот закон, можат да формираат локални мрежи за мониторинг.
(2) Средствата за формирањето, работењето, одржувањето и развојот на локалната мрежа за мониторинг се обезбедуваат од буџетот на општината и на градот Скопје и од други извори, во согласност со закон и актот на општината и на градот Скопје.

Делегирање на правото за вршење мониторинг

Член 35

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да го делегира вршењето мониторинг на соодветниот медиум или област на животната средина од државната мрежа, на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, или на други органи на државната управа.

Интерен мониторинг

Член 36

(1) Правните и физичките лица кои имаат извор на емисија и технолошките процеси и со своите активности влијаат врз еден или повеќе медиуми и области на животната средина и/или користат природни богатства се должни, во согласност со посебниот закон, да вршат интерен мониторинг на изворите на емисија, односно на искористувањето на природни богатства. Правните и физичките лица кои со своите активности придонесуваат во имисиите, вршат мониторинг и на имисиите во согласност со интегрираните еколошки дозволи.
(2) Лицата од ставот (1) на овој член се должни мониторингот од ставот (1) на овој член да го вршат со користење на уреди и инструменти одобрени во постапката за верификација на мерилата, утврдена со закон, како и да ги одржуваат уредите и инструменти те за мониторинг во исправна состојба.
(3) Лицата од ставот (1) на овој член, мониторингот од ставот (1) на овој член, можат да го вршат преку сопствени служби или преку акредитирани научни и стручни организации и други правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење мониторинг.
(4) Доколку обврската за мониторингот од ставот (1) на овој член е утврдена во обврзувачките услови содржани во интегрираните еколошки дозволи, а издадени во согласност со овој или со посебниот закон, лицата од ставот (1) на овој член се должни да вршат мониторинг во согласност со тие услови.
(5) Лицата од ставот (1) на овој член се должни:
- редовно да ги следат емисиите, технолошките процеси и влијанието врз животната средина (преку мерење на емисиите, односно пресметување и процена на количествата емисии) од изворот на загадувањето, на начин што е предвиден со посебниот закон,
- редовно да ги следат имисиите во непосредна близина на изворите на емисиите определени со посебниот закон или прописот донесен врз основа на тој закон и на начин утврден во интегрираната еколошка дозвола,
- редовно да го следат искористувањето на природни богатства на начин што е предвиден со посебниот закон или

прописот донесен врз основа на тој закон,
- податоците од редовните следења, еднаш месечно, најкасно секој петти во тековниот месец и/или согласно со роковите утврдени во интегрираните еколошки дозволи или дозволи за усогласување со оперативен план, да ги доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и
- на барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да ги достават податоците од алинеите 1, 2 и 3 на овој став во рок пократок од утврдениот во алинејата 4 од овој став.

<< Консолидација: Влегува во сила на 17.04.2010 >>
Дејуре Забелешка: Зборовите "тековниот месец" се во алинеа 3.

Методологија

Член 37

(1) Мониторингот на одделните медиуми и области на животната средина преку државните и локалните мрежи, како и мониторингот што го вршат лицата од членот 36 на овој закон, се врши според методологија пропишана со посебните закони.
(2) Органите на државната управа, органите на општината и на градот Скопје и лицата од членот 36 на овој закон се должни, без надоместок, податоците од мониторингот да ги доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на начин и под услови што ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Заради процена на ризикот по здравјето на луѓето од негативните влијанија врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен редовно да ги доставува резултатите од мониторингот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Овластени научни и стручни организации

Член 38

(1) Мониторинг на одделните медиуми и области на животната средина можат да вршат и акредитирани или овластени научни и стручни организации и други правни лица, на начин и под услови определени со посебен закон.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја воспоставува и ја одржува листата на научните и стручните организации од ставот(1) на овој член.

Доставување на податоците од мониторингот на меѓународните организации

Член 39

(1) Заради исполнување на обврските на Република Северна Македонија, преземени со ратификуваните меѓународни договори, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги доставува податоците добиени од мониторингот и податоците кои се однесуваат на животната средина, до меѓународните организации и тела.
(2) Податоците од ставот (1) на овој член, како и извештаите за состојбата со животната средина се доставуваат до релевантните меѓународни организации и тела на начин, постапка и во рокови предвидени согласно со барањата содржани во меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

VI. НАЦИОНАЛЕН ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Национален информативен систем за животна средина

Член 40

(1) Заради управување со податоците за состојбата на животната средина на територијата на Република Северна Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува развива, води и координира Национален Информативен систем за животната средина (во натамошниот текст: Информативен систем).
(2) Работите на Информативниот систем од ставот (1) на овој член ги врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина - Македонскиот информативен центар за животна средина.
(3) Информативниот систем се воспоставува, развива, води и се координира, на начин што обезбедува база на релевантни податоци - сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбата, квалитетот и

трендовите на сите медиуми и области на животната средина, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање заради интегрално управување со заштита на животната средина и/или со поединечните медиуми или области на животната средина, како и за следење на имплементацијата на документите за одржлив развој и заштита на животната средина.
(4) Информативниот систем од ставот (1) на овој член опфаќа собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на податоци и информации добиени од државната мрежа за мониторинг, локалната мрежа за мониторинг, од мониторингот кој го вршат лицата од членот 36 на овој закон, на одделните медиуми и области на животната средина, како и податоците од членовите 41 и 42 на овој закон и Националната Книга на параметри за животна средина.
(5) Националната книга на параметри за животна средина од ставот (4) на овој член ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Националната книга на параметри за животна средина особено ги содржи називите на тематските целини, назив на индикаторите и поврзаноста со усвоените национални индикатори, дефиниции и поврзаност на параметрите со регулативата, класификација согласно движечки сили, притисок, состојба, импликации и реакции, степен на приоритет, методологија за пресметување, единечна мерка, начин на претставување, извор и сет на податоци и честота на собирање, обврска за известување, достапност на податоци, начин на доставување на податоци и краен рок за доставување на податоците поврзани со параметрите за животна средина.
(6) Формата, содржината, начинот на водење и одржување на Националниот информативен систем за животна средина, формата и содржината на обрасците и роковите за доставување на податоците и информациите за состојбата со животната средина од ставот (4) на овој член до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, начинот на управување со тие податоци и нивното публикување ги пропишува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 40-а

Доставување податоци
(1) Заради континуирано и ефикасно одржување и развој на Информативниот систем за животна средина, правните и физичките лица од членот 36 на овој закон, правните и физичките лица кои вршат мониторинг на животната средина како дел од државната и/или локалната мрежа за мониторинг, како и правните и физички лица кои вршат мониторинг или собираат податоци за животната средина се должни да ги доставуваат податоците и информациите за животната средина до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на начин и постапка утврдени со членот 40 став (5) од овој закон, како и со посебните закони.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да побара субјектите од ставот (1) на овој член да доставуваат повремени и/или периодични, обработени и/или необработени податоци и информации за животната средина кои ги поседуваат, кои се релевантни за донесување на одлуки и спроведување на законските обврски поврзани со животната средина.
(3) Податоците и информациите од ставот (2) на овој член, врз основа на барањето од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, можат да се доставуваат во писмена, визуелна, аудио, електронска и/или во која било друга достапна форма.
(4) Органите на државната управа кои поседуваат информации, вклучувајќи и
статистички податоци потребни за изработка на извештаите од членот 45 на овој
закон се должни истите, без надоместок, да ги направат достапни на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина согласно со ставот (2) од овој член.
(5) Правните и физичките лица од членот 36 на овој закон, како и правните и физичките лица кои вршат мониторинг на животната средина се должни на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да му обезбедат непречен пристап и користење на податоците потребни за Националниот информативен систем за животна средина, без надоместок.

<< Консолидација: Влегува во сила на 17.04.2010 >>

Регистар за испуштање и пренесување на загадувачи

Член 41

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува и одржува Регистар за испуштање и пренесување на загадувачи (во натамошниот текст: Регистар на загадувачи), којшто е составен дел на Катастарот за животна средина.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината, методологијата и начинот на водењето на Регистарот од ставот (1) на овој член.
(3) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, за своите подрачја, можат да воспостават и одржуваат Регистар на загадувачи. Податоците од регистарот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје, најмалку еднаш месечно, во согласност со прописот од членот 40 став (5) на овој закон ги доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Правните и физичките лица се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржувањето на Регистарот на загадувачи од ставот (1) на овој член, во согласност со прописот од членот 40 став (5) на овој закон и во согласност со издадените интегрирани еколошки дозволи.

<< Консолидација: Влегува во сила на 17.04.2010 >>

Катастар за животната средина

Член 42

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го воспоставува и одржува единствениот Катастар за животната средина (во натамошниот текст: Катастар), кој ги вклучува Катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, Катастарот на создавачите на бучава, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја, Регистарот на загадувачи и другите катастари утврдени со посебните закони.
(2) Катастарот од ставот (1) на овој член содржи податоци за активностите и за инсталации кои ја загрозуваат или можат да ја загрозат животната средина, а особено податоци за:
- името или називот на операторот и адресата на локацијата на инсталација,
- краток опис на активностите и на техничкиот процес,
- значајни податоци кои се однесуваат на емисиите, опасните супстанции присутни во постројките, создавањето отпад, користењето на природните богатства и на енергијата,
- издадени дозволи и измените и дополнувањата на дозволи и
- за контролата што се врши, за значајните резултати и за преземените мерки.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува формата, содржината и начинот на востановување и водење на Катастарот.
(4) Правните и физичките лица се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржување на соодветните катастри од ставот (1) на овој член, во согласност со прописот од членот 40 став (5) на овој закон и во согласност со издадените интегрирани еколошки дозволи.
(5) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, за своите подрачја, можат да воспостават и одржуваат катастар за животната средина. Податоците од катастарот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, најмалку еднаш во секое тримесечје градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје, ги доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 17.04.2010 >>

Лица овластени за изготвување на катастар и регистар

Член 43

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје, можат изготвувањето и одржувањето на Регистарот на загадувачи од членот 41 на овој закон и Катастарот од членот 42 на овој закон, да го доверат на овластено правно лице.
(2) Овластените правни лица од ставот (1) на овој член ги изготвуваат Регистарот на загадувачи од членот 41 во согласност со членот 41 став (2) на овој закон и Катастарот од членот 42 во согласност со членот 42 став (3) на овој закон доколку ги исполнува потребните услови во поглед на кадар и опрема.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува условите од ставот (2) на овој член што треба да ги исполнат правните лица за да можат да ги изготвуваат и одржуваат Регистарот на загадувачи и Катастарот, како и постапката во која се доделува овластувањето за изготвување и одржување на Регистарот на загадувачи од членот 41 на овој закон и Катастарот од членот 42 на овој закон.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува и одржува листа на овластените правни лица од ставот (1) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 17.04.2010 >>

Контрола на прекуграничните влијанија

Член 44

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги презема сите неопходни мерки заради контрола на прекуграничните влијанија врз медиумите и областите на животната средина, врз основа на податоците добиени од мониторингот на животната средина и во согласност со ратификуваните меѓународни договори.

Извештај за состојбата на животната средина

Член 45

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина секоја година изготвува годишен извештај за квалитет на животната средина во Република Северна Македонија.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со другите органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина, секоја втора година изготвува индикаторски извештај за животната средина (во натамошниот текст: индикаторскиот извештај), а на секои четири години изготвува извештај за состојбата со животната средина во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: извештајот). Извештајот и индикаторскиот извештај се достапни на јавноста во согласност со одредбите од Главата VIII на овој закон.

(3) Извештајот и Индикаторскиот извештај од ставот (2) на овој член ги усвојува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Владата на Република Северна Македонија извештајот го поднесува до Собранието на Република Северна Македонија заради информирање.

(4) Формата, содржината, целите, начинот на изработка и видот и изворите на податоци кои се користат за изработка на извештајот, како и начинот на оценувањето на извештајот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да изготват извештај за состојбата на животната средина на нивното подрачје. Извештајот е достапен на јавноста во согланост со одредбите од Главата VIII на овој закон.

(6) Градоначалникот на општината, на општините во градот Скопје и на градот Скопје го доставува извештајот од ставот (5) на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, за одобрување.

(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е надлежен за публикување и дистрибуција на извештајот од ставот (2) на овој член.

(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за изработка на извештајот од ставот (2) на овој член, формира координативно тело составено од претставници на органи, организации и институции кои поседуваат податоци од областа на животната средина.

(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на предлог на координативното тело, формира работни групи за изработка на делови од извештајот од ставот (2) на овој член.

(10) Координативното тело изготвува проектни задачи за секоја работна група од ставот (9) на овој член, по кои ќе се изготвуваат соодветните делови од извештајот од ставот (2) на овој член.

(11) Средствата за изготвување и публикување на извештајот од ставот (2) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и други извори на средства утврдени со закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Информирање на меѓународните организации и тела

Член 46

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е надлежен за доставувањето на извештаите кои се однесуваат на животната средина до релевантните меѓународни организации и тела во согласност со меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е одговорно тело на државно

ниво за известување и координација на известувањето поврзани со состојбата со животната средина, кон меѓународните организации.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина соработува со Европската агенција за животна средина и известува во согласност со барањата на Европската информациска и набљудувачка мрежа (ЕИОНЕТ), како и со барањата на заедничкиот европски информативен систем за животна средина (СЕИС).

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

VII. ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Поддршка на истражувањата во областа на животната средина

Член 47

(1) Унапредувањето на заштитата на животната средина се заснова на:
- научниот и техничко технолошкиот развој,
- поттикнувањето, помагањето и организирањето на научни и на техничкотехнолошки истражувања,
- објавувањето на резултатите од истражувањата и нивната примена, како и
- оспособувањето и усовршувањето на кадри од областа на заштитата на животната средина, во согласност со овој и друг закон.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со органот на државната управа надлежен за работите од областа на науката, обезбедуваат поддршка на истражувањата за состојбите на животната средина и на проектите за заштита на животната средина врз основа на годишната програма која е дел од Програмата за инвестирање во животната средина од членот 172 на овој закон.

Образование во областа на заштитата на животната средина и одржлив развој

Член 48

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието и науката, треба да одобри наставни планови за основно или средно училиште, во кој како факултативен или задолжителен предмет се предвидува заштитата на животната средина.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во соработка со органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието е должен да им ја даде потребната поддршка на образовните и на научните институции, на стручните организации и на здруженијата на граѓани основани заради промовирање на заштитата на животната средина и одржливиот развој и спроведување на образовните активности.
(3) Владата на Република Северна Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието и органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина се должни да обезбедат поддршка за публикување на книги и брошури на теми поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина и одржливиот развој, со цел за да се подобри образованието во областа на заштитата на животната средина, кои се издаваат на начин и во постапка пропишана согласно со законите за основно и за средно образование.
(4) Општината, градот Скопје и општините во градот Скопје на своето подрачје, се должни да го поттикнуваат развојот на образованието и јавната свест во областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Признанија и награди

Член 49

(1) Признанијата и наградите за достигнувања во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина се доделуваат за:
- достигнувања во спречување на загадувањето на животната средина,
- најповолно решение во производствените процеси во однос на животната средина,
- развојни и истражувачки проекти во областа на заштитата на животната средина,
- достигнувања во одржливиот развој,
- развој на образовните програми за заштита на животната средина,
- придонес на правни лица во развојот и унапредувањето на заштитата на животната средина,
- придонес на поединци за заштитата, развојот и унапредувањето на животната средина или за придонес во меѓународната соработка во заштитата на животната средина и/или
- придонес на стручни и на други друштва или здруженија на граѓани за развојот и унапредувањето на заштитата на

животната средина.
(2) Признанијата и наградите ги доделува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на 21 март секоја година.
(3) Постапката, начинот и условите за доделување на наградите и на признанијата, како и начинот на работа и составот на Комисијата за награди и признанија, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Постапка за доделување признанија и награди

Член 50

(1) Доделувањето на наградите и признанијата се врши врз основа на конкурс што го објавува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Секое физичко и правно лице од Република Северна Македонија има право да предложи кандидат на конкурсот.
(3) Заради оцена на пристигнатите кандидатури, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Комисија за награди и признанија.
(4) Членовите на Комисијата за награди и признанија се избираат на предлог на органите на државната управа надлежни за работите од областа на животната средина, образованието и науката, економијата и трудот, здравството, градежништвото и земјоделството и на предлог на невладини организации, средства за јавно информирање, производители и научни и стручни институции со мандат од една година.
(5) Одлука за изборна субјектот на кој ќе му биде доделено признание или награда донесува Комисијата за награди и признанија, со двотретинско мнозинство, од вкупниот број членови на Комисијата.
(6) За одлуката, Комисијата е должна да го информира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од три работни дена од денот на донесувањето на одлуката.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>
Измената е во став 4

VIII. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Пристап до информации

Член 51

(1) Секој има право, без притоа да мора да го докажува својот интерес, од органите и правните и физичките лица определени во членот 52 став (1) од овој закон, да бара валидизирани информации и податоци што се однесуваат на животната средина. Информации те за животната средина можат да бидат во посед или да се поседуваат за органите и правните и физичките лица од членот 52 став (1) на овој закон.
(2) Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на:
1. Состојбата на медиумите и областите на животната средина, како што се воздухот и атмосферата, водата, почвата, земјиштето, биолошката и пределската разновидност, вклучувајќи ги и генетски модифицираните организми, како и меѓусебната интеракција на овие елементи;
2. Факторите, како што се материјата, енергијата, нуклеарните горива и нуклеарната енергија, бучавата, радијацијата или отпадот, вклучувајќи го и радиоактивниот отпад,
емисиите и другите облици на испуштања во животната средина кои влијаат или би може ле да влијаат на медиумите и областите на животната средина и на животот и здравјето на човекот;
3. Мерките, вклучувајќи ги и административните, како што се политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат директно или индиректно да влијаат врз медиумите, областите и врз факторите на животната средина, како и мерките или активностите за заштита на тие елементи;
4. Извештаите, за имплементацијата на законите и другите прописи и акти кои се однесуваат на животната средина;
5. Анализа на трошоците и на придобивките и другите финансиски и економски анализи и претпоставки кои се користат во рамките на преземените мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина од точката 3 на овој став и
6. Состојбите поврзани со животот и здравјето и со безбедноста на луѓето, безбедноста на прехранбените производи вклучувајќи го и влијанието на загадувањето во ланецот на исхрана, условите за живот на луѓето, местата од значење за културата и изградените објекти, во мерка во којашто тие се под влијание или би можеле да бидат под влијание на медиумите и областите на животната средина или преку влијанијата на тие медиуми и области врз кои било од состојбите на наведените елементи и фактори.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Субјекти кои поседуваат информации за животната средина

Член 52

(1) Органи и правни и физички лица (во натамошниот текст: субјекти) кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се:
- Владата на Република Северна Македонија и органите на државната управа,
- органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје,
- правните и физичките лица на кои, во согласност со закон, им се доверени јавни овластувања, вклучувајќи и специјални должности, активности и услуги во областа на животната средина и/или правните и физичките лица кои, врз основа на закон или договор, вршат дејност или услуга од јавен интерес во областа на животната средина, под надзор на органите или лицата од алинеите 1, 2 и 3 на овој став.

(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина на својата веб страна објавува и одржува листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина. Во листата се определуваат и информациите кои ги поседува секој од наведените субјекти.

(3) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни да определат овластено лице кое ќе биде одговорно за остварување на правото за пристап до информации за животната средина, како и да обезбедат просторија во која барателите ќе можат да ги разгледуваат или да вршат увид во бараните информации за животната средина.

(4) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни бараните податоци и информации за животната средина да ги достават или направат достапни за лицата кои побарале пристап до информации согласно со членот 51 од овој закон".

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Услови кои се однесуваат на барањето за информација

Член 53

(1) Барањето за информација за животната средина може да се достави до секој од субјектите кои поседуваат или за кои се поседуваат информации во врска со животната средина, определени согласно со членот 52 од овој закон.

(2) Субјектите од членот 52 на овој закон кои поседуваат или за кои се поседуваат информации во врска со животната средина, се должни да обезбедат пристап до информациите за животната средина:

1) во најкраток можен рок, но не подоцна од еден месец од денот на приемот на барањето или

2) најдоцна два месеца по приемот на барањето, доколку обемот и комплексноста на информацијата се такви што периодот од еден месец, не е доволен за да се комплетира документацијата. Во таков случај, субјектот од членот 52 на овој закон го известува барателот на информацијата, во што е можно пократок рок, а пред истекот на рокот од еден месец, за потребата од продолжување на рокот со образложение за причините поради кои е потребно продолжувањето.

(3) Субјектот од членот 52 на овој закон е должен на барателот на информација за животната средина, која се однесува на членот 51 став (2) точка 2 од овој закон, да му достави податоци за местото каде што е извршена постапката на мерење, за методите на анализа, за земањето примероци и за преттретманот на примероците употребени за дооформување на информацијата.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина.

Форма во којашто се доставува бараната информација

Член 54

(1) Информацијата се доставува во бараната форма освен, ако:
- бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е лесно достапна за јавноста, а со тоа и за подносителот на барањето и/или
- поповолно е информацијата да се достави во форма поинаква од бараната, при што органот е должен да донесе решение со коешто се образложува зошто информацијата се доставува во поинаква форма.

(2) Доколку информацијата не може да се достави во бараната форма, субјектот од членот 52 на овој закон до кој е доставено барањето за информација е должен во рок од седум дена од приемот на барањето да го извести барателот за причината поради која информацијата се доставува во форма поинаква од бараната.

Одбивање да се даде информација

Член 55

(1) Субјектите од членот 52 на овој закон можат да го одбијат барањето за давање информации за животната средина доколку:

- бараната информација ја немаат во посед или не се поседува за нив. Во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, субјектот од членот 52 на овој закон до кој е доставено барањето е должен да го препрати до субјектот кој ја поседува бараната информација, доколку знае кој е тој субјект и за тоа да го извести барателот или да го извести барателот кој субјект најверојатно ја поседува бараната информација, барањето е очигледно неразумно, барањето е премногу воопштено. Субјектот од членот 52 на овој закон е должен во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од денот на приемот на барањето, по писмен пат, да го поучи барателот за формата, содржината и за обемот на барањето и/или барањето се однесува на информација којашто се наоѓа во фаза на дооформување или служи за интерни потреби и комуникации. Доколку станува збор за информација што се наоѓа во фаза на изготвување, субјектот од членот 52 на овој закон го известува барателот на информацијата за тоа кој субјект ја подготвува информацијата и за колку
време ќе биде изготвена.

(2) Субјектите од членот 52 на овој закон можат да одбијат да овозможат пристап до информацијата, доколку нејзиното објавување би имало негативни последици врз:

1) доверливоста на постапките кои ги водат надлежните органи во случај кога доверливоста е утврдена во согласност со закон или пропис донесен врз основа на закон;

2) меѓународните односи, јавната безбедност и одбраната на земјата;

3) судската постапка, правата на правните и на физичките лица на правична судска постапка, како и врз правото да се покрене судска или дисциплинска постапка;

4) доверливоста на трговските или на индустриските информации, во случај кога таквата доверливост е загарантирана со закон, со цел за да се заштити легитимниот економски интерес вклучувајќи го и јавниот интерес во задржување на статистичката доверливост и тајноста на даноците;

5) заштитата на лицата и на доверливоста на личните податоци;

6) заштитата на правата на интелектуална и индустриска сопственост;

7) интересите или заштитата на секое лице коешто ја доставило бараната информација, без каква било обврска истата да ја достави, доколку тоа лице не се согласува со објавувањето на таа информација и/или

8) заштита на животната средина, а особено заштита на одредени диви видови и/или типови на живеалишта.

(3) Субјектите од членот 52 на овој закон нема да го одбијат барањето за информации, според ставот (2) точки 1, 4, 5, 7 и 8 од овој член, ако тоа барање се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина.

(4) Во секој од случаите наведени во ставовите (1) и (2) на овој член, субјектите од членот 52 на овој закон се должни да оценат дали заштитата на јавниот интересна кој се однесува бараната информација е од поголемо значење од интересот на кој му служи доставувањето на информацијата.

(5) Информациите за животната средина со кои располагаат или се чуваат од субјектите, а кои се побарани од барател треба да се направат делумно достапни доколку од нив е можно да се издвојат информациите од ставот (1) алинеја 4 и ставот (2) на овој член.

(6) Субјектите од членот 52 на овој закон се должни да донесат решение за одбивање на барањето, во целост или делумно, односно заклучок во писмена форма кој треба да ги содржи причините за одбивање на барањето, како и поука за можностите за жалба по решението или по заклучокот. Субјектите од членот 52 на овој закон се должни да го достават решението или заклучокот во роковите предвидени во членот 53 од овој закон.

(7) Против решението или заклучокот од ставот (6) на овој член, донесено од субјектот од членот 52 став (1) алинеја 1 на овој закон, барателот има право да поднесе жалба до Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

(8) Против решението или заклучокот од ставот (6) на овој член, донесено од субјектот од членот 52 став (1) алинеи 2, 3 и 4 на овој закон, барателот има право на жалба до органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(9) Против решенијата по жалбите од ставовите (7) и (8) на овој член може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Собирање и објавување на информациите за животната средина

Член 56

(1) Субјектите од членот 52 на овој закон се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку

мрежите на електронска комуникација.
(2) Субјектите од членот 52 на овој закон се должни, во зависност од нивната надлежност, да овозможат учество на јавноста во текот на изготвувањето на закони, други прописи и правни акти во согласност со условите, начинот и постапката определени со членот 61 став (4) на овој закон.
(3) Во случај на непосредна опасност за животот или за здравјето на луѓето или на животната средина, предизвикана од активности на човекот или од влијанието на природата, субјектите од членот 52 на овој закон, се должни, без одлагање, да ги објават сите информации кои ги имаат или што други ги чуваат во нивно име, со цел за да се овозможи на јавноста да преземе мерки за спречување или за ублажување на штетата што би можела да настане.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Член 56-а

Ажурирање на информациите за животна средина
Субјектите од членот 52 на овој закон се должни информациите за животна средина кои ги поседуваат постојано да ги ажурираат, како и во нив задолжително да вклучат:
1) текстови на релевантни меѓународни договори, конвенции или спогодби и текстови на правни акти донесени од органите за животната средина или кои се однесуваат на неа;
2) документи во кои се содржани политики, како и стратегии, планови и програми кои се однесуваат на животната средина;
3) извештаи за напредокот во спроведувањето на материјалите наведени во точките 1 и 2 од овој став, вклучувајќи ги и извештаите за тоа како истите се подготвени, како и да се чуваат во електронска форма;
4) извештаи за состојбата на животната средина од членот 45 на овој закон;
5) податоци или прегледи на податоци добиени од следење на активностите кои влијаат или постои можност да влијаат негативно на животната средина;
6) овластувања дадени од субјектите од членот 52 на овој закон чие спроведување може значително да влијание на животната средина, како и договори склучени меѓу правни и физички лица чие спроведување може значително да влијае врз животната средина или да обезбедат упатување на местото каде што такви информации можат да се побараат или најдат во согласно со овој закон и
7) студии за оцена на влијанието на проекти врз животната средина или да упатат на место каде што информациите можат да се побараат или најдат во согласност со овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Орган надлежен за ширење на информациите за животната средина

Член 57

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина се грижи за ширење на информации за животната средина и за обезбедување на полесен пристап до информациите за животната средина кои ги поседуваат субјектите од членот 52 на овој закон.

Надоместок на трошоците за давањето на бараната информација

Член 58

(1) Субјектите од членот 52 на овој закон за давање на бараните информации, не наплатуваат надоместок.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, субјектите од членот 52 на овој закон, наплатуваат надоместок на трошоците за давање информации по барање на заинтересираната страна, во определени случаи.
(3) Владата на Република Северна Македонија ја пропишува висината на надоместокот од ставот (2) на овој член и случаите кога се наплатува надоместокот, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кој се определува врз основа на реалните трошоци што ги сноси органот заради давањето на информациите.
(4) Висината на надоместокот на трошоците за давање информации, определена со прописот од ставот (3) на овој член, треба да биде разумна и да не ги надминува реалните трошоци направени со цел за да се достави бараната информација.
(5) Пребарувањето на регистрите или евиденциите на податоци, како и проверувањето на информациите на местото каде што се чуваат или се одржуваат се врши без надоместок.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

IX. ПЛАНИРАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Систем за планирање

Член 59

(1) Заради остварување на целите утврдени во членот 4 став (1) од овој закон, преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање на заштитата и унапредувањето на животната средина, развојот на заштитата и управувањето со животната средина се определува и се насочува, во согласност со вкупниот економски, општествен и културен развој на Република Северна Македонија, при што приоритет се дава на мерките за заштита и унапредување на животната средина, во интерес на сегашните и на идните генерации.

(2) Со системот за планирање од ставот (1) на овој член се насочува и се усогласува реализирањето на економските, техничките, научните, образовните, организациските и на другите мерки и активности, како и на мерките за спроведување на обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори, со цел да се заштити и унапреди животната средина и да се обезбеди одржлив развој.

(3) Мерките за заштита и унапредување на животната средина, утврдени со планските документи за животната средина, се усогласуваат со мерките определени со стратешките, планските и со програмските документи во областа на регионалниот развој, образованието и науката, стопанските дејности кои се засноваат на користењето на природните богатства, транспортот, телекомуникациите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Видови плански документи и надлежност за нивното донесување

Член 60

(1) Врз основа на политиките и целите за животната средина, оцената на состојбите дадени во Извештајот за состојбата со животната средина од членот 45 став (2) на овој закон, како и утврдувањето на мерките што треба да се преземат заради постигнување на целите за животна средина, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува Национален акционен план за животната средина на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Национален акционен план за животна средина).

(2) Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина, во согласност со методологијата од членот 61 став (3) на овој закон.

(3) Одделни делови од локалните акциони планови за животната средина
можат да претставуваат соодветни стратегии или планови, доколку тие ги исполнуваат условите предвидени со посебните закони.

(4) Планските документи од ставовите (1) и (2) на овој член се донесуваат за период од шест години и тековно се обновуваат во зависност од ново настанатите услови, а задолжително се обновуваат по истекот на рокот за кои се донесени.

(5) Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формира тело, раководено од градоначалникот, кое ќе го следи имплементирањето на локалниот акционен план за животна средина и ќе предлага промени во локалниот акционен план за животна средина, а за тоа еднаш годишно го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапка за донесување на планските документи, изготвувањето на прописи и учеството на јавноста во постапката

Член 61

(1) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува Национален акционен план за животната средина.

(2) Учеството на јавноста во подготовката и донесувањето на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животна средина се одвива на начин и под услови определени со ставот (8) на овој член.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува методологија за изработка на локалните акциони планови за животна средина.

(4) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува условите, начинот и постапката за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти од областа на животната средина.
(5) Органите на државната управа и органите на единиците на локалната самоуправа, заради учество на јавноста во донесувањето на одлуки, се должни да ја известат јавноста за сите предлози за изработување, донесување, изменување или ревидирање на планови и програми, по пат на јавни известувања, или на друг соодветен начин, како што се електронските и печатените медиуми, како и
да и овозможат на јавноста пристап до информации за предлозите, вклучувајќи и информации за правото на јавноста да учествува во постапката за одлучување по плановите и програмите и надлежниот орган до кого можат да се поднесуваат забелешки и прашања.
(6) Органите од ставот (5) на овој член се должни да и обезбедат на јавноста право да ги изрази своите забелешки, предлози и мислења пред да се донесат одлуките за плановите и програмите, како и се должни при донесувањето на одлуките да ги земат во предвид мислењата од учеството на јавноста.
(7) При донесувањето на одлуките по плановите и програмите, органите од ставот (5) на овој член се должни да преземат мерки за информирање на јавноста во врска со донесените одлуки, како и причините и основите на кои се засновуваат тие одлуки, вклучувајќи и информирање за процесот на учество на јавноста.
(8) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува видовите на планови и програми кои се донесуваат согласно со одредбите од ставот (4) на овој член, начинот и постапката за учество на јавноста при изработувањето, донесувањето, изменувањето или ревидирањето на планови и програми, како и начинот и критериумите врз основа на кои се определува јавноста за учество, вклучувајќи ги и невладините организации.
(9) Исклучок од ставовите (5) и (6) на овој член се плановите и програмите чија единствена намена се однесува на националната безбедност, одбраната на земјата и заштитата и спасувањето на населението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Надлежност за спроведување на планските документи

Член 62

(1) Националниот акционен план за животната средина го спроведуваат надлежните органи на државната управа и на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, јавните претпријатија и јавните установи, како и другите правни и физички лица кои врз основа на јавно овластување вршат дејност или преземаат активности што имаат влијание врз животната средина.
(2) Врз основа на податоците добиени од органите, организациите, институциите и од правните и физичките лица од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на секои три години изготвува извештај за спроведувањето на планот и го доставува до Владата на Република Северна Македонија.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го пропишува начинот на доставување на податоците од органите, организациите и институциите, јавните претпријатија и јавните установи, како и другите правни и физички лица од ставот (1) на овој член надлежни за спроведување на планот.
(4) Локалниот акционен план за животната средина го спроведуваат градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје, како и другите правни и физички лица определени со планот. На предлог на градоначалникот, советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје го пропишува начинот на доставување на податоците од органите и правните и физичките лица надлежни за спроведување на планот.
(5) Врз основа на податоците доставени во согласност со одредбите на ставовите (2) и (4) од овој член, органот надлежен за донесување на планот може да одлучи планот да се измени или да се дополни.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Содржина на Националниот акционен план за животната средина

Член 63

Националниот акционен план за животната средина содржи:
1) општи среднорочни и долгорочни мерки за заштита и за управување со животната средина и здравјето на луѓето;
2) насоки за заштита од загадување и за унапредување на квалитетот на водата, воздухот и почвата, заштита на природата, заштита од бучава, јонизирачко и нејонизирачко зрачење, управување со отпадот, како и други активности

за заштита на климатскиот систем од негативните антропогени влијанија и активности кои се од значење за заштитата на животната средина и здравјето на луѓето, а се уредуваат со посебни закони;
3) управување и користење на природните богатства;
4) предвидени активности за подигање на јавната свест и за развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
5) влијанијата на предвидените мерки врз економскиот развој;
6) надлежни субјекти за спроведување на одделните елементи на Планот и
7) други мерки и активности од значење за заштита и унапредување на животната средина.

Содржина на локалните акциони планови за животната средина

Член 64

Локалните акциони планови за животната средина, врз основа на оцената за степенот на загаденоста на животната средина во даденото подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, а особено за:
1) заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на
воздухот;
2) снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
3) заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
4) управување со отпад;
5) заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;
6) урбан развој и просторно планирање;
7) развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
8) зголемување на енергетската ефикасност;
9) развој на еколошко културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
10) заштита на биодиверзитетот;
11) управување и користење на природните богатства;
12) подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
13) последиците од економскиот развој врз животната средина и
14) надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

X. ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАТЕГИИ, ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратегиска оцена

Член 65

(1) На предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, Владата на Република Северна Македонија ги пропишува стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми (во натамошниот текст: плански документи), за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето (во натамошниот текст: стратегиска оцена).
(2) Стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето и со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина или на сите плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја прогласени согласно со закон или пак можат да влијаат врз тие подрачја.
(3) По исклучок за плански документи од ставот (2) на овој член, со кои се одредува користење на мали области од локално значење и со кои се предвидуваат мали измени на планските документи од ставот (2) на овој член, стратегиска оцена ќе се врши само кога органот кој го подготвува планскиот документ ќе утврди дека има значајни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од став (4) на овој член.
(4) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

(5) За планските документи кои не се определени со прописот од ставот (1) на овој член, а со кои се создава основа за изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието врз животната средина, стратегиска оцена се врши само тогаш кога е веројатно дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето согласно со прописот од ставот (4) на овој член.
(6) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот од ставот (4) на овој член.
(7) Во случаите од ставот (6) на овој член кога е потребно спроведување на стратешка оцена на влијанието врз животната средина, со одлуката од ставот
(6) на овој член се определува и обемот на стратегиската оцена.
(8) Одлуката од ставот (6) на овој член ја донесува органот што го подготвува планскиот документ.
(9) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги определи органите засегнати од имплементацијата на планскиот документ на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон, како и да ги консултира истите при донесувањето на одлуката за спроведување, односно не спроведување на стратегиската оцена, како и во текот на спроведувањето на стратегиската оцена.
(10) Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член е должен да ги објави на својата веб страница на начин пропишан со актот донесен согласно со членот 61 став (8) од овој закон.
(11) Против одлуката од ставот (6) на овој член, јавноста има право на жалба во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување на веб страницата на органот кој го подготвува планскиот документ до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
(12) Органот што го подготвува планскиот документ во рок од пет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (6) на овој член, заедно со формуларите од ставот (20) на овој член, како и другите придружни документи е должен да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(13) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, формуларите и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, со која е одлучено да не се спроведува стратегиска оцена, доколку оцени дека се исполнети условите за спроведување на стратегиската оцена на планскиот документ или истиот има значителни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето ќе донесе решение со кое го задолжува органот што го подготвува планскиот документ да спроведе стратегиска оцена на истиот.
(14) Со решението од ставот (13) на овој член ќе се определи и обемот на стратегиската оцена.
(15) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, формуларите и другите придружни документи од ставот (12) на овој член, со која е одлучено да се спроведува стратегиска оцена ќе издаде решение со кое го определува обемот на стратегиската оцена доколку утврди дека истиот не е целосно определен од страна на органот што го подготвува планскиот документ.
(16) Решението од ставовите (13) и (15) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги објави на својата веб страница.
(17) Против решението од ставовите (13) и (15) на овој член засегнатата јавност, како и органот што го подготвува документот имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
(18) Во случај кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе утврди дека одлуката, формуларите, како и другата доставена документација од ставот (12) на овој член, не ги содржат потребните информации за оцена на потребата, односно непостоење потреба од спроведување на стратегиска оцена е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на истите да побара од органот што го подготвува планскиот документ да ги достави бараните информации.
(19) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не донесе решение од ставовите (13) и (15) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката од ставот (6) на овој член, ќе се смета дека нема забелешки по истата.
(20) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и образецот на одлуката од ставот (6) на овој член и на формуларите за потребата од спроведување, односно не спроведување на стратешка оцена од ставот (12) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Исклучоци

Член 66

Стратегиска оцена не се спроведува за плански документи кои се донесуваат:
- за потребите на одбраната на Република Северна Македонија,
- за време на воена или вонредна состојба и
- во областа на финансиите и Буџетот на Република Северна Македонија и буџетот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 66-а

(1) Во случај кога со планскиот документ се предвидува изведување на проект, за кој истовремено се спроведува постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина согласно со членот 77 од овој закон, органот кој го подготвува планскиот документ може да донесе одлука за спроведување на постапката за стратегиската оцена заедно со постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(2) Во случаите од ставот (1) на овој член органот кој го подготвува планскиот документ е должен во одлуката од членот 65 став (6) на овој закон да ги изнесе причините за заедничко спроведување на двете постапки и да го образложи начинот на консултација на јавноста и органите засегнати од спроведувањето на планскиот документ во постапката на донесувањето на планскиот документ.
(3) Во случаите од ставот (1) на овој член извештајот за стратегиска оцена на животната средина од членот 67 на овој закон ќе биде составен дел на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон.
(4) Субјектот што ја спроведува постапката за оцена на влијанието на проектите врз животната средина е должен да ги земе предвид сите аспекти на постапката за стратегиска оцена.
(5) Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од ставот (3) на овој член треба да биде потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од членот 68 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>

Извештај за стратегиската оцена на животната средина

Член 67

(1) Кога е потребно спроведување на стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со членот 65 од овој закон, органот кој го подготвува планскиот документ изготвува извештај за стратегиска оцена на животната средина (во натамошниот текст: извештај за животната средина) во текот на изработката на планскиот документ, односно пред да биде истиот доставен на усвојување од надлежниот орган.
(2) Доколку согласно со прописите за донесување на одреден плански документ се бара тој да се носи во две фази и тоа како нацрт и предлог на план, извештајот за стратегиската оцена на животната средина за планскиот документ се подготвува пред утврдувањето на нацрт на планскиот документ и истиот е составен дел на предложениот нацрт на плански документ.
(3) Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на извештајот за животната средина во кој се идентификуваат, опишуваат и оценуваат можните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од имплементацијата на планскиот документ и изводливите алтернативи земајќи ги предвид целите и географскиот опсег на планскиот документ.
(4) При определувањето на обемот и на деталноста на информациите во
извештајот за животната средина, органот кој ја спроведува стратегиската оцена е должен да побара мислење од органите кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ.
(5) При определувањето на обемот и на деталноста на информациите, во согласност составот (2) од овој член, органот кој ја спроведува стратегиската оцена треба да ги земе предвид постоечките знаења и методи на оценување, содржината и нивото на деталност на планските документи и нивниот удел во процесот на одлучување, интересите на јавноста и потребата од информации на органот кој одлучува.
(6) Органот кој го подготвува планскиот документ за изготвувањето на извештајот за животната средина, ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина од членот 68 на овој закон, кој го потпишува извештајот како одговорно лице за неговиот квалитет. Доколку извештајот за животната средина го изготвуваат повеќе лица, или други експерти или правни лица, тогаш извештајот задолжител но го потпишува најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 68 на овој закон, како одговорно лице за неговиот квалитет.
(7) Стратегиската оцена ја спроведува органот кој го подготвува планскиот документ.
(8) Стратегиската оцена на планските документи кои ги донесуваат општината, градот Скопје и општините во градот

Скопје, ја спроведува градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје.
(9) Во случај кога стратегиска оцена се спроведува на плански документ кој произлегува од друг повисок плански документ за кој претходно била спроведена стратегиска оцена, органот кој го подготвува планскиот документ треба да ги земе предвид релевантните расположливи информации за ефектот на повисокиот плански документ врз животната средина кои биле добиени при донесувањето на тој плански документ.
(10) Во случаите од ставот (9) на овој член извештајот за стратегиската оцена на животната средина ги вклучува информациите кои реално се потребни за донесување на понискиот плански документ, а кои согласно со постојните знаења и методи на оценување, содржината и деталноста на повисокиот плански документ, фазата и нивото на донесувањето придонесуваат кон правилна оцена на влијанието на понискиот плански документ врз животната средина и се овозможува избегнување на дуплирање на оценувањето на влијанието врз животната средина.
(11) Во извештајот за животната средина од ставот (1) на овој член е потребно да се вклучат релевантни информации за влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ кои се содржани во правни акти или одлуки донесени од други органи.
(12) Доколку се работи за спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина во рамките на проекти за кои се обезбедени средства од Европската Унија или друг странски донатор, извештајот за животна средина може да го изработи и странски експерт ангажиран во рамките на проектот, кој не е вклучен на Листата на експерти за стратегиска оцена од членот 68 од овој закон.
(13) Во случаите од ставот (12) на овој член лицето кое е ангажирано во рамките на проектот е должно кон извештајот за стратегиска оцена да достави доказ дека е ангажиран како експерт за изработка на извештај за животна средина за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина во рамките на проект финансиран од средства на Европската унија или друг странски донатор.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Листа на експерти за стратегиска оцена на животната средина

Член 68

Членот 68 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Известување и учество на јавноста

Член 69

(1) Пред започнување на постапката за усвојување на планскиот документ и во рок од пет работни дена од денот на комплетирањето на извештајот за животната средина, органот кој го подготвува планскиот документ, објавува информации кои се однесуваат на нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, местото каде што може да се разгледа нацртот на планскиот документ заедно со информација за постапката за учество на јавноста.
(2) Органот од ставот (1) на овој член е должен истовремено нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина да го достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и органите засегнати од имплементацијата на планските документи, правните и физичките лица и јавноста можат да го достават своето мислење во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, до органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од 30 дена од денот на доставувањето, односно објавувањето на информациите во врска со нив.
(4) Органот од ставот (1) на овој член е должен, при изработката на планскиот документ, да ги земе предвид мислењата добиени согласно со ставот (3) од овој член за што подготвува посебен извештај од консултацијата со јавноста.
(5) Извештајот од консултацијата со јавноста од ставот (4) на овој член се подготвува согласно со прописот од членот 61 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>

Оцена на прекуграничните влијанија при подготовката на планскиот документ во Република Северна Македонија

Член 70

(1) Доколку постои веројатност спроведувањето на планскиот документ во Република Северна Македонија да предизвика прекугранично влијание врз животната средина и животот и здравјето на луѓето, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на засегнатата држава и се доставуваат:
- опис на планскиот документ,
- извештај за стратегиска оцена на животната средина на планскиот документ и
- покана за учество во консултациите за планскиот документ во рок од два месеца од денот на доставувањето на поканата.
(2) На барање на државата којашто смета дека определен плански документ кој се подготвува во Република Северна Македонија, може да влијае врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето на нејзина територија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги обезбедува информациите од ставот (1) на овој член.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи и надворешната трговија го пропишува начинот на спроведување на прекуграничните консултации од ставовите (1) и (2) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Оцена на прекуграничните влијанија кога планските документи се подготвуваат во друга држава

Член 71

(1) Доколку Република Северна Македонија добие известување од надлежен орган на друга држава за подготовка на плански документ којшто може да има влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето во Република Северна Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен веднаш да започне постапка за оцена на засегнатоста на Република Северна Македонија од реализацијата на планскиот документ.
(2) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина оцени дека планскиот документ од ставот (1) на овој член може да има влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето во Република Северна Македонија, веднаш го известува надлежниот орган на другата држава за намерата релевантните институции и засегнатата јавност на Република Северна Македонија да се вклучат во консултациите пред усвојувањето на планскиот документ, под услови и на начин предвидени со меѓународните договори ратификувани од Република Северна Македонија.
(3) Ако органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или некоја друга релевантна институција на Република Северна Македонија дознаат за подготовка на плански документ во друга држава од ставот (1) на овој член, тие се должни веднаш да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи и надворешната трговија на Република Северна Македонија за потребата од доставување официјално известување до надлежниот орган на другата држава, со цел за да се овозможи учество во постапката од ставот (2) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Член 71-а

Стратегиска оцена со прекугранични влијанија
Во постапката за стратегиска оцена на плански документи кои можат да имаат прекугранични влијанија, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да преземе активности на детални консултации со органите на другата држава или да преземе мерки за склучување на посебни договори со другата држава со кои ќе биде регулирана постапката за меѓусебна консултација во стратегиската оцена на планските документи.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Оцена на извештајот за животната средина

Член 72

(1) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен во извештајот за животната средина да ги вгради мислењата добиени во постапката за консултација со јавноста согласно со членот 69 од овој закон и во постапката за прекуграничната консултација согласно со членот 70 од овој закон и заедно со планскиот документ и извештајот за консултација со јавноста од членот 69 став

(4) на овој закон, да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја оценува соодветноста на извештајот за животната средина во рок од 60 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот (1) на овој член и истата ја доставува до органот кој го усвојува планскиот документ.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да овласти лица за оценување на извештајот за животната средина од Листата од членот 68 на овој закон, кое не учествувале во подготовката на извештајот.
(4) Кога за подготовка на планскиот документ е надлежен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, извештајот за животната средина заедно со оцената на соодветноста на извештајот го прави достапен за јавноста.
(5) Оцената на соодветност на извештајот за животна средина од ставот (2) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува на својата веб страница во рок од пет дена од денот на донесувањето на оцената.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Одлучување

Член 73

(1) Органот кој го подготвува планскиот документ или промената на планскиот документ, во согласност со членот 65 од овој закон, е должен да ги земе предвид наодите од извештајот за животната средина, мислењата и коментарите добиени од органите кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ, како и резултатите од прекуграничните консултации.
(2) Органот кој го усвојува планскиот документ е должен да го земе предвид и мислењето на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во врска со соодветноста на извештајот за животната средина.

Објавување на одлуката

Член 74

(1) Органот кој го усвојува планскиот документ е должен да ја објави одлуката за усвојувањето и за тоа да ги извести засегнатите органи и јавноста, како и земјата која е консултирана во согласност со членот 70 од овој закон.
(2) Органот кој го усвоил планскиот документ од ставот (1) на овој член на својата веб страница ги објавува усвоениот плански документ и известувањето од ставот (1) на овој член.
(3) Во случај на прекугранична консултација известувањето од ставот (1) на овој член на другата држава го доставува органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи и надворешната трговија.
(4) Во известувањето од ставот (3) на овој член коешто се доставува до другата држава се вклучуваат и:
- изјава во која се сумира како се интегрирани влијанијата врз животната средина на планскиот документ и како подготвениот извештај за стратегиска оцена на животната средина ги земал предвид мислењата од учеството на јавноста согласно со членот 69 од овој закон и резултатите од постапката за прекугранична консултација согласно со членот 70 од овој закон, како и причините за изборот на алтернативата усвоена во планскиот документ во однос на други алтернативи кои постоеле,
- усвоениот плански документ и
- мерките кои се однесуваат на следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ согласно со членот 75 од овој закон.
(5) Во случаите од членот 71 на овој закон органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на Владата на Република Северна Македонија и предлага донесување на заклучок по однос на стратегиската оцена на планскиот документ што го носи другата држава.
(6) Владата на Република Северна Македонија преку органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи и надворешната трговија ја известува другата држава за исходот од спроведувањето на стратегиската оцена или за усвојувањето или неусвојувањето на планскиот документ.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Следење на ефектите од спроведувањето на планските документи

Член 75

(1) Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата.
(2) Следењето на ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, кога е тоа соодветно, може да се врши преку постојните државни и локални мониторинг мрежи на животната средина во Република Северна Македонија.
(3) Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ од ставот (1) на овој член, органот кој го подготвува планскиот документ, како и друго правно и физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XI ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЈАТА НА ОПРЕДЕЛНИ ПРОЕКТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Предмет на оцената на влијанијата врз животната средина

Член 76

(1) Предмет на оцената на влијанијата врз животната средина се проектите определени во согласност со членот 77 од овој закон, кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на којашто се изведуваат можат да имаат значително влијание врз животната средина.
(2) Оценувањето од ставот (1) на овој член се врши преку определување, опис и процена на влијанијата кои ги има или би можел да ги има определениот проект во текот на неговата изведба, работење и престанок со работа врз:
- луѓето и биолошката разновидност,
- почвата, водата, воздухот и другите природни богатства, како и климата,
- историското и културното наследство, како и врз
- меѓусебните влијанија на елементите од алинеите 1, 2 и 3 на овој став.

Проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина

Член 77

(1) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува проектите за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина, за други, генерално определени проекти, кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, како и ги определува критериумите врз основа на кои се утврдува потреба од спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина при настанување на промени на постојни објекти.
(2) Потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина се утврдува и со испитување на секој одделен случај, врз основа на карактерот, обемот и локацијата согласно со критериумите од ставот (1) на овој член, а имајќи ги предвид најновите научни и технички сознанија и решенијата во прописите со кои се определуваат најниските граници на емисии во животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Проекти кај кои не се врши оцена на влијанието врз животната средина

Член 78

(1) Владата на Република Северна Македонија, во посебни случаи на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да одлучи, испитувајќи случај по случај да не се врши оцена на влијанието врз животната средина, во целост или делумно за проектите, во случај на:
- воена или вонредна состојба,
- за потребите на одбраната на Република Северна Македонија, доколку се утврди дека спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина има негативен ефект врз одбраната или
- потреба од итно спречување на настаните кои не можеле да се предвидат, а кои можат сериозно да влијаат врз здравјето, безбедноста, имотот на луѓето или врз животната средина.
(2) За проектите од ставот (1) алинеја 2 на овој член, Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува одлука да не се

врши оцена на влијанието врз животната средина и истата се објавува на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната. Одлуката се објавува најмалку во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија.

(3) Покрај одлуката од ставот (2) на овој член на веб страниците од ставот (2) на овој член се објавуваат и информации за:

- влијанието на проектот врз животната средина,
- создавање на отпадот и отпадните води (вид и количина, присуство на опасни и штетни материи и супстанции и слично),
- влијанието на проектот врз биодиверзитетот,
- користење на природните богатства,
- меѓусебното влијание на елементите од алинеите 1, 2, 3 и 4 на овој став и
- адреса каде што можат да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.

(4) Заради обезбедување на доволно време за информирање на јавноста, информациите од ставот (3) на овој член се достапни на веб страниците најмалку 30 дена.

(5) Во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од ставот (4) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната е должен сите добиени забелешки, мислења и предлози, со поединечен или збирен одговор на истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(6) Врз основа на добиените податоци од ставот (5) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот согласно со членот 87 од овој закон.

(7) Решението од ставот (6) на овој член се објавува согласно со членот 90 став (5) од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Начин на оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Член 79

(1) Постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина се состои од определување, опис, оцена и процена на директното и на индиректното влијание врз животната средина од спроведувањето или од неспроведувањето на проектот.

(2) Влијанието на проектот врз животната средина се оценува во согласност со состојбата на животната средина на засегнатото подрачје во времето кога се поднесува известувањето за намерата за спроведување на проектот.

(3) При оцена на влијанието на проектот врз животната средина се зема предвид:

- подготовката, изведувањето, спроведувањето и престанувањето со реализација на проектот, вклучувајќи ги и резултатите и ефектите од завршувањето на проектот,
- отстранувањето на загадувачките супстанци и враќање на засегнатото
подрачје во поранешната состојба, доколку таа обврска е предвидена со посебни прописи и
- нормалното функционирање на проектот, како и можностите за хаварии.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа за животната средина, донесува детални упатства за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина кои ќе бидат земени предвид при спроведување на постапката".

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Известување за намерата за изведување на проектот

Член 80

(1) Секое правно и физичко лице кое има намера да спроведува проект за кој постои веројатност дека е опфатен со членовите 77 и 78 став (1) алинеја 2 од овој закон (во натамошниот текст: инвеститор) е должно, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, да поднесе известување за намерата за спроведување на проектот, како и негово мислење за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (во натамошниот текст: известување).

(2) Инвеститорот е должен известувањето од ставот (1) на овој член да го поднесе до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во писмена и во електронска форма.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од десет дена од

денот на приемот на известувањето, го известува инвеститорот за потребата од дополнување на известувањето.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена од денот на приемот на целосното известување, да го објави на начин определен во членот 90 став (1) точка 1 од овој закон.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува информациите што треба да ги содржи известувањето. Пропишаните информации треба да бидат доволни за органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да може да ја утврди потребата од оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Постапка за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Член 81

(1) Постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина се врши за проекти определени согласно со членот 77 од овој закон.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ја заврши постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето во целост, според членот 80 од овој закон.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на
животната средина со решение го известува инвеститорот за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Врз основа на известувањето, инвеститорот поднесува барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.
(5) Решението од ставот (4) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, на начин определен во членот 90 став (1) точка 2 од овој закон.
(6) Против решението од ставот (4) на овој член, инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.
(7) Правното и физичкото лице од членот 80 став (1) на овој закон, може при поднесувањето на известувањето за намерата за изведување на проектот да побара органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, истовремено да поднесе и барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина од ставот (4) на овој член.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува заедничко решение во кое е содржано и мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина од членот 82 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина

Член 82

(1) Врз основа на барањето за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина и видот на проектот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го определува обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина при определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина задолжително се консултира со инвеститорот и со општината, со градот Скопје и со општините во градот Скопје на чие подрачје треба да се спроведува проектот, како и другите релевантни органи на државната управа и институции, кои се должни да дадат информации и мислења во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето за консултација.
(3) За определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да овласти лица од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон.
(4) При изготвувањето на мислењето за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги зема предвид мислењата на инвеститорот и мислењата добиени согласно со ставот (2) од овој член.
(5) Мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина особено треба да ги

содржи:
- алтернативите кои треба да се земат предвид,
- основниот преглед и истражувањата кои треба да се направат,
- методите и критериумите кои се користат за предвидување и за процена на ефектите,
- мерките за подобрување кои треба да се земат предвид,
- правните лица кои треба да бидат консултирани за време на подготовката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и
- структурата, содржината и должината на информациите за животната средина.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може и покрај определувањето на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во натамошната постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, да бара дополнителни информации доколку оцени дека е потребно, како и да побара информациите да бидат составени на начин кој соодветствува на современите знаења и методи на процена.
(7) Мислењето од ставот (5) на овој член се објавува во рок од пет дена од денот на донесувањето согласно со членот 90 став (1) точка 7 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Член 83

(1) Инвеститорот е должен да ја подготви студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина потребна за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да ја достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во писмена и во електронска форма.
(2) Инвеститорот кој ја подготвува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ангажира најмалку едно лице од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет. Доколку студијата се изработува од повеќе лица, други експерти или правно лице, инвеститорот назначува најмалку едно лице од Листата на експерти кое ја потпишува студијата како одговорно лице за нејзиниот квалитет.
(3) Органите на државната управа, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои поседуваат информации релевантни за изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, се должни тие информации, на барање на инвеститорот, да му ги направат достапни, во согласност со членот 51 став (1) и членот 53 од овој закон.
(4) Во рок од пет работни дена од денот на приемот, односно комплетирањето, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја објавува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на начин определен во членот 90 став 1 точка 3 од овој закон и ја доставува за консултации до општината или градот Скопје на чиешто подрачје треба да се спроведува проектот.
(5) Секое лице, органите на државната управа, градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, можат да го достават своето мислење, во писмена форма, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не е обврзан да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот од ставот (5) на овој член.
(7) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека доставената студија за оцена на
влијанието на проектот врз животната средина не ги содржи барањата
пропишани согласно со членот 84 од овој закон, му ја враќа на инвеститорот и определува рок за дополнување или преработка, што не може да биде подолг од 40 дена, почнувајќи од денот на приемот на студијата.
(8) Ако инвеститорот не ја дополни студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во согласност со ставот (7) од овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја доставува студијата до лицето кое согласно со членот 86 од овој закон, е определено да го подготви извештајот за влијанието на проектот врз животната средина.

Содржина на студијата за оцена на влијанието врз животната средина

Член 84

Содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието врз животната средина ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Листа на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина и Листа на експерти за стратегиска оцена на животната средина

Член 85

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина установува и води Листа на експерти за оцена на влијание на проекти врз животната средина и Листа на експерти за стратегиска оцена на животната средина.
(2) Листите од ставот (1) на овој член се објавуваат на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Експерт за оцена на влијание на проектот врз животната средина и експерт за стратегиска оцена на животната средина може да биде секое физичко лице кое има положено стручен испит за оцена на влијание на проект, односно стручен испит за стратегиска оцена на плански документ врз животната средина (во натамошниот текст: стручен испит).
(4) Од листата на експерти од ставот (1) на овој член по службена должност се исклучува експертот доколку:
- не го обновил барањето за вклучување во Листата на експерти најдоцна во рок од година дена по истекот на рокот утврден во членот 85-р од овој закон,
- ја изгуби деловната способност,
- по негово барање и
- доколку со судска одлука се потврди доведување во заблуда или неточно изнесување на податоци или нивна злоупотреба при спроведување на постапките за стратегиска оцена на животната средина, односно постапката за оцена на влијанието врз животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 85-а

Стручен испит може да полага лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има живеалиште во Република Северна Македонија,
- да има високо образование (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 240 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење на професија, дејност или должност се додека траат последиците од забраната и
- да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето во областа на заштитата на животната средина за која е поднесено барањето за полагање на стручен испит.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 85-б

(1) Стручниот испит се состои од два дела, и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.
(2) Првиот дел од стручниот испит од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(3) Вториот дел на стручниот испит се состои од:
- практичен пример и
- прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-в

(1) Стручниот испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.
(2) Програмата за полагање на испитот од соодветната област ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-г

(1) Базите на прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на стручниот испит од членот 85-м од овој закон ги изготвуваат стручни лица и професори од соодветната област кои имаат најмалку десет години работно искуство во областа на заштитата на животната средина, определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Прашањата од првиот дел од стручниот испит и прашањата и практичните примери од вториот дел од испитот ги верификува Комисија составена од:

- двајца претставници и нивни заменици од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, назначени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и
- еден претставник и негов заменик од редот на стручни лица и професори од соодветната област кои имаат најмалку десет години работно искуство во областа на заштитата на животната средина.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери од членот 85-м од овој закон најмалку еднаш годишно.

(4) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои ги одговарале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на базите од членот 85-м од овој закон.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата и практичните примери да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базите од членот 85-м од овој закон.

(6) Стручните лица, професорите и лицата од ставот (1) на овој член и членовите на Комисијата за верификација од ставот (2) на овој член имаат право на париченнадоместок што го определува министерот кој раководи со органот на државнатауправа надлежен за работите од областа на животната средина.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и практични примери, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот паричен надоместок не го надминува износот од три просечни плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 85-д

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведувањена стручниот испит ги врши органот на државната управа надлежен заработите од областа на животната средина кој технички го спроведуваправно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија избрано од министерот кој раководи со органот надржавната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Министерот од ставот (1) на овој член, определува одговорно лице кое утврдуваа дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(3) На одговорното лице од ставот (2) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 85-ѓ

Стручниот испит се спроведува најмалку еднаш годишно.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-е

(1) Барањето за полагање на стручниот испит кандидатот го поднесува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит, пропишани со овој закон.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-ж

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-з

На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот наредeн термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 13.11.2015 >>

Член 85-ѕ

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Јавниот радиодифузивен сервис.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Правното лице кое го спроведува стручниот испит треба да ги исполнувапросторните услови, материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит кои услови поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и еден претставник од Министерството за дигитална трансформација (информатичар).

(6) На преставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, за што министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитни сесии.

(8) АЕК врши постојан мониторинг на блокирање на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и иститте се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронски записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа од животната средина најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на испитната сесија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Член 85-и

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица, освен со информатичарите од членот 85-ѕ став (5) од овој закон во случај доколку има технички проблем сокомпјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(6) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.
(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на стручен испит во траење од три години, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(8) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.
(9) Овластените претставници од членот 85-s став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

<< Консолидација: Влегува во сила на 13.11.2015 >>

Член 85-ј

(1) Ако во текот на полагањето на стручниот испит настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.
(2) Решение за продолжување на испитот донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животнатасредина. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причинитеза одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.
(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.
(4) Против решението на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина од ставот (2) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

<< Консолидација: Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14, 15, 16, 18 и 19 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 39/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>

Член 85-к

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).
(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со Правилник го пропишува начинот на бодирање на првиот и вториот дел од испитот.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-л

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).
(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандидатот да го положи првиот дел од испитот.
(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот(2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-љ

(1) Вториот дел од стручниот испит се состои од практичен пример.
(2) Прашањата кои се составен дел од практичниот пример се од соодветната област и имаат десет можни опции на одговори од кои една е точна, пет се слични и четири се различни.
(3) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот ќе се смета дека испитот не го положил.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-м

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.
(2) Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.
(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со проучување на практичниот пример и одговарање на определен број прашања кои произлегуваат од практичниот пример во вид на електронско софтверско решение (во натамошниот текст: електронски практичен пример).
(4) Прашањата од практичниот пример, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го воспоставува единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.
(6) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори, како и практичниот пример и прашањата коипроизлегуваат од практичните примери и нивните одговори се чуваат воединствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.
(7) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 250 прашања за секоја област, како и јавно достапна база од најмалку 20 практични примери за секоја област за потребите на вториот дел од испитот.
(8) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.
(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 85-н

(1) На денот на полагањето на првиот, односно вториот дел од испитот, претставник на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 85-м од овој закон.
(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем на базите од членот 85-м став (7) од овој закон.
(3) Првиот и вториот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставник на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.
(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, односно електронски практичен пример за вториот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-њ

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 85-м од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.
(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.
(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-о

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-п

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-р

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

(2) По добивањето на уверението за положен стручен испит за стекнување со статус експерт за стратегиска оцена на животната средина, односно уверение за положен стручен испит за стекнување со статус експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина, лицето се вклучува на листата на експерти од членот 85 од овој закон.

(3) Лицето вклучено во листата на експерти е должно на секои пет години да го известува органот на државната управа кој ја одржува листата дека е согласно со неговото име да биде вклучено во Листата на експерти.

(4) Формата и содржината на уверението од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 85-с

На барање на кандидатот органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит со овозможување непосреден увид во тестот.

<< Консолидација: Се применува од 07.01.2015 >>

Член 85-т

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Комисија за ревизија на одржаните испити која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, членуваат и претставник од Владата на Република Северна Македонија и информатичар од Министерството за дигитална трансформација.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведувањето на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 85-а од овој закон, за што доставува извештај до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение.

(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 85-и од овој закон, предлага одземање на уверението од членот 85-р од овој закон.

(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за

одземање на уверението врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.
(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Член 85-ќ

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот доколку институцијата каде што е вработен не ги плати.
(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија.
(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, најдоцна пет дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.
(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Извештај за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Член 86

(1) Извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, го изготвува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или од него овластени лица коишто се наоѓаат во Листата на експерти за оцена на влијанија на проекти врз животната средина од членот 85 став (1) на овој закон.
(2) Лицето коешто се наоѓа на Листата од членот 85 став (1) на овој закон доколку го изготвил известувањето за намерата за спроведување на проектот, или мислењето за обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или студијата за оценана влијанието врз животната средина, нема право да го изготвува извештајот од ставот (1) на овој член.
(3) Изготвувањето на извештајот од ставот (1) на овој член, се врши врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, како и врз основа на мислењата доставени во врска со студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(4) Со извештајот од ставот (1) на овој член, се утврдува дали студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со овој закон и ги предлага условите кои треба да се утврдат со дозволата за спроведување на проектот, како и мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија.
(5) Рокот за подготовка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина не може да биде подолг од 60 дена од денот кога е доставена студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина заедно со мислењата по студијата.
(6) Рокот утврден во ставот (5) од овој член може да биде продолжен од оправдани причини, особено во сложени случаи, но не повеќе од 30 дена.
(7) Доколку при подготовката на извештајот од ставот (1) на овој член е утврдено дека постојат одредени недостатоци во студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина му ја враќа студијата на инвеститорот, кој треба да ја дополни или да ја дорабоги во рок не подолг од 30 дена. Кога извештајот се подготвува од овластено лице од ставот (1) на овој член, истото нема право да ја дополнува или да ја дорабоmува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(8) Инвеститорот е должен, на свој трошок, да ги обезбеди документите користени при изработката на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето за обезбедување на документите.
(9) Лицето од ставот (1) на овој член го доставува извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во пишана форма.
(10) Во рок од пет работни дена од денот на изготвувањето на извештајот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го доставува извештајот до органите на државната управа кои се надлежни за вршењето на дејностите на кои се однесува проектот

и до органите на општината или на градот Скопје на чиешто подрачје се предвидува да се спроведува проектот и го објавува извештајот на начинот определен со членот 90 став (1) точка 4 од овој закон.
(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за
работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.
(12) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува постапката за овластување на лицата од Листата на експерти од членот 85 став (1) на овој закон, кои ќе го изготват извештајот од ставот (1) на овој член.

Решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот

Член 87

(1) Врз основа на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, јавната расправа од членот 91 на овој закон и добиените мислења, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 40 дена од денот на поднесувањето на извештајот од членот 86 на овој закон, носи решение со коешто дава согласност или го одбива барањето за спроведување на проектот (во натамошниот текст: решение).
(2) Решението содржи оцена за тоа дали студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина ги задоволува барањата пропишани со овој закон и условите за издавање на дозволата за спроведување на проектот согласно со членот 88 од овој закон, како и мерки за спречување и за намалување на штетните влијанија, а посебно:
- спречување на штетните влијанија врз животната средина како резултат на изведувањето на проектот,
- спречување, ограничување, ублажување или намалување на штетните влијанија,
- зголемување на поволните влијанија врз животната средина, како резултат на спроведувањето на проектот и
- процена на очекуваните ефекти од предложените мерки.
(3) Во рок од пет работни дена од денот на донесувањето на решението од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го доставува решението до инвеститорот, до органот на државната управа надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот и до општината или градот Скопје на чиешто подрачје би требало да се спроведува проектот.
(4) Решението од ставот (1) на овој член се објавува во рок од пет работни дена од денот на донесувањето, во согласност со членот 90 став (1) точка 5 од овој закон.
(5) Решението од ставот (1) на овој член престанува да произведува правно дејство, доколку во период од две години од неговото донесување, не се отпочнало со спроведување на проектот. На барање на инвеститорот, важноста на решението може да се продолжи само доколку во периодот од две години нема значителни измени на условите во засегнатото подрачје, новите сознанија поврзани со основната содржина на студијата и развојот на нова технологија, што би можела да биде употребена во проектот.

<< Консолидација: Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14, 15, 16, 18 и 19 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 39/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>

Правното дејство на решението

Член 88

(1) Органот кој е надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијание врз животната средина, нема да издаде дозвола, односно решение за спроведување на проектот доколку инвеститорот не го приложи решението од членот 87 на овој закон со коешто се дава согласност за спроведување на проектот или решението од членот 81 став (4) на овој закон со кое за проектот не се спроведува оцена на влијанијата врз животната средина, односно одлуката на Владата на Република Северна Македонија донесена во врска со проектите од членот 78 став (1) алинеја 2 на овој закон.
(2) Органот кој е надлежен за издавање дозвола, односно решение за спроведување на проектот за кој се врши оцена на влијанието врз животната средина, е должен веднаш да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за поднесените барања за спроведување на проекти за кои не е направена оцена на влијанијата врз животната средина, а кои се определени согласно со членовите 77 и 78 став (1) од овој закон.
(3) Дозволата или решението за спроведување на проект издадена спротивно од ставот (1) на овој член се смета за ништовна.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Остварување на правата на засегнатите правни и физички лица

Член 89

(1) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право на жалба против решението од членот 87 став (1) на овој закон до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на решението, согласно со членот 90 став (1) точка 5 од овој закон.

(2) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право на жалба против решението од членот 87 став (1) на овој закон до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на решението доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не постапувала во согласност со членовите 90 став (1) и 91 од овој закон.

(3) Инвеститорот има право на надомест на штетата, согласно со општите
прописи за надомест на штета, доколку дозволата или решението со коешто се дава согласност за спроведување на проектот е поништено, затоа што било издадено спротивно на постапката пропишана со овој закон.

(4) Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право, пред надлежниот суд, да поднесат барање за преземање привремена мерка забрана за спроведување на проектот во рок од 15 дена од денот кога дознале за донесување на дозволата, односно решението за спроведување на проектот од членот 88 став (1) на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Достапноста на документите и на информациите за оцената на влијанијата врз животната средина до јавноста

Член 90

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави:

1) известувањето од членот 80 став (1) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

2) решението од членот 81 став (4) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

3) дека студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 83 на овој закон е подготвена и достапна за јавноста во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на локалната радио и ТВ станица, а нетехничкиот извештај се објавува на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

4) извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина од членот 86 на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

5) решението од членот 87 став (1) на овој закон со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

6) местото и времето на одржување на јавната расправа од членот 91 на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на локалната радио и ТВ станица и

7) кратка содржина на мислењето од членот 82 став (5) на овој закон во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија, на Интернет страницата, како и на огласна табла на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во случаите од членот 93 на овој закон, информациите од ставот (1) на овој член ги доставува до надлежниот орган на засегната држава во согласност со членот 93 од овој закон.

(3) Како ден кога е објавена информацијата се смета денот на последното објавување на информацијата, на еден од начините определени во ставот (1) од овој член.

(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ќе ја пропише содржината на објавата на документите од ставот (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 7 на овој член, како и начинот на консултирање на јавноста од членот 91 на овој закон.

(5) Кога со закон или пропис донесен врз основа на закон е загарантирана доверливоста на трговските и индустриските информации, информациите за интелектуална и индустриска сопственост, вклучувајќи ги информациите од заштита на јавниот интерес, надлежните органи се должни да ја почитуваат доверливоста при постапувањето согласно со ставовите (1) и (2) од овој член, како и при спроведувањето на постапката за оцена на влијанието врз животната средина".

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Јавна расправа

Член 91

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да обезбеди одржување на јавна расправа, најмалку пет работни дена пред истекувањето на рокот од членот 86 став (5) на овој закон по однос на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и да обезбеди достапност на информациите кои се потребни на јавноста за учество во јавната расправа, во согласност со членот 90 од овој закон, како и да ги извести здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да ја одложи јавната расправа, доколку на неа не учествуваат инвеститорот, лицата кои ја подготвувале студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и во тој случај е должен да определи нов термин, најмалку пет работни дена од денот кога е прекината јавната расправа.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води записник од јавната расправа во кој се наведуваат учесниците, како и заклучоците, а кон записникот се приложуваат стенографски белешки и аудио или видео запис од расправата.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен до инвеститорот, до органите на државната управа надлежни за дејностите на кои се однесува проектот и до органите на општината, на градот Скопје или на општините во градот Скопје, на чиешто подрачје се предвидува да се спроведува проектот, да достави примерок од записникот, заедно со прилозите, како и да го објави записникот на својата Интернет страница.
(5) На јавната расправа нема да се расправа за информациите кои се заштитени со посебни прописи.

Трошоци за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина

Член 92

(1) Инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за постапување по известувањето за намерата за изведување на проект, определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина, за подготвување на
извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на
проектот врз животната средина, организирањето и одржувањето на јавната расправа и трошоците за објавување на информации за оцена на влијанието на проектот врз животната средина на јавноста утврдени во членот 90 став (1) од овој закон.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги определува видовите и висината на трошоците за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, кои ги надоместува инвеститорот.
(3) Трошоците од ставот (2) на овој член се определуваат врз основа на реалните трошоци кои ги сноси органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за преземање на одделни активности кои настануваат како последица на потребата од спроведување на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.
(4) Трошоците од ставот (1) на овој член се уплаќаат на посебна сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.07.2013 >>

Оцена на прекуграничното влијание на животната средина на проектот кој се изведува на територија на Република Северна Македонија

Член 93

(1) Доколку при утврдувањето на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина ќе се утврди дека проектот може да предизвика значително прекугранично влијание врз животната средина на територијата на

друга/и држава/и (во натамошниот текст: засегната држава), органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина на Република Северна Македонија е должен да ја/ги извести засегнатата/тите држава/и во временскиот рок во кој ј а известува и домашната јавност.
(2) Известувањето од ставот (1) на овој член особено содржи:
- известување за започнување на постапка за оцена на влијание на проектот врз животната средина,
- опис на проектот и информации за можното влијание на проектот врз животната средина,
- информации за видот на одлуката која може да биде донесена во врска со постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и
- временски рок за одговор на известувањето кој не може да биде пократок од временскиот рок кој го има домашната јавност за доставување на мислења по решението за утврдување на потребата од оцена на влијание на проектот врз животната средина.
(3) Доколку засегнатата држава одговори дека нема да учествува во постапката за оцена на влијанието врз животната средина, или не одговори на известувањето во дадениот временски рок органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја спроведува постапката за оцена на влијанието врз животната средина согласно со овој закон.
(4) Доколку засегнатата држава одговори дека е заинтересирана да учествува во постапката за оцена на влијанието врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен на засегнатата држава да и испрати:
- информации во врска со постапката за оцена на влијанието врз животната средина, вклучувајќи и временски распоред за поднесување на информации и места каде што информациите се достапни на јавноста и
- информации за предложениот проект и можното прекугранично влијание.
(5) Документацијата која се испраќа до засегнатата држава, известувањето, како и дополнителните информации се изготвуваат на официјалниот јазик на засегнатата држава.
(6) Во постапката за оцена на прекуграничното влијание на проект од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да преземе мерки на директни консултации со органите на засегнатата држава или да преземе мерки за склучување на посебни билатерални договори со засегнатата држава со кои детално би се регулирала постапката за меѓусебна консултација во оцената на влијанието на проектот врз животната средина.
(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, може да бара од засегнатата држава информации во врска со состојбата на животната средина на нејзината територија врз која проектот би можел да има значително влијание, кога тие информации се важни за подготовка на документацијата за оцена на влијанието врз животната средина.
(8) Трошоците за преводот на информациите од ставовите (5) и (7) на овој член ги сноси инвеститорот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Учество на јавноста на засегнатата држава

Член 93-а

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во соработка со надлежниот орган на засегнатата држава, е должен да создаде услови за информирање на јавноста и за добивање мислења и коментари од засегнатата јавност на засегнатата држава исто како и за домашната јавност, во согласност со законите на Република Северна Македонија.
(2) Информациите добиени од засегнатата држава, заедно со коментарите од нејзината јавност органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги зема предвид при донесување на решението за одобрување на спроведувањето на проектот.
(3) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина добие известување од друга држава дека има сознание за тоа дека во Република Северна Македонија би се спроведувал проект кој би можел да има значително прекугранично влијание, а за кој проект истата држава не била известена од страна на Република Северна Македонија во согласност со овој закон е должен, доколку оцени дека постои прекугранично влијание, да ја вклучи другата држава во постапката за оцена на влијанието врз животната средина во согласност со овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Доставување на студија и решение на засегнатата држава

Член 93-б

(1) По добивањето на студијата за оцена на влијанието врз животната средина органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја доставува истата до засегнатата/ите држава/и.
(2) Студијата од ставот (1) на овој член се доставува на официјалниот јазик на засегнатата држава. Трошоците за превод ги сноси инвеститорот.
(3) Доколку надлежниот орган на засегнатата држава организира јавна расправа за студијата за оцена на влијанието врз животната средина, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и инвеститорот се должни да учествуваат.
(4) Во текот на подготовката на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина започнува консултации со надлежниот орган на засегнатата држава во врска со мерките за намалување или елиминирање на можното прекугранично влијание од проектот. При консултациите се земаат предвид:
а) можните алтернативи на предложениот проект вклучувајќи ја и алтернативата да не се спроведе проектот и можните мерки за ублажување на значајните прекугранични влијанија и/или мониторингот на ефектите од одредени мерки;
б) други форми на можна заемна помош во намалувањето на значајните прекугранични влијанија од предложениот проект и
в) други прашања поврзани со предложениот проект.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина по донесувањето на решението со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот истото го доставува до надлежниот орган на засегнатата држава, заедно со:
а) главните причини на кои се базира одлуката и
б) опис каде што е потребно, на главните мерки за избегнување, намалување и ако е возможно надоместување на штетните влијанија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Оцена на прекуграничното влијание на животната средина на проектот кој се изведува на територија на друга држава

Член 94

(1) Ако Република Северна Македонија добие известување од надлежниот орган на друга држава за тоа дека проектот кој би се спроведувал на територијата на таа држава може да има влијание врз животната средина во Република Северна Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да одговори на известувањето во дадениот временски рок и истовремено да ја извести јавноста во Република Северна Македонија за добиеното известување.
(2) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или некој друг орган или институција на Република Северна Македонија на друг начин дознаат за проектот од ставот (1) на овој член, тие се должни веднаш да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи и надворешната трговија на Република Северна Македонија, кој треба да достави официјално известување до надлежниот орган на другата држава, со цел да се овозможи учество во постапката.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе ги извести релевантните институции и засегнатата јавност на Република Северна Македонија како да се вклучат во постапката за оцена на влијанието врз животната средина во конкретниот случај и во кој временски рок да ги доставуваат своите мислења и коментари.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да организира јавна расправа на подрачјето на Република Северна Македонија кое би било најмногу погодено од спроведувањето на проектот.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за одржување на јавната расправа праќа покани до надлежниот орган на државата во која ќе се спроведува проектот и инвеститорот".

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

XII. ИНТЕГРИРАНИ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИТЕ КОИШТО ВЛИЈААТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Општа одредба

Член 95

(1) Активностите на новите инсталации или значителните промени на постоечките, кои ги определува Владата на Република Северна Македонија, можат да се вршат само по претходно добиена интегрирана еколошка дозвола освен, ако:
- инсталацијата се дефинира како постоечка според членот 5 точка 36 од овој закон во кој случај се применува членот 134 од овој закон и
- операторот на инсталацијата која започнува со работа пред 31 декември 2009 година одлучил да поднесе барање за дозвола за усогласување со оперативен план, во согласност со временскиот распоред од членот 135 став (5) на овој закон и со одредбите од Главата XIV на овој закон.
(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава како А-интегрирана еколошка дозвола, која ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Б-интегрирана еколошка дозвола, која ја издаваат општината или градот Скопје или органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина кога се работи за инсталација која се наоѓа во заштитено подрачје, согласно со членот 123 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

1. А-интегрирана еколошка дозвола
Барање за А-интегрирана еколошка дозвола

Член 96

(1) Барањето за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола (во натамошниот текст: барање) се доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и начинот на кој се поднесува барањето и документацијата која се приложува кон барањето од ставот (1) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Постапување со барањето за А-интегрирана еколошка дозвола

Член 97

(1) Во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од членот 96 на овој закон органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, со заклучок определува со кои од податоците наведени во прописот од членот 96 став (2) на овој закон треба да се дополни барањето и во зависност од видот на недостатоците и достапноста на податоците, определува рок за дополнување на барањето кој не може да биде пократок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.
(2) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесе заклучок за дополнување на барањето, рокот потребен за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола започнува да тече од денот на приемот на дополнетото барање со податоците наведени во заклучокот од ставот (1) на овој член.
(3) Доколку барателот не постапи во согласност со заклучокот од ставот
(1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение го отфрла барањето како некомплетно.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член барателот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Усогласување во врска со барањето

Член 98

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од пет работни дена, да достави по еден примерок од комплетното барање по коешто се постапува, до:
- органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството,
- органите на државната управа надлежни за активностите кои би се вршеле во инсталацијата (во натамошниот текст: другите надлежни органи) и
- општината или градот Скопје на чиешто подрачје се изведува инсталацијата.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, врз основа на

нивно писмено барање, да го стави на располагање барањето на здруженијата на граѓани основани заради заштита и унапредување на животната средина.
(3) Органите од ставот (1) алинеи 1, 2, и 3 на овој член имаат право да доставуваат свои мислења и забелешки по однос на барањето и условите утврдени во нацртот А-интегрираната еколошка дозвола согласно со одредбите од овој закон кои се однесуваат за учество на јавноста.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Објавување на барањето за А-интегрираната еколошка дозвола

Член 99

(1) Во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави барањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата Интернет страница. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на објавата од ставот (1) на овој член.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на барањето, да обезбеди на јавноста пристап до достапните информации потребни за оформување на мислењата и на ставовите, во согласност со одредбите од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Права и обврски на општината и градот Скопје во однос на барањето

Член 100

(1) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни во рок од 30 дена од приемот на барањето, кое им е доставено во согласност со членот 98 став (1) од овој закон на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да му достават мислење, во писмена форма, во однос на наводите содржани во барањето.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, врз основа на писмено барање, на градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, во рок од 15 дена, да им ги достави или да им ги направи достапни сите информации потребни за оформување на мислењето од ставот (1) на овој член.
(3) Рокот потребен за доставување на информациите од ставот (2) на овој член не се вклучува во рокот утврден во ставот (1) од овој член.
(4) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, во рамките на рокот од ставот (1) на овој член, можат да организираат јавна расправа во врска со барањето, согласно со членот 103 став (5) од овој закон.
(5) Доколку градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје во рокот од ставот (1) на овој член не ги достават писмените мислења, се смета дека немаат за белешки по барањето.

<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>

Постапување со барањето во случај на прекугранични влијанија кога инсталацијата е на територија на Република Северна Македонија

Член 101

(1) Кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, врз основа на содржината на барањето, оцени дека вршењето на активности во инсталациите за кои се бара А интегрирана еколошка дозвола можат да предизвикаат негативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето и врз животната средина на територијата на друга држава, во согласност со обврските кои произлегуваат од меѓународните договори кои ги ратификувала Република Северна Македонија, на надлежните органи на таа држава им доставува:
- опис на активноста,
- информации за можното влијание на инсталацијата врз животната средина,
- покана за учество во постапката и
- рок од 30 дена за добивање одговор за прифаќање или за одбивање на поканата за учество.

(2) По приемот на известувањето за заинтересираност за учество во постапката или по добивањето барање за учество во постапката, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен на

надлежниот орган на другата држава да му обезбеди еднаков третман, како и за домашната јавност.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува постапките од ставовите (1) и (2) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапување со барањето во случај на прекугранични влијанија кога инсталаци јата е на територија на друга држава

Член 102

(1) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина добие известување од друга држава за покренатa постапка за издавање дозвола за интегрирано спречување и контрола на загадувањето на инсталација чијашто работа би можела да има негативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето и врз животната средина на територијата на Република Северна Македонија, тој е должен веднаш да спроведе постапка за оцена на засегнатоста на Република Северна Македонија од работата на таквата инсталација.
(2) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина оцени дека инсталацијата од ставот (1) на овој член може да има негативни последици по животот и по здравјето на луѓето и на животната средина на територијата на Република Северна Македонија, тој веднаш го известува надлежниот орган на другата држава за намерата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, релевантните институции и засегнатата јавност на Република Северна Македонија да учествуваат во постапката на издавање дозвола за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, на начин и под услови предвидени со прописите на таа држава.
(3) Доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или некој друг орган или институција на Република Северна Македонија дознаат за инсталацијата од ставот (1) на овој член, тие се должни веднаш да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешните работи и надворешната трговија на Република Северна Македонија, кој треба да достави официјално известување до надлежниот орган на другата држава, со цел да се овозможи учество во постапката од ставот (2) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Поднесување мислења во врска со барањето

Член 103

(1) Во рок од 30 дена од објавувањето на барањето, јавност може да ги достави своите мислења и ставови во писмена или електронска форма.
(2) При изготвувањето на А-интегрираната еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина
не е обврзан да ги земе предвид мислењата доставени по истекот на рокот
утврден во ставот (1) од овој член.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во образложението на А интегрираната еколошка дозвола да наведе кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени предвид, а кои не се, како и причините за тоа.
(4) На барање на засегнатата јавност, инвеститорот е должен да организира јавна расправа во рок од десет дена по истекот на рокот од ставот (1) на овој член.
(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот и постапката за организирање на јавната расправа.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја информира општината или градот Скопје за обврската на инвеститорот да организира јавна расправа по барање на засегнатата јавност.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Научно-техничка Комисија за најдобри достапни техники

Член 104

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники заради определување за најдобри достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

во Комисијата од ставот (1) на овој член назначува истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја консултира Комисијата од ставот (1) на овој член, по потреба.
(4) По предлог на Комисијата од ставот (1) на овој член министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува програма за работа на Комисијата.
(5) По предлог на Комисијата од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува национални референтни документи за најдобрите достапни техники, кои преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А- интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува поблиските услови кои треба да ги исполнат членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува работите и критериумите за кои треба да се води сметка при определување на најдобрите достапни техники, земајќи ги предвид општите и поединечните услови за секој индустриски сектор".

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Рок за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола

Член 105

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина издава А-интегрирана еколошка дозвола врз основа на ставовите и мислењата доставени согласно со членовите 100, 101 и 103 на овој закон, во рок од 60 дена од истекот на крајниот рок во кој може да се доставуваат мислења по барањето.
(2) Во случај кога барањето се однесува на особено комплексни случаи, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да го продолжи рокот од ставот (1) на овој член, но не подолго од 30 дена, за што е должен писмено да го извести барателот на А-интегрираната еколошка дозвола и да ги образложи при чините за продолжувањето.
(3) Ако при постапувањето со барањето од членот 96 на овој закон, врз основа на ставовите и мислењата доставени во согласност со членовите 100, 101 и 103 од овој закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека се потребни дополнителни податоци, со заклучок ја прекинува постапката и определува рок, кој не може да биде пократок од 15 дена, но не подолго од 30 дена од денот на приемот на заклучокот, во кој барателот на А-интегрираната еколошка дозвола треба да ги достави потребните податоци.

<< Консолидација: Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14, 15, 16, 18 и 19 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 39/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>

Одбивање да се издаде дозвола

Член 106

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина носи решение со коешто се отфрла барањето, ако:
1) начинот на кој се предлага да се вршат активностите може да предизвика штетни последици врз здравјето и животот на луѓето и врз животната средина;
2) доставеното барање не е во согласност со овој и со друг закон и прописите донесени врз основа на нив;
3) предложените техники за вршење на активноста на инсталацијата не се во согласност со најдобрите достапни техники прифатени согласно со членот 104 став (5) од овој закон, за соодветниот индустриски сектор во кој припаѓа инсталацијата и/или
4) операторот не ги доставил потребните податоци на начин и во рок определен со заклучокот од членот 97 став (1) на овој закон, а во согласност со членот 97 став (3) од овој закон.
(2) Операторот може да поднесе жалба против решението од ставот (1) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Содржина на А-интегрираната еколошка дозвола

Член 107

(1) А-интегрираната еколошка дозвола се заснова на примена на најдобрите достапни техники.
(2) А-интегрираната еколошка дозвола особено содржи податоци за операторот и инсталацијата, како и задолжителни услови кои се однесуваат на граничните вредности на емисиите, мерките за заштита на одделните медиуми и области на животната средина и начинот на вршење на мониторинг од страна на операторот на инсталацијата.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува содржината, формата, како и постапката за издавање на А интегрираната еколошка дозвола.
(4) При издавањето на А-интегрирана еколошка дозвола, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина задолжително води сметка за:
- природата и за видот на активноста којашто треба да се врши во инсталацијата,
- состојбата на животната средина на локацијата на којашто е сместена инсталацијата,
- барањата за заштита на животот и здравјето на луѓето и на животната средина пропишани со закон,
- информациите содржани во студијата или во извештајот за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина, доколку постојат,
- ставовите и мислењата доставени во согласност со членовите 100, 101 и 103 од овој закон и
- најдобрите достапни техники.
(5) Граничните вредности на емисиите за секоја од инсталациите согласно со ставот (2) од овој член, како и другите услови во А интегрираната еколошка дозвола се утврдуваат врз основа на примената на најдобрите достапни техники.
(6) Граничните вредности на емисиите од инсталацијата што се утврдуваат во А-интегрираната еколошка дозвола не смеат да бидат повисоки од пропишаните гранични вредности на емисиите.
(7) Доколку со примената на најдобрите достапни техники не можат да се постигнат пропишаните гранични вредности на стандардите за квалитет на животната средина, операторот е должен да преземе дополнителни мерки со кои се овозможува тоа.
(8) Врз основа на граничните вредности на емисиите утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, преку примената на најдобрите достапни техники и согласно со локалните географски и хидрометеоролошки услови, операторот е должен да ги задоволи стандардите за квалитет на животната средина и да го спречи или да го намали, до најмала можна мера, влијанието на инсталацијата врз животната средина, вклучувајќи го и прекуграничното влијание.
(9) Граничните вредности на емисиите што се утврдуваат во А интегрираната еколошка дозвола се применуваат на местото каде што емисиите излегуваат од инсталацијата, а можат да се определуваат и како маса и како концентрација.
(10) Доколку емисиите се испуштаат индиректно во површинска вода, при утврдувањето на граничните вредности на емисиите во А интегрираната еколошка дозвола, се земаат предвид и ефектите од постројките за пречистување на отпадните води.
(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува супстанциите за кои задолжително се пропишуваат гранични вредности на емисија во А-интегрираната еколошка дозвола согласно со ставот (5) на овој член.
(12) Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола му се доставува на операторот. Операторот може да ги достави своите забелешки во рок од 14 дена од денот на приемот на нацртот на дозволата.
(13) Нацртот на А-интегрираната еколошка дозвола се објавува за јавноста на начин пропишан од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Јавноста може да ги достави своите забелешки во рок од 14 дена од објавувањето на нацртот на дозволата. На барање на јавноста, операторот е должен да организира јавна расправа за Нацрт А - интегрираната еколошка дозвола.
(14) При определувањето на граничните вредности во А-интегрираните еколошки дозволи задолжително се води сметка за задоволување на квалитетот на медиумите на животната средина.
(15) Во случај кога не е донесен национален референтен документ за одреден сектор од членот 104 став (5) на овој закон, при утврдувањето на најдобрите достапни техники во издавањето на А-интегрираната еколошка дозвола се земаат предвид Референтните документи на Европската унија, кои соодветно
се утврдуваат во А-интегрираната еколошка дозвола.
(16) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, донесува детални упатства заради спроведување на постапката за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола".

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Издавање на А-интегрирана еколошка дозвола

Член 108

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение со кое се издава А интегрирана еколошка дозвола во кое се наведуваат условите за работа на инсталацијата со А-интегрирана еколошка дозвола.
(2) Два примерока од А-интегрираната еколошка дозвола ги задржува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, од кои едниот се задржува за Регистарот на А-интегрираните еколошки дозволи, а другиот служи за обезбедување увид на јавноста во дозволата. Примерок од А - интегрираната еколошка дозвола се доставува до Државниот инспекторат за животна средина и до општината на чија територија се наоѓа инсталацијата и до градот Скопје кога инсталацијата е на територијата на градот Скопје.
(3) Надлежниот орган нема да издаде дозвола за работа на инсталацијата за која се прибавува А-интегрирана еколошка дозвола, доколку операторот не му ја достави А-интегрираната еколошка дозвола.
(4) За инсталациите за кои е задолжителна оцена на влијанијата врз животната средина, А-интегрирана еколошка дозвола може да се издаде само по претходно донесено решение со кое се дава согласност на студијата за оцена на влијанието на проектот, во согласност со членот 87 став (1) од овој закон.
(5) Жалба против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе од страна на засегнати правни и физички лица, како и од здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од објавувањето на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.
(6) Против решението од ставот (1) на овој член операторот може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена единствено во однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во нацртот на дозволата или за кои операторот дал забелешки, а не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.
(7) Решението од ставот (1) на овој член се издава врз основа на увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдување на исполнувањето на барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола, што го спроведува, органот надлежен за вршење на стручни работи во областа на животната средина.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува начинот и постапката за вршење на увидот од ставот (7) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Регистар на А-интегрирана еколошка дозвола

Член 109

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да води и одржува Регистар на А-интегрирани еколошки дозволи.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот од ставот (1) на овој член, како и начинот на доставувањето на податоците за упис во Регистарот.

<< Се применува од 01.01.2006 >>

Општи обврски на операторот

Член 110

Операторот е должен, за време на важноста на А интегрираната еколошка дозвола и пет години по истекот на нејзината важност, да ги чува сите документи и податоци во врска со барањето, издавањето и мониторингот предвиден со задолжителните услови во интегрираната еколошка дозвола и да ги направи достапни по барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Државниот инспекторат за животна средина.

<< Се применува од 01.01.2006 >>

Обврски на носителот на А-интегрираната еколошка дозвола за известување

Член 111

(1) Носителот на А-интегрираната еколошка дозвола е должен да го известува
органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, и тоа:

- редовно, за резултатите од мониторингот спроведуван согласно со задолжителните условите од А-интегрираната еколошка дозвола,
- веднаш, за секој дефект, несреќа и/или хаварија што имале или би можеле да имаат значително влијание врз здравјето на луѓето, животната средина или на имотот,
- за секоја промена во работата на инсталацијата која може да има влијание врз здравјето на луѓето, животната средина или имотот и
- за секоја планирана промена на лицата со посебни овластува во врска со А-интегрираната еколошка дозвола кои управуваат со инсталацијата.
(2) Носителот на А-интегрирана еколошка дозвола е должен да ги почитува сите услови од дозволата при користењето и управувањето на инсталацијата.
(3) Заради спроведување на обврската од ставот (2) на овој член операторот на инсталацијата е должен да именува лице кое ќе биде одговорно за спроведувањето на условите утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Обврска за асистенција

Член 112

По барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или Државниот инспекторат за животна средина, носителот на А-интегрираната еколошка дозвола е должен:
- да обезбеди целосна асистенција на државниот инспектор кој врши инспекција на инсталацијата,
- да овозможи пристап до местата каде што се земаат мостри и до точките на мониторинг означени во А-интегрираната еколошка дозвола и да овозможи собирање на податоци за усогласеноста на работата на инсталацијата со задолжителните услови од А-интегрираната еколошка дозвола со овој закон и
- да ги достави потребните податоци до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за издавање, измена или за одземање на А интегрираната еколошка дозвола.

<< Се применува од 01.01.2006 >>

Објавување на А-интегрираната еколошка дозвола

Член 113

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од 15 дена од денот на издавањето да ја објави А-интегрираната еколошка дозвола на својата Интернет страница и во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и да овозможи увид на заинтересираната јавност во информациите во врска со учеството на јавноста во постапката за издавање на дозволата и во мислењата кои се земени предвид и врз основа на кои е издадена дозволата. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува содржината на објавата од ставот (1) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Изменувања на А-интегрираната еколошка дозвола

Член 114

А-интегрираната еколошка дозвола може да биде изменета по службена должност или по барање на операторот.

<< Се применува од 01.01.2006 >>

Измена на А-интегрираната еколошка дозвола по службена должност

Член 115

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина одлучува за изменување на А-интегрираната еколошка дозвола по службена должност во следниве случаи:
- при промени во развојот на најдобрите достапни техники кои можат да овозможат значително намалување на емисиите, без прекумерни трошоци,
- кога безбедноста во работењето на инсталацијата бара употреба на поинакви технологии,

- кога загадувањето на животната средина се зголемило до таа мера што предизвикува штетни последици по животот и по здравјето на луѓето и на животната средина поради што е потребно промена на граничните вредности на емисии односно условите утврдени во дозволата заради почитување на стандардите за квалитет на животната средина,
- при настанување на измени во прописите за заштита на животната средина кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата и/или
- кога генералната еколошка ревизија бара условите во А-интегрираната еколошка дозвола да бидат променети.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение за измена на А интегрираната еколошка дозвола.
(3) Операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од доставувањето на решението од ставот (2) на овој член.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го определува временскиот период во кој вршителот на активноста е должен да го усогласи работењето на инсталацијата со барањата содржани во изменетата А-интегрирана еколошка дозвола.
(5) Измените на А-интегрираната еколошка дозвола или измените на условите во А-интегрираната еколошка дозвола се вршат според постапката за издавање на нова А-интегрирана еколошка дозвола.
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, редовно, секои седум години да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите да ги промени.
(7) Операторот поднесува барање за обновување на А интегрираната еколошка дозвола до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина најдоцна една година пред истекот на временскиот период од ставот (6) на овој член.
(8) Одредбите од овој закон кој се однесуваат на издавање на А интегрирана еколошка дозвола, постапката, учеството на јавноста, условите и содржината на А-интегрираната еколошка дозвола, како и условите за поднесување на жалби ќе се применуваат и на по стапката за обновување на А-интегрираната еколошка дозвола.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Измена на А-интегрираната еколошка дозвола по барање на носителот на дозволата

Член 116

(1) Известувањето од членот 111 став (1) алинеја 3 на овој закон задолжително треба да содржи информации за обемот и за начинот на кој се извршуваат планираните промени во работењето на инсталацијата, како и за влијанието на промените врз животната средина.
(2) Како надминување на пропишаното ниво на негативни влијанија врз животната средина не се смета надминувањето коешто не ги менува задолжителните услови на А-интегрираната еколошка дозвола, а особено, ако:
- не ја зголемува потрошувачката на суровини или на енергија,
- не го зголемува количеството отпад што се создава при работењето,
- не го зголемува нивото на емисиите во животната средина и/или
- не бара изменувања во извештајот за безбедноста, кога е пропишано дека таквиот извештај се доставува задолжително.
(3) Во случај кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе утврди дека промените од ставот (1) на овој член можат да предизвикаат поголемо надминување на пропишаното ниво на негативни влијанија врз животната средина, од операторот се бара да го дополни барањето со елементите наведени во прописот од членот 96 став (2) на овој закон и се определува временскиот рок во кој треба да се достави дополнувањето.
(4) Ако органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина утврди дека со изведувањето на промената во работењето на инсталацијата нема да се надмине нивото на негативното влијанија врз животната средина, тој треба да ја измени А-интегрираната еколошка дозвола.

<< Консолидација: Влегува во сила на 21.04.2011 >>

Постапка за изменување на А-интегрираната еколошка дозвола

Член 117

(1) Во случаите од членовите 115 и 116 на овој закон органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина треба да ја измени А-интегрираната еколошка дозвола во рок од 90 дена од денот на приемот на целосната документација при што треба да ги земе предвид одредбите од овој закон кои се однесуваат на:
- општите услови за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола,

- учеството на јавноста во постапката за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола,
- постапката за издавање на А-интегрираната еколошка дозвола и
- постапката за утврдување на исполнетоста на барањата утврдени во А-интегрираната еколошка дозвола.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува начинот и постапката за изменување на А-интегрираната еколошка дозвола.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Пренос на А-интегрираната еколошка дозвола

Член 118

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина може да изврши делумен или целосен пренос на А- интегрираната еколошка дозвола, по заедничко барање на операторот од кој се пренесува дозволата и на операторот на кој се пренесува дозволата.
(2) Содржината на барањето ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето да донесе решение за делумен или целосен пренос на А- интегрираната еколошка дозвола и истото да го објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата Интернет страница. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот кој бара пренос на дозволата.
(4) Засегнатите правни и физички лица и здруженијата на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од објавувањето на решението од ставот (3) на овој член. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(5) Во случај на делумен пренос на А-интегрираната еколошка дозвола, операторот е должен да достави скица на којашто е точно наведено која инсталација или дел од инсталацијата има намера да го пренесе на друг оператор. При делумен пренос на дозволата можат да се променат условите на дозволата, поради поделбата на емисиите.
(6) При делумен пренос, на операторот на кој се пренесува дозволата му се издава нова дозвола за делот на инсталацијата којашто ја презема со точна назнака за тоа на кои делови од инсталацијата се однесува.
(7) Операторите од ставот (1) на овој член имаат право да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението од ставот (3) на овој член само во однос на новите задолжителни услови утврдени во дозволата.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Одземање на А-интегрираната еколошка дозвола

Член 119

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната среди
на донесува решение за одземање на А интегрирана еколошка дозвола,
доколку операторот:
- повеќе од трипати ги прекршил задолжителните услови утврдени во А- интегрираната еколошка дозвола, што е утврдено со правосилни решенија на Државниот инспекторат за животна средина,
- извршил измени на инсталацијата, без да добие дозвола од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или активноста не ја врши во обем и во време утврдено во А- интегрираната еколошка дозвола.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина веднаш го известува операторот кој е носител на А- интегрираната еколошка дозвола, како и други надлежни органи, за започнувањето на постапката за донесување решение за одземање на А- интегрираната еколошка дозвола, како и за причините поради кои се донесува решението.
(3) Операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен против решението од ставот (1) на овој член, во рок од 15 дена од доставувањето на решението.
(4) Носителот на А-интегрираната еколошка дозвола нема право на надоместок за штетата настаната со одземањето на А интегрираната еколошка дозвола.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанокот на работата на инсталацијата

Член 120

(1) Операторот на инсталација со А-интегрирана еколошка дозвола е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за намерата за престанок на работа на инсталацијата и е должен да му предложи план со мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата.
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го одобрува планот од ставот (1) на овој член ако оцени дека со предложените мерки ќе се обезбеди враќање на животната средина во задоволителна состојба.
(3) Операторот е должен да ги спроведе мерките на начин и во рок утврден во планот од ставот (1) на овој член.
(4) Доколку операторот ја врати животната средина во задоволителна состојба, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина одлучува дел од надоместокот од членот 121 став (1) алинеја 3 на овој закон да му биде вратен земајќи ги предвид трошоците за ремедијација на локацијата, состојбата на локацијата и одобрениот план.
(5) Доколку операторот не ја врати животната средина во задоволителна состојба органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе го стори тоа со средствата од надоместокот предвиден во членот 121 став (1) алинеја 3 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Надоместок

Член 121

(1) Операторите на инсталациите се должни да плаќаат надоместок:
- при поднесување на барање за А-интегрирана еколошка дозвола,- при поднесување на барање за измени или пренос на А интегрираната еколошка дозвола,
- за поседување на А-интегрирана еколошка дозвола, кој се плаќа годишно и
- за редовен надзор на инсталацијата, во согласност со условите во А- интегрираната еколошка дозвола.

(2) Владата на Република Северна Македонија ја пропишува висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите од ставот (1) на овој член на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Определувањето на висината на надоместокот од ставот (2) на овој член се врши врз основа на бројот на местата на инсталацијата од кои се испуштаат емисии во животната средина, бројот на задолжителните услови и мерки утврдени во дозволата, видот и големината на емисиите во животната средина, како и врз основа на површината што ја зафаќа инсталацијата. Висината на надоместокот, утврден за секој индустриски сектор одделно, не може да биде помалку од 1.000 денари ни повеќе од 9.000 денари по број, вид, големина и површина по хектар.
(4) Средствата добиени од надоместокот од ставот (1) на овој член се уплаќаат на посебна сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, а се користат за покривање на трошоците за добивање, пренос или измена, како и контрола на А- интегрираната еколошка дозвола, за покривање на трошоците за мерките за ремедијација од членот 120 на овој закон, како и за работата на Комисијата за најдобри достапни техники.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 121-а

Вградување на услови од друга дозвола, одобрение и/или согласност
(1) Кога за вршење на определена дејност на инсталациите кои треба да поседуваат А-интегрирана еколошка дозвола е потребно добивање и на друга дозвола, одобрение и/или согласност од друг орган, операторот е должен да ги достави истите на органот надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Условите и мерките утврдени во другата дозвола, одобрение и/или согласност соодветно се вградуваат во А-интегрираната еколошка дозвола.
(2) Кога за вршење на определена дејност на инсталациите кои треба да поседуваат А-интегрирана еколошка дозвола е потребно добивање и на дозвола, одобрение и/или согласност кои ги издава органот надлежен за работите од областа на животната средина, тогаш условите и мерките за добивање на истите задолжително се вградуваат во А-интегрираната еколошка дозвола.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

2. Б-интегрирана еколошка дозвола

Б-интегрирана еколошка дозвола

Член 122

(1) Операторите на нови инсталации со емисии штетни за животната средина и за животот и здравјето на луѓето, кои не се определени во согласност со прописот од членот 95 став (1) на овој закон, се должни да обезбедат Б-интегрирана еколошка дозвола.
(2) Владата на Република Северна Македонија ги определува инсталациите за кои е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, поблиску ја пропишува постапката за издавање, измена, целосен или делумен пренос на Б- интегрираната еколошка дозвола, условите за престанок на активноста и условите за одземање и престанок на дозволата.
(4) Доколку поинаку не е регулирано во Главата XII точка 2 од овој закон, во постапката за добивање на Б - интегрирана еколошка дозвола соодветно се применуваат одредбите за добивање на А - интегрирана еколошка дозвола од Главата XII точка 1 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Органи надлежни за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола

Член 123

(1) Орган надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола е градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје. Во случај кога инсталацијата се наоѓа во заштитено подрачје утврдено согласно со закон, орган надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола е органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) За издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, општината и градот Скопје, треба да имаат определено најмалку едно лице во локалната администрација , кое има висока стручна подготовка од областа на природните и техничките науки.
(3) Општината и градот Скопје, за исполнување на условите од ставот (2) на овој член, го известуваат органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Општините можат да формираат заедничка администрација за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Барање за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола

Член 124

(1) За издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола операторот поднесува барање до надлежните органи на општината, на градот Скопје или до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на барањето, како и начинот на кој се поднесува барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација која се приложува кон барањето.

<< Се применува од 01.01.2006 >>

Содржина на Б-интегрираната еколошка дозвола

Член 125

(1) Б-интегрираната еколошка дозвола особено содржи податоци за операторот и инсталацијата, како и барањата кои операторот мора да ги исполни во врска со работењето на инсталацијата, во согласност со условите утврдени во закон и прописите донесени врз основа на закон.
(2) Во дозволата од ставот (1) на овој член се наведуваат и обврските во однос на мониторингот на емисиите, определувањето на методите и зачестеноста на мерењата.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува формата и содржината на дозволата од ставот (1) на овој член.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

ги пропишува супстанциите и нивните гранични вредности на емисии кои се утврдуваат со Б- интегрираната еколошка дозвола доколку не се утврдени со посебен закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола

Член 126

(1) Ако надлежниот орган од членот 123 став (1) од овој закон, врз основа на целосното барање, утврди дека влијанието на инсталацијата врз животната средина е во рамките на пропишаните граници и вредности, тој е должен да донесе решение со кое се издава Б-интегрираната еколошка дозвола, во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето.
(2) Против решението на надлежниот орган од членот 123 став (1) на овој член, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.
(3) Жалба против решението од ставот (2) на овој член можат да поднесат засегнати правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.
(4) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни да водат општински, односно градски регистар на Б-интегрирани еколошки дозволи за своето подрачје, како и да достават копија до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води и одржува регистар на издадени Б-интегрирани еколошки дозволи.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на регистарот од ставовите (5) и (6) на овој член, како и начинот на доставување на податоците за упис во регистарот.
(7) Кога покрај Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата се потребни добивање на други дозволи поврзани со користење и експлоатација на природни богатства или дозволи за испуштања во животната средина, органот надлежен за издавање на Б-итегрираната дозвола од членот 123 став (1) од овој закон нема да ја издаде дозволата доколку инвеститорот не ги обезбеди потребните дозволи. Условите и мерките утврдени во другите дозволи соодветно се вградуваат во Б- интегрираната еколошка дозвола.
(8) Органот кој ја издал Б-интегрираната еколошка дозвола е должен на секои седум години да ги проверува условите утврдени со дозволата и доколку настанале измени во прописите за заштита на животната средина кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата е должен да покрене постапка за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.
(9) Спроведувањето на постапката за издавање на Б-интегрираната еколошка дозвола, како и водењето на регистарот може да се врши и на електронски начин.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Исполнување на барањата

Член 127

(1) Надлежниот орган нема да издаде дозвола за работа на инсталацијата, за која се прибавува Б-интегрирана еколошка дозвола, доколку операторот не му ја достави Б-интегрираната еколошка дозвола.
(2) Исполнувањето на барањата утврдени во Б-интегрираната еколошка дозвола го утврдува надлежниот орган од членот 124 став (1) од овој закон преку увид во инсталацијата и нејзината работа, за што издава решение.
(3) Против решението на надлежниот орган од ставот (2) на овој член, операторот на инсталација има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува начинот и постапката за вршење на увидот од ставот (2) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Оцена на влијанијата врз животната средина

Член 128

За инсталации за кои е задолжителна оцена на влијанијата врз животната средина, Б-интегрирана еколошка дозвола може да се издаде само по претходно донесено решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, во согласност со членот 87 став (1) од овој закон.

<< Се применува од 01.01.2006 >>

Надоместоци

Член 129

(1) Операторите на инсталациите се должни да плаќаат надоместок:
- при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола,
- при поднесување на барање за измена или пренос на Б-интегрирана еколошка дозвола,
- за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола, која се плаќа годишно и
- за редовен надзор на инсталацијата, во согласност со условите во Б- интегрираната еколошка дозвола.

(2) Владата на Република Северна Македонија ја пропишува висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите од ставот (1) на овој член на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Определувањето на висината на надоместокот од ставот (2) на овој член се врши врз основа на бројот на местата на инсталацијата од кои се испуштаат емисии во животната средина, бројот на задолжителните услови и мерки утврдени во дозволата, видот и големината на емисиите во животната средина, како и врз основа на површината што ја зафаќа инсталацијата. Висината на надоместокот, утврден за секој индустриски сектор одделно, не може да биде помалку од 300 денари ни повеќе од 3.000 денари по број, вид, големина и површина по хектар.

(4) Средствата добиени од надоместокот од ставот (1) на овој член се уплаќаат на посебна буџетска сметка, како приход на буџетот на општината, односно како приход на Буџетот на градот Скопје, а се користат за покривање на трошоците за добивање, пренос или измени и контрола на Б-интегрираната еколошка дозвола.

(5) Средствата добиени од надоместокот од ставот (1) на овој член за Б- интегрирана еколошка дозвола во заштитено подрачје се уплаќаат на посебна сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, а се користат за покривање на трошоците за добивање, пренос или измена, како и контрола на Б-интегрираната еколошка дозвола во заштитено подрачје.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XIII. ГЕНЕРАЛНА ЕКОЛОШКА РЕВИЗИЈА

Генерална еколошка ревизија

Член 130

(1) Операторот е должен да изврши генерална еколошка ревизија при: престанокот на активностите на инсталацијата со А интегрирана еколошка дозвола и целосен или делумен пренос на А-интегрирана еколошка дозвола.

(2) Кон барањето за спроведување на работите од ставот (1) на овој член, операторот го приложува извештајот од извршената генерална еколошка ревизија.

(3) Генералната еколошка ревизија можат да ја вршат правни и физички лица согласно со условите предвидени во Законот за процена.

(4) Генералната еколошка ревизија се изведува според меѓународни унифицирани стандарди и општоприфатени методологии и принципи согласно со прописите за процена.

(5) Наодите од генералната еколошка ревизија му се доставуваат на операторот во вид на извештај. Операторот го доставува извештајот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(6) Генерална еколошка ревизија може да се врши и врз други инсталации или објекти на барање на операторот, или на барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во случај кога се врши пренос на сопственост на инсталацијата.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.07.2013 >>

Право на генерална еколошка ревизија

Член 131

Членот 131 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.07.2013 >>

Регистрација на еколошки ревизори

Член 132

Членот 132 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.07.2013 >>

Надзор на работата на еколошките ревизори

Член 133

Членот 133 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.07.2013 >>

XIV ДОЗВОЛИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ОПЕРАТИВНИ ПЛАНОВИ

Дозволи за усогласување со оперативни планови

Член 134

(1) Операторите на постојните инсталации, кои се определени од страна на Владата на Република Северна Македонија согласно со членовите 95 став (1) и 122 став (2) од овој закон, се должни да обезбедат дозвола за усогласување со оперативен план како услов за продолжување, односно отпочнување на работата на инсталацијата, до исполнување на условите за добивање на интегрирана еколошка дозвола.

(2) Доколку поинаку не е регулирано во оваа глава, во постапката за добивање на дозволи за усогласување со оперативни планови соодветно се применуваат одредбите од Главата XII на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план

Член 135

(1) Постапката за добивање дозвола за усогласување со оперативен план започнува со доставување барање за добивање дозвола за усогласување заедно со предлогот на оперативниот план, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, кога се работи за инсталација за којашто е потребна А-интегрирана еколошка дозвола, односно за Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталација во заштитено подрачје и до градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје, кога се работи за инсталација за којашто е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) податоци за операторот и финансиски показатели за неговото работење;

2) опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзаните активности;

3) податоци за начинот на управување и контрола на инсталацијата;

4) податоци за суровините и помошните материјали, други супстанции и енергии употребени или произведени во инсталацијата;

5) ракување со материјалите;

6) емисии (приказ на емисиите во сите медиуми и области на животната средина);

7) состојби на локацијата и влијанието на активноста;

8) опис на технологиите и другите техники за спречување или, доколку тоа не е можно, намалување на емисиите на загадувачките материи;

9) места на мониторинг и земање примероци;

10) еколошки аспекти и најдобри достапни техники;

11) оперативен план;

12) опис на други планирани превентивни мерки;

13) ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите и

14) нетехничко резиме на барањето.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, поблиску ги пропишува формата, содржината и начинот на доставување на барањето од ставот (1) на овој член, како и документацијата која се приложува кон барањето.

(4) Операторите се должни барањето од ставот (1) на овој член да го достават до надлежниот орган од членот 135 став

(1) на овој закон, почнувајќи од 1 јануари 2006 година и најкасно до 31 декември 2009 година, а во согласност со временскиот распоред што го утврдува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Временскиот распоред од ставот (5) на овој член се утврдува како временски интервал од шест месеца, посебно за секој индустриски сектор.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Објавување на барањето за дозвола за усогласување со оперативен план и одржување на јавна расправа

Член 136

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни барањето за добивање на дозвола за усогласување со предлогот на оперативниот план да го објават во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на нивните веб страници, во рок од седум дена од денот на приемот на комплетното барање, со информации каде што јавноста може да има пристап до истото за да го разгледа во целост и/или да даде мислење. Објавата на барањето е на трошок на барателот на дозволата
(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, можат да организираат јавна расправа во рок не подолг од 25 дена од денот на објавувањето на комплетното барање.
(3) Засегнатата јавност, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на комплетното барање, има право да достави мислења и коментари до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно до градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје.
(4) По исклучок од ставот (2) на овој член надлежниот орган за издавање на дозволата е должен да организира јавна расправа од ставот (2) на овој член, кога до него е доставено барање за одржување на јавна расправа во рок од 20 дена од денот на објавувањето на барањето:
- од страна на најмалку едно здружение на граѓани за заштита и унапредување на животната средина,
- од страна на најмалку еден субјект од засегната јавност и
- тоа го барале градоначалникот на општината и/или градоначалникот на општините во градот Скопје, и/или градоначалникот на градот Скопје во случај на издавање на дозволи за усогласување со оперативен план за А-интегрирани еколошки дозволи и Б - интегрирани еколошки дозволи.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Содржина на оперативните планови и експерти за изработка на оперативните планови

Член 137

(1) Оперативниот план е составен дел на дозволата за усогласување.
(2) Оперативниот план содржи:
- мерки, фазни решенија и рокови за постигнување на условите за добивање интегрирана еколошка дозвола,
- услови за работа на инсталацијата,
- распоред за реализација на планот, по одделни фази,
- мониторинг и начин на известување,
- приказ на финансиските средства потребни за реализација на секоја од фазите на оперативниот план и приказ на вкупните потребни средства за реализација на планот,
- вредностите на емисиите за време на реализација на одделните фази на планот,
- индикатори за потрошувачка на суровини, енергија, природни богатства, вода и други материјали по одделни фази на планот и
- други работи утврдени во посебните закони за заштита на одделни медиуми и области на животната средина.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува содржината на оперативните планови.
(4) Фазата на оперативниот план од ставот (2) точка 3 на овој член претставува збир од задачи што треба да се исполнат во период кој не може да биде подолг од 12 месеца.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Рок за реализација

Член 138

(1) Операторите се должни оперативните планови да ги реализираат во поединечно утврдениот рок, но не подоцна од 1 април 2014 година.

(2) Поединечниот рок за реализација на оперативните планови, од ставот (1) на овој член, се утврдува во оперативниот план за секоја инсталација посебно, според влијанието врз животна средина, емисиите и обемот на емисиите од секоја инсталација, финансиската можност за реализација на оперативниот план, бројот и структурата на вработените, локацијата и местоположбата на инсталацијата и техничката опременост на инсталацијата.

(3) Поединечните рокови за реализација на оперативните планови од ставот (1) на овој член, за инсталации кои треба да поседуваат А- интегрирана еколошка дозвола, се определува во временска рамка која е доволна за постигнување на условите за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола.

(4) Поединечните рокови за реализација на оперативните планови од ставот (1) на овој член, за инсталации кои треба да поседуваат Б- интегрирана еколошка дозвола, се определува во временска рамка која е доволна за постигнување на условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

(5) Операторот е должен во рок од 30 дена пред истекот на поединечниот рок за реализацијата на оперативниот план од ставот (2) на овој член и исполнувањето на обврските од оперативниот план, да го извести надлежниот орган од членот 135 став (1) на овој закон.

(6) Врз основа на известувањето од ставот (5) на овој член за исполнувањето на обврските од оперативниот план, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува решение со кое се издава А-интегрирана еколошка дозвола во согласност со членовите 107 став (13) и 108 ставови (1), (2), (5), (6), (7), (8) и (9) од овој закон, односно со членовите 126 и 127 ставови (2), (4) и (5) од овој закон за Б-интегрирани еколошки дозволи во заштитено подрачје.

(7) Пред донесување на решението од ставот (6) на овој член, Државниот инспекторат за животна средина врши увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдување на исполнувањето на обврските од оперативниот план како и барањата утврдени во А - интегрираната еколошка дозвола за усогласување на оперативен план.

(8) Врз основа на известувањето од ставот (5) на овој член, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, донесуваат решение со кое се издава Б-интегрирана еколошка дозвола во согласност со членовите 126 и 127 ставови (2), (3) и (5) од овој закон.

(9) Пред донесувањето на решението за издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола од страна на градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, овластен инспектор за животна средина врши увид во инсталацијата и нејзината работа заради утврдувањето на исполнувањето на обврските од оперативниот план, како и барањата утврдени во Б - интегрираната еколошка дозвола за усогласување со оперативен план.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Исклучоци

Член 139

(1) По исклучок од членот 138 на овој закон кога органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ќе утврди дека постигнувањето на условите за добивање на интегрирана еколошка дозвола и Б интегрирана еколошка дозвола во заштитено подрачје не може да се постигне до 1 април 2014 година, за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија, со предлог за добивање на дополнителен рок за реализација на оперативниот план.

(2) По исклучок од членот 138 на овој закон, кога градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје ќе утврдат дека постигнувањето на условите за добивање на интегрирана еколошка дозвола не може да се постигне до 1 април 2014 година, за тоа го известуваат органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, со предлог за добивање на дополнителен рок за реализација на оперативниот план.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го разгледува секој случај поединечно и за тоа ја известува Владата на Република Северна Македонија, со предлог за добивање на дополнителен рок за реализација на оперативниот план.

(4) Владата на Република Северна Македонија, во случајот од ставовите (1) и (2) на овој член, може да утврди дополнителени рок, за секоја инсталација поединечно, кој не може да биде подолг од 1 април 2019 година.

(5) Владата на Република Северна Македонија, во случајот од ставовите (1) и (2) на овој член, може да утврди дополнителен рок за големите согорувачки инсталации со капацитет поголем од 50 MW, кој не може да биде подолг од 1 јануари 2026 година.

(6) Во рамките на рокот од ставот (4) и ставот (5) на овој член операторите се должни да ги усогласат своите оперативни планови, согласно со постапката пропишана со членовите 141 и 144 од овој закон.

(7) Во случај кога за инсталација од членот 134 на овој закон се утврди дека рокот за постигнување на условите за добивање на интегрирана еколошка дозвола го надминува рокот на оперативност на инсталацијата, во тој случај во

дозволата за усогласување со оперативниот план се утврдуваат начинот, условите и мерките за затворање на инсталацијата.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Содржина на дозволата за усогласување со оперативен план

Член 140

(1) Во дозволата за усогласување со оперативен план се утврдува висината на финансиската гаранција, која треба да ја обезбеди операторот, како посебна мерка за обезбедување на реализацијата на оперативните планови, доволна за покривање на трошоците за спроведување на една фаза од оперативниот план со средна вредност.
(2) Сите постојни дозволи поврзани со инсталацијата за која се прибавува
А-интегрирана еколошка дозвола, соодветно се интегрираат во дозволата за усогласување со оперативен план, доколку се опфатени во оперативниот план.
(3) По исклучок, кога во дозволата за усогласување со оперативен план не се предвидени финансиски гаранции од ставот (1) на овој член, тогаш во дозволата се определуваат посебни пенали на товар на операторите на инсталациите, кои се активираат доколку операторите не се придржуваат кон утврдените мерки, рокови и услови во дозволата.
(4) Во рок од десет дена од денот на издавањето на дозволата за усогласување со оперативен план, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија и на својата веб страница, да објават дека е издадена дозвола за усогласување со оперативен план, со информации каде што може да се добие на увид дозволата заедно со оперативниот план. Објавата во дневниот весник е на трошок на барателот на дозволата.
(5) Органите од членот 135 став (1) на овој закон се должни да водат Регистар на дозволи за усогласување со оперативни планови. Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, се должни да доставуваат податоци за дозволите за усогласување со оперативни планови до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во согласност со прописот од ставот (6) на овој член.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува содржината на дозволата за усогласување со оперативен план и начинот на водење, како и начинот и постапката на кои се доставуваат податоците за Регистарот од ставот (5) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапката за добивање на дозволата и начинот на преговарање и постигнување согласност околу содржината и рокот за реализација на оперативните планови

Член 141

(1) Постапката за добивање на дозволата за усогласување со оперативен план се одвива по пат на преговори меѓу операторот на инсталацијата и органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.
(2) Постапката за преговарање и постигнување согласност за содржината на оперативниот план и рокот за реализација на оперативниот план, поблиску ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Согласноста за содржината и рокот за реализацијата на оперативниот план, треба да се постигне во рок од една година од поднесувањето на барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативниот план. Доколку во тој рок не се постигне согласност, одговорното лице во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни за тоа да го известат министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(4) Во случај кога градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина нема да постапат согласно со ставот (3) од овој член, одговорното лице во операторот е должен за тоа да го извести министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(5) Во случаите од ставовите (3) и (4) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, во рок од 30 дена од денот на добивање на известувањето од ставовите (3) и (4) на овој член, да ја формира Комисијата за оперативни планови од членот 144 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Измени во дозволата за усогласување со оперативниот план

Член 142

(1) Дозволата за усогласување со оперативен план може да се измени, ако:
- операторот на инсталацијата предложи поефикасно решение од гледна точка на животната средина,
- потребата од измена е резултат на измената во законите и во другите прописи,
- дојде до промена во најдобрите достапни техники или
- генералната еколошка ревизија тоа го бара.

(2) Постапката за измена на дозволата за усогласување со оперативен план се спроведува во согласност со одредбите од овој закон кои се однесуваат на издавањето на дозвола за усогласување со оперативен план.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку причина за измена на дозволата е измена на граничните вредности утврдени во законите и другите прописи, дозволите за усогласување со оперативен план се менуваат по службена должност од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно општините или градот Скопје со донесување на решение за изменување на дозволата за усогласување со оперативен план без спроведување на постапката за измена на дозволата.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Член 142-а

Надоместок за дозвола за усогласување

(1) Операторите на инсталациите се должни да плаќаат надоместок:
- при поднесување на барање за добивање на Дозвола за усогласување со Оперативниот план,
- за поседување на Дозвола за усогласување со Оперативниот план, кој се плаќа годишно,
- за измена на Дозволата за усогласување со Оперативниот план, освен во случаите од членот 142 став (3) од овој закон
- за редовен надзор на инсталацијата, во согласност со Дозволата за усогласување со Оперативниот план и
- при затворање на инсталацијата.

(2) Владата на Република Северна Македонија ја пропишува висината на надоместокот од ставот (1) на овој член.

(3) Определувањето на висината на надоместокот од ставот (2) на овој член се врши врз основа на бројот на местата на инсталацијата од кои се испуштаат емисии во животната средина, бројот на задолжителните услови и мерки утврдени во дозволата, видот и големината на емисиите во животната средина, како и врз основа на површината што ја зафаќа инсталацијата. Висината на надоместокот, утврден за секој индустриски сектор одделно и посебно за А и Б интегрирани еколошки дозволи, не може да биде помалку од 200 денари ни повеќе од 7.000 денари по број, вид, големина и површина по хектар.

(4) Средствата добиени од надоместокот од ставот (2) на овој член од
инсталациите за коишто е потребна А-интегрирана еколошка дозвола, се уплаќаат на посебна сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина .

(5) Средствата добиени од надоместокот од ставот (2) на овој член од инсталациите за коишто е потребна Б-интегрирана еколошка дозвола, се уплаќаат на посебна сметка на општината, односно градот Скопје.

"(6) Средствата добиени од надоместокот од ставот (2) на овој член се користат за покривање на трошоците на надлежниот орган за добивање, пренос и/или измена, како и контрола на Дозволата за усогласување со Оперативниот план.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Финансиска гаранција и пенали за неисполнување на обврските

Член 143

Во случај на неисполнување на обврските утврдени во оперативниот план, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје може да ја активира финансиската гаранција или да бара извршување на пеналите определени во дозволата за усогласување.

Решавање на споровите

Член 144

(1) Споровите во врска со содржината и рокот за реализација на оперативните планови, како и споровите во врска со преговорите од членот 141 на овој закон, кои не завршиле со постигнување на согласност, ги решава Комисијата за оперативни планови (во натамошниот текст: Комисијата).
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, врз основа на номинацијата од ставовите (3) и (4) на овој член формира Комисија, за секој случај одделно. Комисијата е составена од претседател и четири члена од Листата на експерти. Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина формира Листа на експерти од областа на животната средина, економијата, техничките и правните науки, од која ќе се избираат членовите на Комисијата.
(3) При формирање на Комисијата по два члена од Листата од став (2) на овој член номинираат операторот и органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје .
(4) Номинираните членови од став (3) на овој член заеднички го назначуваат претседателот на Комисијата од Листата на експерти од став (2) на овој член, со што се констатира дека е формирана Комисијата за одделниот случај.
(5) Комисијата донесува одлука во рок од два месеца по приемот на потребните податоци.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ја пропишува работата и организацијата на Комисијата, како и начинот на нејзината работа.
(7) Кога Комисијата расправа за оперативен план за кој е утврден дополнителен рок согласно со членот 139 став (4) и став (5) од овој закон, таа е надлежна да решава само за содржината на оперативниот план во однос на условите кои треба да се исполнат во утврдениот рок.
(8) Комисијата во својата работа е независна и работи во согласност со своите експертски наоди, а одлучува со мнозинство гласови.
(9) Одлуката на Комисијата е задолжителна и конечна за страните на спорот, која органот на државната управа надлежен за работите од областа за животната средина или градоначалникот на општината или градоначалникот на градот Скопје задолжително ја внесуваат во дозволата за усогласување со оперативен план.
(10) Против одлуката од ставот (9) на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежен суд, само за условите кои се предмет на преговарање, при што се зема предвид негативното влијание што го предизвикуваат врз животната средина и мислењето на засегнатата јавност по нив.
(11) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува поблиските услови кои треба да ги исполнат експертите од ставот (2) на овој член како и постапката за формирање на Листата на експерти од ставот (2) на овој член.
(12) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува постапката за избор на експертите кои ќе учествуваат во Комисијата.
(13) Членовите на Комисијата имаат право на надоместок. Начинот на плаќање на надоместокот го утврдува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XV. СПРЕЧУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ХАВАРИИТЕ СО ПРИСУСТВО НА ОПАСНИ СУПСТАНЦИИ

Општи одредби

Член 145

(1) Секое правно или физичко лице, кое е сопственик или врши дејност во производствен, транспортен или во систем за складирање (во натамошниот текст: систем) во кој се присутни опасни супстанции во количества поголеми или еднакви на пропишаните гранични вредности (прагови) определени со прописот од ставот (2) на овој член (во натамошниот текст: оператор), е должно:
- да ги преземе сите мерки неопходни за спречување на хаваријте и за ограничување на нивните последици врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето пропишани со овој закон и
- за преземените мерки да го известува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува видовите на опасните супстанции и количините за присуство на истите од ставот (1) на овој член.
(3) Со прописот од ставот (2) на овој член, согласно со видовите на опасните супстанци и нивните количини, се определува и начинот на постапувањето на операторите согласно со членовите 147-а и 148 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Исклучоци

Член 146

Одредбите од оваа глава не се однесуваат на:
- инсталациите и складиштата на вооружените сили на Република Северна Македонија;
- опасностите предизвикани од јонизирачки зрачења;
- транспортот на опасните супстанции по јавните патишта, железницата, внатрешните водни патишта или воздухот и нивното привремено складирање, освен во системите на кои се однесува овој закон, вклучувајќи го и нивното товарење и истовар и транспортот до и од друго превозно средство на доковите, пристаништата за стока или ранжирните станици;
- транспортот на опасните супстанции по цевководите, вклучувајќи ги и пумпните станици, освен во системите на кои се однесува овој закон;
- експлоатација (истражување, екстракција и преработка) на минерални суровини во рудници, каменоломи, со помош на бушотини, со исклучок на хемиските и термичките процеси и складирањето кое се однесува на операции каде што се присутни опасни супстанции согласно со членот 145 став (2) од овој закон;
- крајбрежното проучување и експлоатација на минерали, вклучувајќи ги јаглеродите и
- депониите за отпад, вклучувајќи ги и подземните складови за отпад, со исклучок на објектите за отстранувањето на остатоци од руда каде што се присутни опасни супстанции во количини еднакви или поголеми од количините определени со прописот од членот 145 став (2) од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 146-а

Членот 146-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Известување

Член 147

(1) Операторот е должен да доставува известување до органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина, во врска со системите во кои се присутни опасни супстанции, и тоа:
1) во рок од три месеца пред започнувањето со градба или пред отпочнувањето на новите системи со работа и
2) во рок од една година од денот на отпочнувањето на примената на одредбите од оваа глава, за постоечките системи.
(2) Известувањето од ставот (1) на овој член задолжително треба да ги содржи следниве податоци:
1) името на фирмата на операторот и целосната адреса на системот на која се однесуваат обврските за спречување и за контрола на хаваријте;
2) името и статусот на лицето кое е одговорно за спроведувањето на обврските за спречување и за контрола на хаваријте во системот;
3) информации потребни за целосна идентификација на опасните супстанции или на видот на супстанциите кои се користат во системот, како и нивното количество и физичка состојба;
4) активноста што се врши или се предвидува да се врши во системот односно инсталацијата или во складот и
5) карактеристиките на локацијата на којашто е сместен системот (особено елементите што имаат потенцијал да предизвикаат хаварија или да ги влошат последиците од истата), вклучувајќи детали на елементите во соседството, како и локациите кои може да го зголемат ризикот од хаварија или од кумулативен ефект
(3) Во случај на значителна промена на количеството или на физичката состојба на присутната опасна супстанција од ставот (2) точка 3 на овој член, како и на трајно затворање на системот или каква било промена на процесот за обработка на истата и/или промени на системот или инсталацијата кои би можеле да имаат значителни влијанија врз опасноста од големи несреќи, операторот е должен, без одлагање, да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина за изменетата ситуација.
(4) Известувањето од ставот (1) на овој член, операторот е должен да го достави и до градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

План за спречување на хаварии

Член 147-а

(1) За системите во кои опасните супстанции се присутни во количини определени со прописот од членот 145 став (2) од овој закон, операторот е должен да изготви план за спречување на хаварии. Планот за спречување на хаварии треба да биде во пишана форма и да гарантира висок степен на заштита на луѓето и животната средина вклучувајќи ги целокупните цели и принципи на дејствување на операторот заради управување со ризикот од хаварија.
(2) Содржината на планот за спречување на хаварии ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Операторот е должен планот за спречување на хаварии од ставот (1) на овој член да го подготви, и тоа:
1) во рок од шест месеци пред започнувањето со градба или пред започнувањето на новите системи со работа и
2) во рок од една година од денот на започнувањето на примената на одредбите од оваа глава за постоечките системи.
(4) Операторот е должен да го анализира и ажурира планот за спречување на хаварии најмалку на секои пет години.
(5) Операторите кои се должни да подготвуваат извештај за мерките за безбедност согласно со членот 148 од овој закон, планот за спречување на хаварии задолжително треба да го вклучат како составен дел на извештајот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>

Извештај за мерките за безбедност

Член 148

(1) За системите во кои опасните супстанции се присутни во количините определени со прописот од членот 145 став (2) од овој закон, операторот треба да изготви извештај за мерките за безбедност, од кој органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина може недвосмислено да заклучи дека:
1) планот за спречување на хаварии и системот за управување со безбедност се подготвени;
2) опасностите од можните хаварии се определени и дека се преземени неопходните мерки за спречување на такви несреќи и за ограничување на нивните последици по животот и здравјето на луѓето и животната средина;
3) се вклучени пропишаните мерки на безбедност и сигурност во проектирањето, изградбата, работата и во одржувањето на системот;
4) се изготвени внатрешни планови и дека се обезбедени информации со кои е овозможено изготвување на надворешен план и
5) се обезбедени доволни информации до надлежните органи од ставот (4) на овој член со цел да се овозможи донесување на одлуки со кои ќе се дефинираат новите активности и/или настани во блиската околина на постоечките системи.
(2) Извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член мора да содржи доволно информации врз основа на кои надлежниот орган може да ги одреди локациите за новите активности во близината на постоечките, при изработката на просторните и на урбанистичките планови. Извештајот треба да содржи список на опасни супстанции кои се присутни во системот.
(3) Операторот е должен извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на животната средина и до градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, и тоа:
1) во рок од три месеца пред започнувањето со градба или отпочнувањето на новите системи со работа;
2) во рок од две години од денот на отпочнување на примената на одредбите од оваа глава, за постоечките системи и
3) веднаш во случај на ставање на увид на друг извештај согласно со ставот (6) на овој член.
(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина по претходно добиено мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на заштита и спасување, органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата и трудот и органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи во рок од осум месеци од приемот на извештајот за мерките за безбедност:
- му ги испраќа заклучоците од своето испитување на извештајот за мерките за безбедност на операторот или
- го забранува воведувањето во употреба или продолжувањето со употреба на системот во согласност со членот 152 од овој закон.
(5) Извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член, периодично се анализира и обновува најмалку на секои пет години, а и порано по иницијатива на операторот или по барање на надлежниот орган, кога тоа произлегува од сознавањето нови факти или кога треба да се земат предвид новите научни и технички знаења во врска со подобрувањето на безбедноста.
(6) Извештајот за мерките за безбедност од ставот (1) на овој член треба да и биде достапен на јавноста. Доколку таквиот извештај содржи информации со кои се повредува индустриската и комерцијалната доверливост или доверливоста на личните податоци, јавната безбедност или националната одбрана, а по дадена согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, операторот може да стави на увид друг извештај во којшто нема да бидат содржани таквите податоци.

(7) Содржината на извештајот за мерките на безбедност ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Промени во системот или промени во видот или во количеството на супстанциите

Член 149

Во случај на промена во инсталацијата, системот, процесот на производство или на видот или количината на опасни супстанции, што би имале значително влијание врз можноста за хаварија, операторот е должен да изврши анализа и ревизија на планот за спречување на хаварии, односно извештајот за мерките за безбедноста и за тоа да го извести органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина во рок од шест месеци пред да ја направи промената.

<< Консолидација: Влегува во сила на 10.10.2012 >>

Информации за мерките за безбедност

Член 150

(1) Операторот е должен за предвидените активности и мерките за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.
(2) Информациите од ставот (1) на овој член се анализираат и проверуваат на секои три години и се обновуваат доколку настанала промена од членот 149 на овој закон.
(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член постојано се достапни на јавноста.
(4) Содржината на информациите од ставот (1) на овој член, како и за начинот на постапување на лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 17.04.2010 >>

Информации кои се доставуваат од страна на операторот во случај на хаварија

Член 151

(1) Операторот е должен за настанатата хаварија, веднаш, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и штом ќе бидат достапни, да му ги достави податоците кои се однесуваат на:
1) околностите во кои се случила хаваријата;
2) присутните опасни супстанции за време на и после хаваријата;
3) податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата и
4) преземените вонредни мерки.
(2) Операторот е должен за мерките предвидени за ублажување на среднорочните и на долгорочните последици од хаваријата и за спречување на можностите за повторување на хаваријата, да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Доколку во натамошната истрага се откријат дополнителни факти кои би предизвикале измена на предвидените мерки и активности, операторот истите треба да ги дополни .
(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, по пат на увид, истражувања или на друг погоден начин, како и со соработка со други надлежни органи на државната управа, градоначалникот на општините и градоначалникот на градот Скопје, да ги обезбеди сите неопходни информации за целосна анализа на техничките, организационите, управувачките и други причини кои довеле до хаваријата.
(4) Операторот е должен информациите од ставовите (1) и (2) на овој член за настанатата хаварија, веднаш, да ги достави и до градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, како и до другите органи и тела определени со закон кои се надлежни за преземање мерки во рамките на системот за заштита и спасување.
(5) Дали одредена несреќа е хаварија се утврдува врз основа на видот и количината на опасните супстанции кои ја предизвикале несреќата, бројот на повредени лица, штетата настаната врз имотот, непосредната опасност за животната средина, како и влијанието на несреќата надвор од територијата на Република Северна Македонија.
(6) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува критериумите од ставот (5) на овој член врз основа на кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Обврски на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

Член 152

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина воспоставува и одржува Регистар за системите во кои се присутни опасни супстанции и во кои се случиле хаварии на територијата на Република Северна Македонија, со цел да се овозможи:

а) брза дистрибуција на информациите до надлежните органи и субјекти во Република Северна Македонија и до органите на соседните држави кога се потребни;

б) дистрибуција на информациите до надлежните органи за анализа на причините за хаварии и искуствата научени од истите;

в) доставување на информации до надлежните органи за превентивни мерки и

г) обезбедување на информации за организации што се во можност да обезбедат совети или релевантни информации за појавувањето, спречувањето и олеснувањето на хаварии.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член содржи, најмалку:

а) информации доставени од надлежните органи или од соседните држави;

б) анализа на причините за хаварии;

в) искуства научени од хаварии;

г) превентивни мерки потребни за да се спречи повторно појавување на хаваријата и

д) информации за случените хаварии.

(3) Согласно со членот 55 од овој закон регистарот од ставот (1) на овој член треба да е достапен на органите на државната управа, органите на општините, на градот Скопје и општините во градот Скопје, трговски здруженија, синдикати, невладини организации од областа на заштитата на животната средина и други меѓународни организации или организации за истражување кои работат на тоа поле.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение ја забранува употребата или отпочнувањето со работа на кој било систем или на некој негов дел, во случаите кога мерките преземени од операторот за спречување и за ублажување на хавариите имаат сериозни недостатоци или при нивното изготвување не се земени предвид укажувањата, ставовите и мислењата на надлежниот орган.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина со решение ја забранува употребата или ставањето во употреба на постројките, инсталациите или на складовите, или некој нивен дел, доколку операторот во одредениот период не достави известување, извештаи или други информации пропишани со овој закон.

(6) Операторот може да поднесе жалба против решението од ставовите (4) и (5) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(7) Жалбата од ставот (5) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Кумулативен ефект

Член 153

(1) Користејќи ги информациите добиени од операторите, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги определува системите каде што веројатноста за случување хаварија или последиците од евентуалната хаварија можат да се зголемат поради локацијата и меѓусебната близина на таквите системи, како и поради количествата опасни супстанции кои се наоѓаат во нив.

(2) По определувањето на системите од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен на соодветен начин да обезбеди размена на релевантните информации, со цел да се овозможи операторите на овие системи да ги земат предвид природата и големината на севкупната опасност од хаварија во мерките и активностите за спречување на хавариите, системите за управување со безбедноста, извештаите за безбедноста и внатрешните планови.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да обезбеди услови за меѓусебна соработка на операторите во однос на информирањето на јавноста и обезбедувањето информации заради изготвување на надворешните планови.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Внатрешни и надворешни планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци

Член 154

(1) Операторот е должен да изготви внатрешен план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци (во натамошниот текст: внатрешен план), кој ќе ги содржи мерките што треба да се преземат внатре во системот во случај на хаварија. Внатрешниот план операторот им го доставува на општината и на градот Скопје, врз основа на кој тие се должни во рок од две години да изготват надворешен план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанци (во понатамошниот текст, надворешен план).

(2) Во подготовката на внатрешните планови треба да учествуваат и лицата вработени во системите.

(3) Содржината на внатрешните и надворешните планови ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Операторот е должен, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на внатрешниот план, истиот да им го достави на општината и на градот Скопје со цел да им овозможи изготвување на надворешен план.

(5) Плановите треба да бидат изработени на начин со кој се овозможува:

- локализирање и контролирање на хаваријте, со цел да се минимизираат последиците и да се ограничат штетите по животот и по здравјето на луѓето, животната средина и имотот,
- спроведување на мерките потребни за заштита на луѓето и на животната средина од последиците од хаваријте,
- пренесување на потребните информации на јавноста, како и на службите и органите засегнати со оваа проблематика и
- обновување и рекултивација на животната средина откако ќе се случи хаваријата.

(6) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни да и овозможат на јавноста пристап до содржината на надворешниот и на внатрешниот план.

(7) Внатрешните и надворешните планови треба да бидат применети без одложување од страна на операторот и, доколку е потребно, од страна на општината и на градот Скопје, во случај на хаварија или неконтролиран настан за кој, поради неговата природа, со право може да се очекува да доведе до хаварија.

(8) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни надворешниот план во рок од 15 дена од денот на неговото донесување, да го достават на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(9) Операторот, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје и органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина се должни, во периоди не подолги од три години од денот на донесувањето на плановите, да ги анализираат и да ги тестираат, а онаму каде што е потребно и да ги обновуваат и ревидираат внатрешните и надворешните планови притоа водејќи сметка за новите технички достигнувања на полето на справувањето со хаваријте.

(10) Операторите се должни внатрешните планови да ги донесат најдоцна три месеца пред истекот на рокот од членот 148 став (3) на овој закон.

(11) Градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје се должни надворешниот план да го донесат најдоцна три години од денот на отпочнувањето на примената на одредбите од оваа глава.

(12) Внатрешните и надворешните планови се составен дел на единствениот систем за заштита и спасување на Република Северна Македонија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Просторно и урбанистичко планирање

Член 155

(1) При изработката на просторните и урбанистичките планови треба да се земат предвид мерките и активностите за спречување на хаваријте и за ограничување на нивните последици, особено при одредувањето на просторот за кој се предвидени нови системи, промените што ќе настанат на постоечките системи и на новите градби во близината на зоните за живеење и местата што ги посетува јавноста.

(2) При изработката на просторните и урбанистичките планови, општината и градот Скопје се должни да водат сметка за оддалеченоста меѓу системите и местата за живеење, местата што ги посетува јавноста и еколошки значајните подрачја, како и за употребата на дополнителни технички мерки од страна на постоечките системи со цел за да не се зголеми опасноста по животот и по здравјето на луѓето и на животната средина.

<< Се применува од 01.01.2008 >>

Прекугранични ефекти од хаваријте и прекугранична соработка

Член 156

Во случај на хаварија на систем што се наоѓа на територијата на Република Северна Македонија што предизвикува или може да предизвика прекугранични ефекти органот на државната управа надлежен за работите од областа на

управување со кризи без одложување ги известува засегнатите држави на соодветни нивоа, преку системите за известување за индустриски несреќи согласно Конвенцијата за прекугранични последици од индустриски несреќи.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XVI. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Одговорност за еколошка штета

Член 157

(1) Целта на одговорноста за штета предизвикана врз животната средина, заснована на принципот загадувачот плаќа, е:

- превенција и ремедијација на целокупната штета предизвикана врз животната средина (во натамошниот текст: еколошка штета),
- реституција на животната средина и
- воведување на мерки и практики за минимизирање на ризикот од штета врз животната средина.

(2) Одговорноста за еколошка штета настанува заради:

- непосредна закана од еколошка штета или еколошка штета која настанала како последица на вршење на професионални активности определени со прописот од ставот (3) на овој член и/или
- непосредна закана од штета врз заштитени видови и природни живеалишта или штета врз заштитени видови и природни живеалишта, која настанала како последица на вршење на професионалните активности кои не се определени со прописот од ставот (3) на овој член, доколку штетата е настаната по вина или од небрежност на операторот.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува професионалните активности од ставот (2) на овој член, со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета. Со прописот се определуваат и критериумите за определување на постоење на еколошка штета, како и случаите во кои, по исклучок, нема да настапи одговорноста за еколошка штета.

(4) Одговорен за штета предизвикана врз животната средина е операторот којшто врши професионална активност определена со прописот од ставот (3) на овој член и со вршењето предизвикал еколошка штета, односно непосредна закана од еколошка штета.

(5) Операторот е одговорен, доколку:

1) не ги презел потребните превентивни мерки;
2) не ги презел потребните мерки за ремедијација и
3) не го известил надлежниот орган за опасноста од еколошка штета, којашто може да настане и покрај преземените мерки или за настанатата штета.

(6) Доколку еколошката штета се уште не настанала, но постои непосредна закана од таква штета, операторот е должен, веднаш и без одлагање, да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на настанувањето на еколошката штета. Доколку операторот не ја исполни обврската, превентивните мерки ги презема органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, на сметка на операторот.

(7) Доколку и покрај преземањето на мерките од ставот (6) на овој член, операторот не ја отстранил непосредната закана од еколошка штета, тој е должен, веднаш и без одлагање, за тоа да го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина носи решение со кое ќе:

- побара од операторот информации за каква било непосредна закана од еколошка штета или за случаите за кои постои сомневање за непосредна закана од еколошка штета,
- побара од операторот преземање на неопходни превентивни мерки и да му даде насоки за преземање на превентивни мерки и
- ги преземе неопходните превентивни мерки, или ќе определи друго правно и физичко лице кое ќе ги преземе мерките, за сметка на операторот.

(8) Во случај на сторена еколошка штета, операторот е должен:

- за настанатата штета да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина,
- да изврши реституција на целокупната штета, во согласност со начелото загадувачот плаќа,
- да ги преземе сите неопходни мерки за контрола, задржување, отстранување или друг вид на управување со факторите кои ја предизвикуваат еколошката штета со цел да ја ограничи или спречи натамошната штета врз животната средина, негативно дејство врз животот и здравјето на човекот и загрозување на функцијата на природниот ресурс и
- да ги преземе сите неопходни мерки за ремедијација определени согласно со прописот од ставот (10) на овој член.

(9) Во случај на сторена еколошка штета, органот на државната управа надлежен за работите од област на животната

средина носи решение со кое ќе:
- побара од операторот дополнителни информации за сторена штета,
- преземе, побара од операторот и/или да му даде на операторот упатство за преземање на мерки за контрола, задржување, отстранување или друг вид на управување со факторите кои ја предизвикуваат еколошката штета со цел да ја ограничи или спречи натамошната штета врз животната средина, негативно дејство врз животот и здравјето на човекот и загрозување на функцијата на природниот ресурс,
- побара од операторот преземање на неопходните мерки за ремедијација и да даде упатства за преземање на мерките за ремедијација и
- ги преземе неопходните мерки за ремедијација, или ќе определи друго правно и физичко лице кое ќе ги преземе мерките, за сметка на операторот.
(10) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува мерките за ремедијација на сторена еколошка штета.
(11) Во случај на сторена еколошка штета операторот е должен, врз основа на прописот од ставот (10) на овој член, да определи и предложи мерки за ремедијација и истите да ги достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, заради одобрување. При определување на мерките за ремедијација, операторот води сметка дека мерките за ремедијација се соодветни и ефикасни за отстранување на целокупната штета предизвикана врз животната средина.
(12) Доколку сторената еколошка штета е повеќекратна така што мерките за ремедијација не можат да се преземат истовремено, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина одлучува за приоритетот на преземање на мерките. При определување на приоритетните мерки за ремедијација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен особено да води сметка за природата, обемот и сериозноста за секоја сторена еколошка штета, ризикот по здравјето на човекот и можноста за природно обновување на ресурсот.
(13) Против решенијата од ставовите (7) и (9) на овој член, операторот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.
(14) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е надлежен да го утврди операторот кој предизвикал непосредна закана од штета, односно еколошка штета, да изврши процена на значителноста на штетата, како и да ги определи мерките за ремедијација кои се во негова исклучива надлежност. На барање на органот на државната управа, проценатa ја врши операторот или друго правно и физичко лице.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Трошоци за преземање на превентивни мерки и мерки за ремедијација

Член 158

(1) Операторот е должен да ги покрие сите трошоци за преземање превентивни мерки и мерки за ремедијација.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член операторот не е должен да ги надомести трошоците за преземање превентивни мерки и мерки за ремедијација за штета сторена врз животната средина, доколку докаже дека штетата сторена врз животната средина или заканата од штета сторена врз животната средина:
- е предизвикана од трето лице и/или се случила и покрај преземањето на соодветните мерки и
- е резултат на постапување согласно со задолжителна одлука на државен орган.
(3) Операторот не е должен да ги покрие трошоците за преземање превентивни мерки и мерки на ремедијација, доколку докаже дека не е виновен за еколошката штета и доколку докаже дека еколошката штета е предизвикана од:
- емисија или настан кој овластен или во согласност со услови определени во дозвола издадена врз основа на закон и
- емисија или активност или употреба на производ при вршење на активноста, која во моментот на предизвикување на штетата и врз основа
на степенот на научно и техничко достигнување не било познато дека
може да предизвика штета врз животната средина.
(4) Во случајот од ставовите (2) и (3) на овој член операторот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, согласно со Законот за општата управна постапка.

<< Одредбите од Главата XVI Одговорност за штета предизвикана врз животната средина од овој закон (ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 53/2005) ќе отпочнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на прописите од членот 157 ставови (3) и (10) од овој закон (ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 53/2005). >>

Реституција на еколошка штета

Член 159

(1) Правно или физичко лице, како и здружение на граѓани формирано заради заштита на животната средина, коешто е директно загрозено или трпи последици од настанатата еколошка штета, има право пред надлежен суд од операторот да бара:

1) да изврши враќање во почетната состојба на животната средина или

2) надомест за сторена еколошка штета, во согласност со општите прописи за надоместок на штета, доколку е невозможно враќање во почетната состојба.

(2) Република Северна Македонија го задржува правото да бара враќање во почетната состојба на животната средина и надомест за сторена еколошка штета, доколку нема или не се јават други лица кои, согласно со одредбите од овој закон, имаат право на тоа.

(3) Ако еколошката штета е предизвикана врз добро од општ интерес за Републиката, коешто ужива посебна заштита утврдена со закон, враќање во почетна состојба, односно надоместок за сторена еколошка штета, може да бара Република Северна Македонија или општината, градот Скопје и општините во градот Скопје на чие подрачје се наоѓа доброто.

(4) Во случај од ставот (1) на овој член органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен на надлежниот суд да ги достави сите податоци неопходни за утврдување на одговорноста за еколошка штета, обемот на одговорноста, како и за утврдување на враќањето во почетната состојба, односно висината на надоместот на штетата.

(5) Носителот на правото на тужба од ставот (1) на овој член може да бара од судот да му наложи на тужениот да обезбеди информации или да овозможи прибирање информации од изворот на загадувањето, потребни за определување на одговорноста за еколошка штета и за обемот на одговорноста.

(6) Доколку и покрај судскиот налог, тужениот не овозможи прибирање на информациите, односно не ги обезбеди потребните информации, информациите се прибавуваат по службена должност на товар на тужениот.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XVII. УПРАВА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Формирање на Управа за животната средина

Член 160

Заради вршење на стручни работи во врска со медиумите и областите на животната средина, се формира Управа за животната средина како орган надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, во состав на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Надлежности на Управата за животната средина

Член 161

Управата за животната средина:

1) врши стручни работи во заштита на природата;

2) врши стручни работи во управувањето со отпадот, воздухот, хемикалиите, бучавата и други области на животната средина;

3) врши стручни работи во заштита на водите и почвата од загадување;

4) врши стручни работи во постапката за оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина и во постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план;

5) го води Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики;

6) го води мониторингот на животната средина и

7) врши други работи определени со овој и друг закон.

Раководење со Управата за животна средина

Член 161-а

(1) Со Управата за животна средина раководи директор, кој по пат на јавен оглас го именува Владата на Република Северна Македонија.

(2) Јавниот оглас за избор на директор се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) За својата работа и за работата на Управата за животна средина, директорот одговара пред Владата на Република Северна Македонија.
(4) Мандатот на директорот на Управата за животна средина трае четири години.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Услови за именување на директорот

Член 161-б

За директор на Управата за животна средина може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работно искуство и
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XVIII. ФИНАНСИРАЊЕ

Основа за финансирање на активностите во областа на животната средина

Член 162

(1) Средства за финансирање на активности за поттикнување, зачувување, одржливо користење, заштита и унапредување на животната средина, како и за подготовка, спроведување и развој на програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина, се обезбедува од надоместокот од ставот (2) и од средствата од ставот (3) на овој член.
(2) Финансирањето на активностите од ставот (1) на овој член се обезбедува од надоместокот што го плаќаат правните и физичките лица коишто:
- имаат извори што вршат загадување на животната средина,
- ја загадуваат животната средина со користење на производи и супстанции,
- ја оптеретуваат животната средина со отпадоци,
- увезуваат одредени употребувани производи во Република Северна Македонија и
- произведуваат или увезуваат производи и стоки кои се штетни или содржат штетни материи за животната средина и природата.
(3) Финансирањето на активностите од ставот (1) на овој член се обезбедува и од:
- Буџетот на Република Северна Македонија,
- средства остварени врз основа на меѓународна соработка на програми и проекти,
- донации од домашни и странски правни и физички лица;
- фондации и подароци и
- други извори.
(4) Средствата од членовите 179, 184 и 185-а на овој закон, се приход на Буџетот на Република Северна Македонија и се уплаќаат на соодветна уплатна сметка, во рамките на трезорската сметка.
(5) Средствата од членот 180 на овој закон се приход на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и се уплаќаат на соодветна уплат-на сметка, во рамките на трезорската сметка.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Обврзници за плаќање на надоместоци

Член 163

Обврзници за плаќање на надоместокот од членот 162 став (2) на овој закон се правни и физички лица кои:
1) имаат извори што вршат загадување и со своето дејствување, посредно или непосредно, предизвикуваат загадување на животната средина или се одговорни за емисија во животната средина, во смисла на Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики, како и во смисла на посебните закони и меѓународните договори што ги ратификувала Република Северна Македонија;
2) ја загадуваат животната средина со користење на моторни возила и пловни објекти; со производство или увоз на нафтени деривати и со увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка;
3) увезуваат употребувани производи, и тоа употребувани патнички автомобили и други моторни возила, моторни возила за превоз на стоки; техничка стока, фрижидери, други уреди за ладење и замрзнување; протектирани и употребувани гуми; магнетофони и други апарати за снимање на звук, приемни апарати за телевизија, видеомонитори и видеопроектори и
4) произведуваат или увезуваат производи и стоки кои се штетни или содржат штетни материи за животната средина и природата.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Основица за определување на износот на надоместокот

Член 164

(1) Износот на надоместокот кој го плаќаат правните и физичките лица коишто имаат извори што вршат загадување се определува според:
- количината, видот и обемот на влијанието врз животната средина и на емисијата на загадувачките материи, на топлина, бучава, вибрации, светлина, јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење во животната средина и
- начинот на постапување со производи или предмети, кои директно или индиректно после употребата, доаѓаат во животната средина, или други активности или појави кои се неповолни за животната средина.
(2) Износот на надоместокот кој го плаќаат правните и физичките лица коишто ја загадуваат животната средина се определува според:
- категоријата, годината на производство, носивоста и/или зафатнината и јачината на моторот, како и видот на погонот за моторни возила односно врз основа на висината на основното осигурување за пловните објекти,
- видот и количината на произведените или увезените нафтени деривати и
- видот и количината на увезените супстанци што ја осиромашуваат озонската обвивка.
(3) Износот на надоместок кој го плаќаат правните и физичките лица коишто увезуваат употребувани производи се определува според:
- работниот обем и снагата на моторот на возилото, односно висината на
бруто масата на возилото,
- видот, количината и зафатнината на употребуваната техничката стока што се увезува: фрижидери, замрзнувачи и други уреди за ладење и замрзнување, магнетофони и други апарати за снимање звук, приемни апарати за телевизија, видеомонитори и видеопроектори и количината на употребувани или протектираните гуми што се увезува.
(4) Износот на надоместокот кој го плаќаат правните и физичките лица коишто произведуваат или увезуваат производи и стоки кои се штетни или содржат штетни материи за животната средина се определува според:
- цената, односно царинската вредност на производот, стоката и количината и степенот на штетност или неповолното влијание врз животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Ослободување од плаќање на надоместок и враќање на надоместокот

Член 165

(1) Обврзникот за плаќање на надоместокот од членот 184 став (2) од овој закон може до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина да поднесе барање за враќање на надоместокот за количината која е извезена.
(2) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите, ги пропишува начинот, постапката и потребната документација за ослободување од плаќање и враќање на надоместокот од ставот (1) на овој член.
(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува образложение на барањето и дополнителна документација определена со прописот од ставот (2) на овој член.

(4) За барањето од ставот (1) на овој член одлучува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Обврска, начин и постапка за утврдување, пресметување, уплатување и рокови за пресметување и уплатување на надоместокот

Член 166

(1) Начинот и постапката на утврдување, пресметување, уплатување, како и роковите за пресметување и уплатување на надоместоците ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите.
(2) Во постапката за утврдување, пресметување, уплатување на надоместокот и утврдување на роковите за пресметување и уплатување, се применуваат прописите за општа управна постапка како и прописите за даночна постапка доколку со овој закон поинаку не е определено.
(3) Обврзникот за плаќање на надоместокот е должен навремено и правилно да го пресметува и уплатува надоместокот, како и да води, одржува и чува уредна и точна евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за
работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите донесува поблиски прописи за начинот и постапката за водење, одржување и чување на евиденцијата од ставот (3) на овој член.
(5) Надлежна за контрола на утврдувањето, пресметувањето и уплатата на надоместокот, ослободувањето од плаќањето на идниот надоместок, како и за почитување на роковите за уплатување на надоместоците е Управата за јавни приходи.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Решение за плаќање надоместок од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина

Член 167

(1) Утврдувањето и пресметување на надоместокот од членот 179 ставови (1), (2), (3) и (5) на овој закон го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, при издавањето на дозволата за увоз или извоз.
(2) Обврзниците го плаќаат надоместокот врз основа на решение кое го донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Во решението од ставот (2) на овој член се определува и рокот во кој треба да се уплати надоместокот.
(4) Против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.
(5) Жалбата од ставот (4) на овој член не го задржува извршувањето на решението.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Решение за плаќање надоместок од царинскиот орган

Член 168

Членот 168 се брише.

<< Консолидација: Се применува од 01.01.2016 >>

Наплата на пристигнати неплатени надоместоци и присилна наплата на надоместоците

Член 169

(1) Наплатата на пристигнатите неплатени износи на надоместоците, утврдени врз основа на решенијата од членот 167 на овој закон, заедно со каматите кои им припаѓаат, ги врши банката кај која обврзникот врши платен промет.
(2) Наплатата од ставот (1) на овој член се врши со пренос на средствата од сметката на обврзникот на соодветната

уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, согласно со членот 162 став (4) од овој закон, врз основа на извршното решение на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Извршното решение од ставот (2) на овој член се спроведува со извршен налог на банката, за пренос на средствата од сметката на обврзникот.
(4) Во поглед на наплатата на пристигнатите неплатени износи на надоместоците, присилната наплата на надоместоците и трошоците за присилна наплата, каматата, роковите на застареност и враќањето на погрешно пресметаниот надоместок, соодветно се применуваат прописите за даночна постапка и прописите за извршување, освен доколку поинаку не е определено со овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Застареност

Член 170

(1) Обврската за плаќање на надоместокот застарува пет години по истекот на годината во која требало да биде пресметан.
(2) Правото на ослободување од плаќање на надоместок застарува за три години по истекот на годината кога е извршена наплатата на надоместокот за кој се бара ослободување.

Евиденција на обврзниците

Член 171

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да води евиденција на обврзниците за плаќање на надоместоци од членот 179 ставови (1), (2), (3) и (5) од овој закон.
(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите ги пропишува содржината, начинот и роковите за воспоставување, одржување и водење на евиденцијата на обврзниците, како и начинот на доставување на податоците за водење на евиденцијата.
(3) Обврзникот за плаќање на надоместокот е должен, во рок од 15 дена од денот на настанувањето на обврската за плаќање на надоместокот, до органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина, да достави податоци заради негово евидентирање, во согласност
со прописот од ставот (2) на овој член.
(4) Обврзникот запишан во евиденција е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за престанувањето со работата или промената на дејноста, во рок од 15 дена од денот на настанувањето на тие промени.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Програма за инвестирање во животната средина

Член 172

(1) Финансирање и реализирање на активностите од областа на животната средина од членот 162 на овој закон се врши врз основа на годишна програма за инвестирање во животната средина (во натамошниот текст: програмата).
(2) Програма од ставот (1) на овој член се изготвува во согласност со Националниот акционен план за заштита на животната средина, Просторниот план на Република Северна Македонија, другите стратегии, програми и акти од областа на животната средина, како и во согласност со меѓународните договори ратификувани од страна на Република Северна Македонија.
(3) Програмата од ставот (1) на овој член за одредена фискална година се доставува до Владата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за истата фискална година во Службен весник на Република Северна Македонија.
(4) Програмата од ставот (1) на овој член ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Програмата од ставот (1) на овој член се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја реализира програмата од ставот (1) на овој член преку пласирање на средства за целосно или делумно финансирање на програми, проекти и други активности.
(6) За програми, проекти и други активности од ставот (5) на овој член подобни за финансирање со средствата од програмата особено се сметаат: набавка на опрема наменета за директна заштита на животната средина и заштита и

унапредување на здравјето на луѓето; изготвување на инвестициона документација и студии за изводливост (физибилити студии) и нивна реализација; изработка на оперативни планови и реализација на одделни фази на оперативните планови од дозволата за усогласување; изведување на градежни работи за директна заштита на животната средина; поттикнување на селектирање, рециклирање и отстранување на отпад; усогласување со нормите и стандардите на животната средина; изработка на студии и плански документи за заштита и унапредување на биолошката разновидност; едукација и обука на кадри и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина.

(7) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина до Владата на Република Северна Македонија поднесува годишен извештај во врска со реализацијата на програмата од ставот (1) на овој член за претходната година најдоцна во рок од пет месеца во тековната година.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Корисници на средствата

Член 173

Корисници на средствата од програмата од членот 172 на овој закон се правни и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државната власт, како и органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје и органите на месните заедници во општините, кои реализираат програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Намена на средствата

Член 174

(1) Средствата од програмата од членот 172 на овој закон се користат за финансирање на подготовката и спроведувањето на програми, проекти и други активности од членот172 став (6) на овој закон, како и за преземање превентивни мерки и мерки за поттикнување, зачувување, одржливо користење, заштита и унапредување на животната средина и кои особено имаат за цел:

- заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на воздухот, земјиштето, ублажување на климатските промени; заштита на озонската обвивка и заштита од радијација,
- санирање и изградба на депонии за отпад, поттикнување на намалувањето на настанување на отпадот, преработка и селектирање на отпадот,
- унапредување и заштита на биолошката разновидност,
- унапредување и заштита на здравјето на луѓето,
- поттикнување на почисто производство,
- замена на користење на фосилни горива со природен гас, биолошки горива и други видови на горива прифатливи за животната средина,
- подигнување на јавната свест во областа на животната средина,
- подобрување на мониторингот и оценувањето на состојбата во животната средина и воведување на начин на управување со животната средина,
- поттикнување на одржливо користење на природните добра,
- поттикнување за исполнување на еколошките стандарди при вршење на стопански дејности и активности,
- поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата,
- поддршка на невладини и непрофитабилни организации од областа на животната средина,
- поддршка на изработка на локални акциони планови за заштита на животната средина и
- поттикнување на одржлив развој на руралните простори.

(2) При доделувањето на средствата од програмата од членот 172 на овој
закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина особено цени дали програмите, проектите и активностите предизвикуваат забележителни и мерливи еколошки ефекти, дали истите се усогласени со стратегиите, плановите и програмите на Република Северна Македонија и на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, дали истите се во согласност со приоритетите и целите за заштита на животната средина или приоритетите за заштита на определен медиум или унапредување на состојбата во определена област на животната средина и дали истите се во согласност со обврските од меѓународните договори кои ги ратификувала Република Северна Македонија.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Начин на доделување на средства

Член 175

(1) Доделувањето на средствата од програмата од членот 172 на овој закон, се врши по пат на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, средствата од програмата од членот 172 на овој закон, може да се доделат и со одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, доколку:
- средствата се наменуваат за изградба на инфраструктурни објекти за заштита на животната средина од поширок јавен интерес,
- изградбата на објектите е предвидена со планските документи од областа на животната средина и
- намената на средствата е утврдена во програмата од членот 172 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Кофинансирање на проекти и програми

Член 176

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, како деловна страна, може со средствата од програмата од членот 172 на овој закон, во согласност со членот 175 на овој закон, да учествува и во кофинансирање на програми, проекти и други слични активности од членот 174 на овој закон кои ги организира и финансира општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, месните заедници, правните и физичките лица, како и меѓународните организации, финансиски и други слични институции.
(2) Во случаите кога средствата се доделуваат како кофинансирање, корисникот на средствата е должен да распише јавен повик за избор на најповолен понудувач.

Средства од домашни и странски донатори

Член 177

Средствата од домашни и странски донатори се пласираат за реализација на програми, проекти и други слични активности на начин и под услови определени од донаторот.

Договор за доделување на средства

Член 178

(1) За доделување на средствата од програмата од членот 172 на овој закон, се склучува договор меѓу органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и корисникот на средствата.
(2) Корисникот на средствата е должен доделените средства да ги користи на начин, под услови и за намените утврдени со договорот и во согласност со овој закон.
(3) За време и по завршувањето на договорот од ставот (2) на овој член, корисникот е должен до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, да поднесе извештај со ревизија за реализација на средствата определени со договорот, како и извештај за постигнатите еколошки ефекти со реализацијата.

Висина на надоместоците за увоз и извоз

Член 179

(1) Висината на надоместокот што се плаќа за добивање на дозвола за увоз на протектирани или употребувани гуми изнесува:
- за патнички автомобили 120,00 ден/парче и
- за автобуси, камиони и други возила 300,00 ден/парче.
(2) Висината на надоместокот што се плаќа за добивање на дозвола за увоз на употребувани фрижидери, замрзнувачи и други уреди за ладење и замрзнување изнесува и тоа:
- со зафатнина до 250 литри 200,00 ден/парче,
- со зафатнина од 250 до 340 литри 300,00 ден/парче,
- со зафатнина од 340 до 900 литри 400,00 ден/парче и

- ладилен капацитет за уред за ладење, климатизација и топлотни пумпи 250,00 ден по kw.

(3) Висината на надоместокот што се плаќа за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, а се класифицирани со Анекс Ц, група I на Монтреалскиот протокол, изнесува 62,00 ден/кг.

(4) Висината на надоместокот што се плаќа за увоз на употребувани моторни возила изнесува:

- за превоз на патници со моторни возила од категорија М1, надоместокот изнесува 1.500,00 денари по моторно возило кое користи бензин,
- за превоз на патници од категорија М1, надоместокот изнесува 1.500,00 денари по моторно возило кое користи дизел,
- за превоз на патници од категорија М2 (минибуси), надоместокот изнесува 3.000,00 денари по моторно возило кое за погон користи бензин,
- за превоз на патници од категорија М2 (минибуси), надоместокот изнесува 5.000,00 денари по моторно возило, кое за погон користи дизел,
- за превоз на патници од категорија М3 (автобуси), надоместокот изнесува 7.000,00 денари по моторно возило, кое за погон користи дизел,
- за превоз на стоки од категорија N1 (со максимална маса до 3,5 т) надоместокот изнесува 4.000,00 денари по моторно возило,
- за превоз на стоки од категорија на N2 (со маса од 3,5тдо 12,0 т) надоместокот изнесува 6.000,00 денари по моторно возило,
- за превоз на стоки од категорија N3 (со маса што надминува преку 12,0 т) надоместокот изнесува 8.000 денари по моторни возила,
- моторни возила од категорија L (мотоцикли, трицикли и четирицикли) и тоа:

1. за L1e, надоместокот изнесува 300 денари;
2. за L2e,надоместокот изнесува 500 денари;
3. за L3e, надоместокот изнесува 600 денари;
4. за L4e, надоместокот изнесува 700 денари;
5. за L5e, надоместокот изнесува 1000 денари;
6. за L6e и L7e, надоместокот изнесува 700 денари.

(5) Висината на надоместокот што се плаќа за добивање на дозвола за увоз на употребувани магнетофони и други апарати за снимање звук, приемни апарати за телевизија, видеомонитори, видеопроектори, употребувани печатачи, употребувана информатичка опрема (централни компјутерски единици, миникомпјутери, уреди за печатење, уреди сметачи, персонални компјутери, персонални компјутери во кои се вклучени ЦПУ, глувче, монитор и тастатура, лаптопи, преносливи компјутери ноутбук, џебни компјутери, опрема за копирање и слично) изнесува 500,00 ден/парче.

(6) Плаќањето на надоместокот од ставовите (2) и (5) на овој член не го ослободува правното лице од обврските кои произлегуваат од прописите од областа на управувањето со отпадната електрична и електронска опрема.

(7) Обврзник за плаќање на надоместокот од ставовите (1), (2), (3) и (5) на овој член е правното лице кое бара дозвола за увоз на производите.

(8) Обврзник за плаќање на надоместокот од ставот (4) на овој член е правното или физичкото лице кое ги увезува употребуваното/ите моторно/и возило/а.

(9) Надоместокот од ставовите (1), (2), (3) и (5) на овој член го пресметува и наплатува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина при издавањето на дозволата за увоз или извоз и се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, пред издавањето на дозволата, а надоместокот од ставот

(4) на овој член го пресметува и наплатува царинскиот орган, при наплата на царинските давачки и се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Висина на надоместоците за моторни возила и пловни објекти

Член 180

(1) Висината на надоместокот што се плаќа за домашни правни и физички лица што јазагадуваат животната средина со користење на моторни возила, за период од една година изнесува:

1) патнички моторни возила од категорија M□:

Патнички моторни возила од категорија M□		
Старост на возилото (години)	Зафатнина на моторот во (см3)	Надомест во (денари) за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас
од 0 до 5 години	до 750	150
	од 751-1400	250
	1401-2000	300
	над 2001	400
од 6 до 10	до 750	250
	од 751-1400	350
	1401-2000	400
	над 2001	500
од 11 до 20	до 750	350
	од 751-1400	450
	1401-2000	500
	над 2001	600
од 21 до 30	до 750	450
	од 751-1400	550
	1401-2000	600
	над 2001	700
Над 30	до 750	450
	од 751-1400	550
	1401-2000	600
	над 2001	700
Олтајмери		300

2) патнички моторни возила од категорија M□:

Минибуси		
Старост на возилото (години)	Зафатнина на моторот во (см3)	Надомест во (денари) за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас
од 0 до 5 години	до 3000	400
	Од 3000-6000	450
	6001-9000	500
	9000-12000	600
	Над 12001	700
од 6 до 10 години	до 3000	450
	од 3001-6000	600
	6001-9000	700
	9001-12000	800
	12001	900

од 11 до 20 години	До 3000	600
	Од 3001-6000	750
	6001-9000	900
	9001-12000	1.000
	12001	1.200
од 21 до 30 години	До 3000	850
	Од 3001-6000	950
	6001-9000	1.000
	9001-12000	1.100
	12001	1.200
Над 30 години	До 3000	950
	Од 3001-6000	1.050
	6001-9000	1.200
	9001-12000	1.300
	12001	1.500
3) патнички моторни возила од категорија M_3		
	Автобуси	
Старост на возилото (години)	Зафатнина на моторот во (см3)	Надомест во (денари) за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас
од 0 до 5 години	до 3000	550
	од 3001-6000	650
	6001-9000	700
	9001-12000	800
	12001-16000	900
	над 16001	1.100
од 6 до 10	до 3000	650
	од 3001-6000	750
	6001-9000	800
	9001-12000	900
	12001-16000	1.000
	над 16001	1.200
од 11 до 20	до 3000	750
	од 3001-6000	850
	6001-9000	900
	9001-12000	1.000
	12001-16000	1.100
	над 16001	1.300
од 21 до 30	до 3000	850
	од 3001-6000	950
	6001 - 9000	1.000
	9001 - 12000	1.100
	12001 - 16000	1.200
	над 16001	1.400
Над 30	до 3000	950
	од 3001-6000	1.050
	6001-9000	1.100

	9001-12000	1.200
	12001-16000	1.300
	над 16001	1.500

4) товарни моторни возила од категорија N:

Товарни моторни возила од категорија N		
Старост на возилото (години)	Зафатнина на моторот во (см3)	Надомест во (денари) за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас
од 0 до 5 години	до 3000	1.050
	од 3001-6000	1.150
	6001-9000	1.200
	9001-12000	1.300
	12001-16000	1.400
	над 16001	1.600
од 6 до 10	до 3000	1.150
	од 3001-6000	1.250
	6001-9000	1.300
	9001-12000	1.400
	12001-16000	1.500
	над 16001	1.700
од 11 до 20	до 3000	1.250
	од 3001-6000	1.350
	6001-9000	1.400
	9001-12000	1.500
	12001-16000	1.600
	над 16001	1.800
од 21 до 30	до 3000	1.350
	од 3001-6000	1.450
	6001-9000	1.500
	9001-12000	1.600
	12001-16000	1.700
	над 16001	1.900
Над 30	до 3000	1.450
	од 3001-6000	1.550
	6001-9000	1.600
	9001-12000	1.700
	12001-16000	1.800
	над 16001	2.000

5) моторни возила од категорија L (мотоцикли, трицикли и четирицикли):

Моторни возила од категорија L (мотоцикли, трицикли и четирицикли)		
Старост на возилото (години)	Зафатнина на моторот во (см3)	Надомест во (денари) за мотор на бензин, дизел, биодизел или гас
од 0 до 5 години	до 50 см3	100
	од 50см3-100см3	150
	100см3-175см3	200
	175см3-250см3	300
	250см3-500см3	400
	500см3-750см3	500
	Над 750 см3	600
од 6 до 10	до 50 см3	200
	од 50см3-100см3	250
	100см3-175см3	300
	175см3-250см3	400
	250см3-500см3	500
	500см3-750см3	600
	Над 750 см3	700
од 11 до 20	до 50 см3	300
	од 50см3-100см3	350
	100см3-175см3	400
	175см3-250см3	500
	250см3-500см3	600
	500см3-750см3	700
	Над 750 см3	800
од 21 до 30	до 50 см3	400
	од 50см3-100см3	450
	100см3-175см3	500
	175см3-250см3	600
	250см3-500см3	700
	500см3-750см3	800
	Над 750 см3	900
Над 30	до 50 см3	500
	од 50см3-100см3	550
	100см3-175см3	600
	175см3-250см3	700
	250см3-500см3	800
	500см3-750см3	900
	Над 750 см3	1.000
Олтајмери		300

(2) Висината на надоместокот што се плаќа за домашни правни и физички лица што ја загадуваат животната средина со користење на пловни објекти при технички преглед на пловни објекти за период од една година изнесува 3% од основното осигурување.

(3) Обврзникот за плаќање на надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член е домашно правно или физичко лице на чие име е регистрирано моторното возило или пловниот објект.
(4) Од плаќање на надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член е ослободено домашното правно или физичко лице на чие име е регистрирано моторното возило или пловниот објект, доколку моторното возило или пловниот објект работи на електричен погон.
(5) Надоместокот од ставовите (1) и (2) на овој член за домашно, правно или физичко лице се пресметува и наплатува од страна на овластено правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на возилото, односно пловниот објект при регистрација на моторни возила или пловниот објект.
(6) Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на моторно возило, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловен објект е должно да води, одржува и чува уредна и точна евиденција на регистрирани возила и пловни објекти со пресметан и уплатен надоместок при нивна регистрација, согласно со членот 166 став (4) од овој закон.
(7) Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на возилото, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловниот објект собраниот надоместок од ставот (5) на овој член го уплаќа на сметката на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина еднаш месечно.
(8) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина склучува посебни договори со овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на технички преглед на моторно возило, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловниот објект од ставот (5) на овој член заради обезбедување наплата на надоместокот.
(9) Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката за технички преглед на возила, односно правното лице надлежно за технички преглед на пловниот објект од ставот (5) на овој член, најдоцна до 15 во тековниот месец, доставува извештај за уплатениот надоместок за претходниот месец до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во кој задолжително се содржани податоци за видот на возилата односно, пловните објекти кои се регистрирани, како и за финансиските средства кои се уплатени согласно со ставот (5) од овој член при регистрација на моторните возила, односно пловни објекти.
(10) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, може да побара дополнителни информации и документација како и да изврши увид во истата доколку утврди дека уплатените средства не соодветствуваат со категориите и бројот на моторни возила, односно пловни објекти како и доколку утврди други недоследности.
(11) Доколку овластеното правно лице од ставот (5) на овој член не постапува согласно со ставовите (6), (7) и (9) на овој член, односно вршат злоупотреба во делот на наплатата на надоместокот, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да поведе соодветна постапка за одговорност согласно со одредбите на овој и друг закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Обврска за начинот на пресметување, уплатување, како и за водење на евиденција на пресметаниот и уплатениот надоместок

Член 180-а

Членот 180-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 07.01.2014 >>

Висината на надоместоците за сеча на дрва

Член 181

Членот 181 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 27.03.2015 >>

Висината на надоместоците за управување со отпад

Член 182

Членот 182 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Висината на надоместоците за тутунски производи

Член 183

Членот 183 се брише.

<< Консолидација: Одредбите од членовите 6, 7, 8, 9 и 11 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 93/2013) ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето со примена на членот 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите (Службен весник на Република Македонија број 82/13) . >>

Висината на надоместоците за нафтени деривати

Член 184

(1) Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на нафтени деривати или производство на нафтени деривати, изнесува за:

1) моторен бензин, и тоа:

- моторен бензин со содржина на олово повисока од 0,013 г/л и авионски бензин, изнесува 0, 15 ден/л и
- безоловен бензин со содржина на олово до 0.013 г/л, изнесува 0,08 ден/л;

2) гасно масло, и тоа за употреба како:

- гориво за дизел мотори, изнесува 0,03 ден/л и
- масло за горење екстра лесно, изнесува 0,04 ден/л и

3) масло за горење М1, М2 (мазут), изнесува 0,05 ден/кг.

(2) Обврзник за плаќање на надоместокот од ставот (1) на овој член е правното лице кое произведува нафтени деривати.

(3) Обврзник за плаќање на надоместокот од ставот (1) на овој член е правното лице кое увезува нафтени деривати.

(4) Надоместокот од ставот (1) на овој член за обврзникот од ставот (2) на овој член го пресметува производителот кој е должен да го уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец во кој се пуштени нафтените деривати во слободно правен промет и го прикажува одвоено во фактурата.

(5) Надоместокот од ставот (1) на овој член за обврзникот од ставот (3) на овој член го пресметува царинскиот орган при наплата на царинските давачки и го уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

(6) Надоместокот од ставот (1) на овој член не се плаќа, доколку количината на производите што се фактурирани се извезат.

(7) Во случајот од ставот (6) на овој член производителот што го фактурирал производот е должен кон фактурата да приложи извозна царинска декларација од извозникот како доказ дека количината на производот на кој не е пресметан надоместокот е извезен од Република Северна Македонија.

(8) Во случај на извоз на нафтени деривати, за кои претходно е наплатен надоместокот од ставот (1) на овој член, обврзникот има право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина на нафтени деривати, во согласно со прописот од членот 165 став (8) на овој закон.

(9) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите поблиску ги определува видовите на производи во врска со надоместоците од ставот (1) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Висината на надоместоците за пластични производи и амбалажа од пластични маси

Член 185

Членот 185 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 07.01.2010 >>

Надоместок за производството на енергија од фосилни горива

Член 185-а

(1) Висината на надоместокот за производство на енергија произведена со согорување на фосилни горива изнесува:
- 0,007 ден. За еден киловатчас (kWh) произведена енергија.
(2) Обврзници за плаќање надоместокот од ставот (1) на овој член се правните и физичките лица кои управуваат со инсталации коишто произведуваат енергија произведена со согорување на фосилни горива.
(3) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на енергетиката, а во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги утврдува видот и обемот на инсталациите од ставот (2) на овој член.
(4) Надоместокот од ставот (1) на овој член е приход на Буџетот на Република Северна Македонија и се уплаќа на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.
(5) Обврзниците од ставот (2) на овој член се должни да го уплатат надоместокот од ставот (1) на овој член на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на секој 15 во тековниот месец за сите пресметани надоместоци од претходниот месец на произведена енергија.
(6) Средствата собрани од надоместокот од ставот (1) на овој член се користат за финансирање на програми и активности за управување со животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор и тоа во подрачјата на општините сразмерно на приходот остварен од наплатата на овој надоместок.
(7) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите ги пропишува поблиските услови за начинот и постапката за утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот од ставот (1) на овој член.
(8) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на локалната самоуправа, а во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на енергетиката и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина донесува Уредба за методологија за распределба на средствата остварени како приход од надоместокот од ставот (1) на овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XIX. ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ГЛОБАЛНИ ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Одржлив развој

Член 186

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во соработка со другите органи на државната управа и други институции и со општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, е должен да се грижи за имплементирање на принципите на одржлив развој, како и да го промовира и поддржува одржливиот развој во Република Северна Македонија.
(2) Заради усогласување на економскиот развој, социјалниот напредок и заштитата на животната средина на национално ниво, Владата на Република Северна Македонија може да изработи Национална стратегија за одржлив развој. Националната стратегија за одржлив развој ја усвојува Владата на Република Северна Македонија, која е должна пред усвојувањето да ја достави на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија.
(3) Заради усогласување на економскиот развој, социјалниот напредок и заштитата на животната средина на локално ниво, на предлог на градоначалникот, советите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, можат да усвојат Локална агенда 21, како локален стратешки, плански и програмски документ за одржлив развој, во согласност со принципите за одржлив развој од ставот (1) на овој член и Стратегијата за одржлив развој од ставот (2) на овој член.
(4) Заради усогласување на содржината и начинот на изготвување на Локалната агенда 21 од ставот (3) на овој член, министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на локалната само управа, донесуваат методологија за изготвување на Локална агенда 21.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина спроведува постапка за оцена на влијанијата на Локалната агенда 21 од ставот (3) на овој член во согласност со постапката од Главата X на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Национален план за климатските промени

Член 187

(1) Заради стабилизирање на концентрациите на стаклениčките гасови, на ниво со кое што би се спречило опасното антропогено влијание во климатскиот систем во временска рамка доволна за да им се овозможи на екосистемите

природно да се адаптираат на климатските промени, во согласност со начелото за меѓународна соработка, како и во согласност со целите на националниот социјален и економски развој, се донесува Национален план за климатските промени (во натамошниот текст: Национален план за климатски промени).
(2) Националниот план за климатски промени од ставот (1) на овој член особено содржи:
- национален инвентар на емисиите на стаклени гасови,
- анализа и проекции на емисиите на стаклени гасови за намалување на емисиите на стаклени гасови,
- процена на ранливоста и мерки за адаптација,
- информации и картографски прикази за активностите за мониторинг, истражување и систематско следење на климатските промени,
- акционен план и мерки за ублажување на климатските промени,
- економска анализа на предлогот на мерките за спречување на причините и за ублажување на климатските промени,
- надлежни органи, институции и други правни лица за спроведување на националниот план, акциониот план и мерките за спречување на причините и за ублажување на климатските промени,
- опис на активностите и резултатите од учеството на јавноста при подготвување на планот,
- опис на активностите и резултатите од подигнување на јавната свест, едукацијата и од стручно оспособување на научниот, техничкиот и раководниот кадар,
- информации за остварување на обврските преземени со меѓународни договори кои се однесуваат на климатските промени ратификувани од Република Северна Македонија и
- други работи определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(3) Националниот план за климатски промени од ставот (1) на овој член се донесува за период од шест години.
(4) Националниот план за климатски промени од ставот (1) на овој член на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, го донесува Владата на Република Северна Македонија.
(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството; органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата; органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата и трудот; органот на државната управа надлежен за вршење на хидрометеоролошките работи, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на транспортот и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството, е надлежен за изработка на Националниот план за климатски промени од ставот (1) на овој член и го доставува до Владата на Република Северна Македонија.
(6) Националниот план за климатски промени од ставот (1) на овој член, се изработува согласно со усвоените документи на Рамковната конвенција на Обединети нации за климатски промени.
(7) Определбите во Националниот план за климатски промени од ставот (1) на овој член, задолжително треба да се имаат предвид при изготвувањето на другите стратешки документи со кои се определува политиката и целите на користење на земјиштето, целите на развојот на стопанството во Република Северна Македонија, искористувањето на природните ресурси и заштитата на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.01.2025 >>

Национален инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стаклени гасови

Член 188

(1) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, усвојува Национален инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стаклени гасови (во натамошниот текст: Национален инвентар).
(2) Националниот инвентар од ставот (1) на овој член е составен дел на Националниот план за климатски промени од членот 187 на овој закон.
(3) Националниот инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стаклени гасови се изработува согласно со усвоените документи на Рамковната конвенција на Обединети нации за климатски промени.
(4) Националниот инвентар од ставот (1) на овој член се изготвува еднаш на три години.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 188-а

Национален систем за инвентаризација на емисиите на стаклени гасови
(1) Заради управување со податоците за антропогените емисии на стаклени гасови по извори и понори во атмосферата на територијата на Република Северна Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од

областа на животната средина воспоставува, развива, води и координира Национален систем за инвентаризација на емисии на стакленички гасови (во натамошниот текст: Системот за инвентаризација).
(2) Системот за инвентаризација се воспоставува, развива, води и се координира, на начин што обезбедува база на релевантни податоци заради подготовка на инвентар на стакленички гасови, како и за следење на имплементацијата на планските документи за климатски промени.
(3) Системот за инвентаризација опфаќа собирање, обработка, систематизирање, процена, верификација и обезбедување на квалитет и управување со несигурност на податоци, како и чување, искористување, дистрибуција и презентирање на податоци и информации добиени субјекти кои поседуваат податоци за антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови во атмосферата во согласност со ставот (4) на овој член.
(4) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги утврдува дејностите и активностите со кои се создаваат емисии на стакленички гасови.
(5) Субјектите кои вршат дејности или активности од став (4) на овој член се должни бараните податоци за емисии на стакленички гасови да ги достават или да ги направат достапни во форма, содржина, образец и во рок определен во прописот утврден во став (8) од овој член.
(6) Субјектите од ставот (4) на овој член се должни да определат овластено лице кое ќе биде одговорно за внесување, проверка и доставување на податоците.
(7) Формата, содржината, начинот на водење и одржување на системот за инвентаризација на стаклениčките гасови, како и методологијата за нивна пресметка и формата и содржината на обрасците и роковите во кои субјектите од ставот (5) на овој член ќе вршат доставување на податоците за емисиите на стакленички гасови во атмосферата по извори и понори до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, како и начинот на водење и управување со тие податоци, ги пропишува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(8) Субјектите од ставот (5) на овој член кои поседуваат податоци за антропогените емисии на стакленички гасови во атмосферата, вклучувајќи и статистички податоци потребни за изработка на Инвентарот за стакленички гасови од членот 188 од овој закон се должни истите, без надоместок, да ги направат достапни на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина согласно со ставот (8) на овој член.
(9) Субјектите од ставот (5) на овој член можат:
- во согласност со својата надлежност, да учествуваат во утврдување на специфичните емисиони фактори или други индикатори релевантни за определување на емисиите на стакленички гасови и
- да даваат предлози за подобрување на постапката за инвентаризација на стаклениčките гасови.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Акционен план на мерки и активности за спречување на причините и ублажување на негативните ефекти од климатските промени

Член 189

(1) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина усвојува Акционен план за спречување на причините и ублажување на негативните ефекти од климатските промени (во натамошниот текст: Акционен план за климатски промени).
(2) Акциониот план за климатски промени од ставот (1) на овој член е составен дел на Националниот план за климатски промени од членот 187 на овој закон.
(3) Акциониот план за климатски промени од ставот (1) на овој член особено содржи:
- институционални и правни мерки,
- превентивни мерки и активности за намалување на емисиите на стаклениčките гасови,
- мерки и активности за ублажување на негативните ефекти од климатските промени,
- мерки за едукација и подигнување на јавната свест,
- мерки за стручно оспособување на научниот, техничкиот и раководниот кадар и
- временска рамка и финансиски план за реализација на предвидените мерки и активности. При изготвување на финансискиот план се зема во предвид економската анализа изготвена согласно со членот 187 став (2) алинеја 8 од овој закон.
(4) Акциониот план за климатски промени од ставот (1) на овој член се ажурира и по потреба се дополнува најмалку на секои три години.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Спроведување на Националниот план и известување за спроведувањето

Член 190

(1) Органите, институциите и другите правни лица од членот 187 став (2) алинеја 9 на овој закон се должни, самостојно или во соработка со другите органи, институции и другите правни лица, да ги преземаат сите неопходни мерки и активности утврдени со Националниот план за климатски промени од членот 187 на овој закон.

(2) Органите, институциите и другите правни лица од членот 187 став 2 алинеја 9 на овој закон се должни до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, најмалку еднаш годишно, да достават извештај за реализацијата на мерките и активностите утврдени со Националниот план за климатски промени од членот 187 на овој закон.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен, најмалку еднаш на три години, да ја известува Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на Националниот план за климатски промени од членот 187 на
овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Механизам за чист развој

Член 190-а

(1) Заради спроведување на Националниот план за ублажување на климатските промени, а со цел вклучување на Република Северна Македонија во глобалните напори за намалување на климатските промени и спроведување на обврските преземени со Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и Протоколот од Кјото кон оваа конвенција, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врши оцена и одобрување на проектите во склоп на механизмот за чист развој.

(2) За спроведување на надлежностите од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги врши следниве работи:

- одржува база на потенцијални проекти согласно со механизмот за чист развој,
- ја утврдува постапката, начинот, формата и поблиски услови за утврдување на соодветноста, поднесувањето и одобрувањето на проектите за чист развој,
- потврдува сообразност на проектот со критериумите за одржлив развој,
- издава писмо за одобрување на проектот,
- остварува комуникација и соработка со предлагачот на проектот,
- овозможува подготвување и спроведување на проекти со поддршка на потенцијалните корисници,
- врши промотивни активности насочени кон меѓународните инвеститори и фондови за јаглерод и
- врши други работи неопходни за оцена и одобрување на проектите во склопот на механизмот за чист развој.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, го издава писмото за одобрување на проектот од ставот (2) алинеја 4 на овој член, по претходно прибавено мислење од релевантните органи на државната управа и други научни и стручни институции.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Национален план за справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши

Член 191

(1) Заради справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши, во согласност со начелото за меѓународна соработка, начелото на интегрираност, како и во согласност со целите на националниот социјален и економски развој, се донесува Национален план за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши (во натамошниот текст: Национален план против опустинување).

(2) Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член особено содржи:

- опис и процена на состојбата со опустинувањето,
- приоритети за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши,
- акциона програма за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши,
- економска анализа,
- надлежни органи, институции и други правни лица за спроведување на националниот план, акционата програма и мерките за спречување за земјиштата што се уште не се деградирани или се благо деградирани, како и мерки за ублажување на ефектите од опустинувањето и сушите,
- опис на активностите и резултатите од учеството на јавноста при подготвување на планот,
- опис на активностите и резултатите од подигнување на јавната свест, едукацијата и од стручно оспособување на научниот и техничкиот кадар,

- информации за остварување на обврските преземени со меѓународни договори кои се однесуваат на справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши ратификувани од Република Северна Македонија и
- други работи определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член се донесува за период од шест години.

(4) Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, го донесува Владата на Република Северна Македонија.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и органот на државната управа надлежен за вршење на хидрометеоролошките работи, е надлежен за изработка на Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член и го доставува до Владата на Република Северна Македонија.

(6) Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член, се изработува согласно усвоените документи на Секретаријатот на Рамковната конвенција на Обединети нации за борба против опустинувањето.

(7) Определбите во Националниот план против опустинување од ставот (1) на овој член, задолжително треба да се имаат предвид при изготвувањето на другите стратешки документи со кои се определува политиката и целите на користење на земјиштето, целите на развојот на стопанството во Република Северна Македонија, искористувањето на природните ресурси и заштитата на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Акциона програма за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши

Член 192

(1) Со цел за идентификување на факторите кои придонесуваат кон опустинувањето и неопходните практични мерки во борба против опустинувањето и за ублажување на ефектите од суши, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството, усвојува Акциона програма за справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши (во натамошниот текст: Акциона програма против опустинување).

(2) Акционата програма против опустинување од ставот (1) на овој член е составен дел на Националниот план против опустинување од членот 195 на овој закон.

(3) Акционата програма против опустинување од ставот (1) на овој член особено содржи:
- институционални и правни мерки,
- превентивни мерки и активности за предвидување, спречување и минимизирање на причините за опустинување, како и превентивни мерки за земјишта што се уште не се деградирани или се благо деградирани,
- мерки за обезбедување на навремено предупредување за суши,
- мерки и активности за ублажување на негативните ефекти од опустинувањето и сушите,
- мерки за едукација и подигнување на јавната свест,
- мерки за стручно оспособување на научниот, техничкиот и раководниот кадар,
- временска рамка и финансиски план за реализација на предвидените мерки и активности. При изготвување на финансискиот план се зема предвид економската анализа изготвена согласно со членот 191 став (2) алинеја 4 од овој закон и
- други мерки и активности определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

(4) Акционата програма против опустинување од ставот (1) на овој член се ажурира најмалку на секои три години.

(5) Со цел за справување со промените во општествено економските, биолошките и геофизичките околности, Акционата програма против опустинување од ставот (1) на овој член може да се дополнува и изменува и во рок пократок од оној утврден со ставот (4) од овој член.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Спроведување на Националниот план и известување за спроведувањето

Член 193

(1) Органите, институциите и другите правни лица од членот 191 став (2) алинеја 5 на овој закон се должни, самостојно или во соработка со другите органи, институции и други правни лица, да ги преземаат сите неопходни мерки и

активности утврдени со Националниот план против опустинување од членот 191 на овој закон.
(2) Органите, институциите и другите правни лица од членот 191 став (2) алинеја 5 на овој закон се должни до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, најмалку еднаш годишно, да достават извештај за реализацијата на мерките и активностите утврдени со Националниот план против опустинување од членот 191 на овој закон.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството поблиску ги пропишува критериумите за следење и оценување на спроведувањето на Националниот план против опустинување од членот
191 на овој закон, како и содржината и постапката за доставување на извештајот од ставот (2) на овој член.
(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството е должен, најмалку еднаш на три години, да ја известува Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на Националниот план против опустинување од членот 191 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XX. НАДЗОР
Надлежни органи

Член 194

(1) Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(2) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина, преку државните инспектори за животна средина, државни инспектори за заштита на природата и водостопански инспектор (во натамошниот текст: државни инспектори).
(3) За работите од надлежност на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, утврдени со овој закон, инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат овластени инспектори за животна средина на општината, овластени инспектори за животна средина на градот Скопје и овластени инспектори за животна средина на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: овластени инспектори).
(4) Инспекциски надзор над примена на овој закон во делот на прометот со производи, полупроизводи, суровини, хемиски супстанции, отпадни материјали наменети за преработка и рециклирање и пакувања и означувањето на производите и пакувањата со информации за влијанието врз животната средина врши Државниот пазарен инспекторат, преку државните пазарни инспектори, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, преку државните санитарни и здравствени инспектори, Фитосанитарната управа преку фитосанитарните инспектори и Државниот инспекторат за земјоделство преку државните инспектори за земјоделство.
(5) Инспекциски надзор над примената на овој закон во делот на прометот со производи, полупроизводи и суровини наменети за човекова употреба за исхрана и пиење и нивните пакувања и означување со информации за влијанието врз животната средина врши Агенцијата за храна и ветеринарство преку инспекторите за храна.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>
ДЕЈУРЕ ЗАБЕЛЕШКА: Ставот 6 е избришан но неможе да се постапи по инструкцијата за бришење на ставот 7 затоа што ставот 7 веќе е избришан со последната измена на законот.

Раководење со Државниот инспекторат за животна средина

Член 194-а

Членот 194-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Услови за именување на директорот

Член 194-б

Членот 194-б се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Начин на вршење на работите на инспекторите

Член 195

Членот 195 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Државни инспектори за животна средина, инспектори за заштита на природата и овластени инспектори за животна средина

Член 196

Членот 196 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Службена легитимација

Член 197

Членот 197 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Делокруг на надзор на државниот инспектор

Член 198

(1) Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот инспектор има право:

1) да утврди дали се градат или реконструираат инсталации кои ги исполнуваат утврдените норми и стандарди од системот за заштитата на животната средина (член 20);

2) да утврди дали се произведуваат и испуштаат загадувачки материи и супстанции во животната средина, којашто ги надминува пропишаните норми, како и дали се постапува со нив на пропишаниот начин како и да нареди нивно повлекување од правниот промет (член 20);

3) да утврди дали се призведуваат, пуштаат во промет и употребуваат одделни производи, супстанции и се вршат одделни активности и услуги и покрај забраната од членот 21 на овој закон, како и да нареди нивно повлекување од правниот промет;

4) да утврди дали се врши увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Северна Македонија на опасните супстанции, штетните материи и производи, спротивно на забраната, ограничувањето или контролата од членот 22 на овој закон;

4-а) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое врши увоз и/или извоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка известува за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка како и да утврди дали истите постапуваат согласно со прописот донесен врз основа членот 22-а од овој закон;

4-б) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или кои содржат средства за ладење поседува лиценца согласно со членот 22-б од овој закон;

4-в) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење доставил извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал согласно со членот 22-б од овој закон;

4-г) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое собира, обновува и рециклира средства за ладење постапува согласно со прописот донесен врз основа членот 22-б од овој закон;

4-д) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое поседува производи превзема превентивни мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите со проверување на истекувањата согласно членот 22-бод овој закон;

5) да утврди дали се користи домашна или увезена технологија, или технолошка линија, производ, полупроизвод и суровина којашто не ги исполнува пропишаните норми за заштита на животната средина (член 23);

6) да утврди дали технологиите или технолошките линии, производите, полупроизводите и суровините коишто се увезуваат се забранети во земјата производител или во земјата извозник, од причини за заштита на животната средина (член 23 став (2));

7) да утврди дали е изработен елаборат за заштита на животната средина утврден со прописот од членот 24 ставовите

(4) и (6) од овој закон, дали е доставен и одобрен од надлежниот орган и да изврши увид дали се исполнуваат мерките пропишани во елаборатот (член 24);
8) да утврди дали се пуштаат во промет производи, полупроизводи, суровини, хемикалии како и нивните пакувања, на кои нема ознака за можноста за загадување или за можно штетно влијание врз животната средина (член 27 став (1)) и за тоа да го извести државниот пазарен инспекторат;
9) да утврди дали се пуштаат во промет, полупроизводи, суровини, хемикалии во пакување кое не е означено согласно со членот 27 став (3) на овој закон и за тоа да го извести државниот пазарен инспекторат;
10) да утврди дали се чуваат податоците за користењето на природните богатства, суровини и енергијата, за емисиите на загадувачки материи и супстанции, видовите, карактеристиките и количеството отпад и другите податоци предвидени со овој или со друг закон (член 28 став (2));
10-а) да утврди дали се постапува согласно со членот 28-б од овој закон;
11) да утврди дали се рекламира, етикетира и пушта во промет производ означен со еколошка ознака, на начините и според критериумите кои не се во согласност со членот 29 од овој закон;
12) да изврши увид и контрола во спроведување на условите од доброволниот договор (член 30);
13) да утврди дали се врши мониторинг на изворите на емисија и технолошкиот процес со која се загадува еден или повеќе медиуми на животната средина, на емисиите, односно на искористувањето на природните богатства (член 36 став (1)), како и да утврди дали се исполнуваат должностите од членот 36 став (5) на овој закон;
14) да утврди дали при мониторингот се користат уреди и инструменти одобрени во постапката за верификација на мерилата и истите се одржуваат во исправна
состојба (член 36 став (2));
15) да утврди дали се врши мониторинг, во согласност со интегрираната еколошка дозвола (член 36 ставови (4) и (5));
16) да утврди дали податоците добиени од мониторингот се доставуваат, на начин и под услови што ги пропишува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 37 став (2));
17) да утврди дали на изготвувачот му се доставуваат потребните податоци за изготвување и одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики (член 41 став (4));
18) да утврди дали правните и физички лица доставуваат податоци и информации за животната средина согласно со членот 40-а од овој закон;
19) да утврди дали на изготвувачот му се доставуваат потребните податоци за изготвување и одржување на Катастарот на животната средина (член 42 став (4));
20) да утврди дали субјектите од членот 52 став (1) алинеи 3 и 4 на овој закон обезбедуваат пристап до информациите за животна средина кои ги поседуваат и дали тоа го сториле во определен рок и форма (членови 52, 53 и 54);
21) да утврди дали е известен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за намерата за изведување проект (член 80);
22) да утврди дали е изготвена студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и истата е доставена до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 83);
23) да утврди дали за проектот кој се спроведува е донесено решение со кое се дава согласност за спроведувањето на проектот (член 87 став (1)), односно е донесено решение согласно со членот 81 став (4) од овој закон;
24) да изврши увид и контрола дали проектот се спроведува во согласност со мерките утврдени во решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот (член 87 став (2));
25) да утврди дали емисиите на супстанциите определни во дозволата се испуштаат согласно со определените гранични вредности (член 107);
26) да утврди дали е добиена А или Б интегрирана еколошка дозвола и изврши увид и контрола дали операциите во инсталацијата се спроведуваат согласно со условите утврдени во интегрираните дозволи (членови 95, 123 и 127);
27) да утврди дали за време на важноста на А-интегрираната еколошка дозвола и пет години по истекот на важноста се чуваат сите документи и податоци во врска со барањето, издавањето и мониторингот предвиден со обврзувачките услови во интегрираната еколошка дозвола и дали се направени достапни, по барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или на Државниот инспекторат за животна средина (член 110);
28) да утврди дали се исполнуваат обврските за известување од членот 111 на овој закон;
29) да утврди дали е извршена генерална еколошка ревизија како и дали е приложен извештај од извршената еколошка ревизија (член 130);
30) да утврди дали еколошката ревизија е изработена од лице кое е регистрирано и поседува соодветен сертификат (член 131);
31) да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план за продолжување, односно отпочнување на работата на инсталацијата до исполнување на условите за добивање на интегрирана еколошка дозвола и да изврши увид и контрола дали активностите во инсталацијата се спроведуваат согласно со условите утврдени во дозволата и оперативниот план (член 134);
32) да утврди дали е доставено барањето за дозвола за усогласување со Оперативниот план во пропишаниот рок (член 135 став (5));

33) да утврди дали емисиите на супстанциите определни во дозволата за
усогласување се испуштаат согласно со определените гранични вредности
(членови 134, 137, 138 и 139);
34) да изврши увид и контрола во начинот на спроведување на одделните фази од оперативните планови и утврди дали се спроведуваат во утврдените рокови за реализација (членови 134, 137, 138 и 139);
35) да утврди дали е поднесено известување за реализацијата на оперативните планови и исполнувањето на обврските од оперативниот план заради добивање на интегрирана еколошка дозвола и дали е тоа сторено во определениот рок (членови 138 и 139);
36) да утврди дали операторот поднел известување во случаите од членот 141
став (4) на овој закон;
37) да утврди дали е доставено известување за присуство на опасни супстанции и дали е тоа сторено во определениот рок (член 147);
38) да утврди дали е изготвен извештај за мерките за безбедност со соодветна содржина, дали е доставен во соодветен рок и дали е соодветно анализиран и обновуван во определениот рок (член 148);
38-а) да утврди дали е подготвен План за спречување на хаварии и дали е тоа сторено во определениот рок (член 147-а);
39) да утврди дали се преземени неопходните мерки за спречување на хаварии и за ограничување на последиците врз животот и здравјето на луѓето, во производствениот, транспортниот или во системот за складирање во кој се присутни опасни супстанци, во количества поголеми или еднакви на пропишаните (член 148 став (1) точка 2);
40) да изврши увид и контрола и да утврди дали е извршена анализа и ревизија на мерките за безбедност и активностите за спречување на хаварии, како и на извештајот за мерките за безбедноста и дали за тоа е известен надлежниот орган (член 149);
41) да утврди дали информациите за мерките за безбедност се достапни на начин утврден во членот 150 од овој закон;
42) да изврши увид и контрола и да утврди дали е известен надлежниот орган, веднаш, за настанатата хаварија и дали му се доставени, веднаш штом станале достапни, податоците за околностите во кои се случила несреќата, опасните супстанции кои се присутни, податоците кои се потребни за проценување на последиците од несреќата по здравјето на луѓето и по животната средина, како и за преземените вонредни мерки (член 151 ставови (1) и (4));
43) да утврди дали е известен надлежниот орган за мерките предвидени за ублажување на среднорочните и на долгорочните последици од хаваријата и за спречување на хаваријата и ако не ги дополни предвидените мерки и активности со дополнителни факти откриени во истрагата (член 151 став (2));
44) да изврши увид и контрола и да утврди дали е изготвен внатрешен план и дали е доставен на надлежниот орган во согласност со членот 154 од овој закон;
45) да утврди дали се анализирани и тестирани, обновувани и ревидирани внатрешните планови водејќи сметка за новите технички достигнувања на полето на справувањето со хавариите, во период не подолг од три години (член 154 став (9));
46) да утврди дали се постапило согласно со членот 157 од овој закон во случај на штета врз животната средина предизвикана од работата на инсталациите (член 157);
47) да утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведување на овој и друг закон и
48) привремено да одземе опрема, производи, уреди и апарати кои претставуваат извори на загадување или деградација на животната средина, или не ги исполнуваат пропишаните услови и стандарди за заштита на животната средина, с до отстранување на недостатоците, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган.
(2) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор може да побара присуство на лице од органот надлежен за вршење на стручни работи во животната средина.
(3) Редовниот надзор над инсталацијата утврден во интегрираната еколошка дозвола се спроведува од страна на државен инспектор, а по потреба и со присуство на службено лице од органот надлежен за вршење на стручни работи во животната средина.
(4) На барање на државниот инспектор, овластено службено лице на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи е должно да учествува во извршувањето на работите од ставот (1) на овој член.
(5) За определени работи за кои согласно со одредбите во овој или друг закон се утврдени како надлежност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, државниот инспектор може да врши надзор и над инсталациите со Б-интегрирани еколошки дозволи, како и над објектите кои вршат други активности и дејности.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Надзор над уплатен и пресметан надоместок за регистрација на моторни возила или пловни објекти

Член 198-а

Членот 198-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Други надлежности на државниот инспектор

Член 199

(1) Во вршењето инспекциски надзор од својот делокруг, државниот инспектор има право да врши надзор над примената на мерките за заштита на почвата од загадување и пренамена на користењето на почвата, и тоа дали:
- се преземени сите мерки за спречување на загадувањето и дали е сведено во пропишаните граници,
- се почитуваат пропишаните проекти за рекултивирање на почвата,
- се преземаат мерки за заштита на почвата од загадување,
- се исправни уредите/апаратите за мониторинг и
- се утврдуваат и други состојби од негова надлежност.

(2) При вршењето на надзорот на спроведувањето на мерките за заштита од нејонизирачко зрачење, државниот инспектор има право да врши надзор дали:
- се преземаат мерки за заштита од нејонизирачко зрачење во природата и заштитените подрачја,
- со поставувањето на објекти кои емитираат нејонизирачко зрачење се нарушуваат и/или вознемируваат природните живеалишта и вообичаените движења, престојувања и поставеност на видовите,
- со поставувањето на објекти кои емитираат нејонизирачко зрачење се нарушуваат особините и естетските карактеристики на пределот и
- утврдува и други состојби од негова надлежност.

(3) При вршењето на надзорот на спроведувањето на мерките за заштита од непријатна миризба од инсталации со А-интегрирана еколошка дозвола и Б- интегрирана еколошка дозвола во заштитени подрачја, државниот инспектор има право да врши надзор дали:
- се преземаат мерки за заштита од непријатна миризба во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот,
- дејноста се врши на начин на кој се обезбедува спречување на ширење на непријатна миризба во околината,
- се отстрануваат работите и се спречуваат активностите кои предизвикуваат непријатна миризба и
- утврдува и други состојби од негова надлежност.

(4) Државниот инспектор за животна средина врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

(5) Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот инспектор има право да врши надзор во сите инсталации, системи, постројки и објекти за кои имаат сознание дека од истите се испушта и/или истекуваат емисии во животната средина, а за што постои основано сомнение дека со испуштањата и/или истекувањата може да настане загадување на животната средина или загрозување на здравјето на луѓето.

<< Консолидација: Одредбите на членовите 17 и 19 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 44/2015), ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност. >>

Донесување на решенија од државниот инспектор

Член 200

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор со решение:

1) ќе определи мерки со цел да се отстранат причините за настанувањето на загадувањето на животната средина;

2) ќе нареди да се отстранат штетните последици што настанале со загадувањето или со деградацијата на животната средина и на природата и доведување на животната средина во претходна состојба;

3) ќе определи мерки за превенција и за отстранување на загадувањето и враќање на животната средина во задоволителна состојба;

4) ќе ја забрани изградбата или реконструкцијата на инсталација ако не се почитуваат утврдените норми и стандарди за заштита на животната средина, во траење од 90 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;

5) ќе ја ограничи работата на објектите, постројките и инсталациите, поради штетните дејствија со кои се врши загадување или деградација на животната средина и на животот и здравјето на луѓето, без оглед на тоа дали се обезбедени услови за нивното работење и дали се обезбедени дозволи, одобренија и согласности, пропишани со закон, во траење од најмногу 90 дена, во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;

6) ќе ја забрани работата на објектите, постројките и инсталациите, поради штетните дејствија со кои се врши загадување или деградација на животната средина и на животот и здравјето на луѓето, без оглед на тоа дали се обезбедени услови за нивното работење и дали се обезбедени дозволи, одобренија и согласности, пропишани со закон, во траење од најмногу 90 дена, во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;
7) ќе ја ограничи и/или забрани работата и/или употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган;
7-а) ќе ја забрани работата на правни и физички лица кои постапуваат со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење без соодветна лиценца согласно со член 22-б од овој закон;
7-б) ќе утврди дали физичкото и правното лице кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, доставил извештај за претходната година за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал согласно со членот 22-б од овој закон;
7-в) да утврди дали правното лице односно трговец поединец кое собира, обновува и рециклира средства за ладење постапува согласно со прописот донесен врз основа членот 22-б од овој закон;
7-г) да утврди дали правното лице, односно трговец поединец кое поседува производи презема превентивни мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите со проверување на истекувањата согласно со членот 22-б од овој закон.
8) привремено ќе одземе опрема, производи, уреди и апарати кои претставуваат извори на загадување или деградација на животната средина, или не ги исполнуваат пропишаните услови, се до отстранување на недостатоците, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган;
9) ќе ги задолжи правните и физички лица да изработат елаборат за влијанијата на проектот врз животната средина и истиот да го достават на одобрување до надлежниот орган во рок од најмногу 90 дена од денот кога е констатирано дека немаат изработено елаборат, односно од денот кога го примиле решението;
9-а) ќе ја забрани работата на правни и физички лица кои вршат дејности или активности пропишани во член 24 став (4) и (6) без решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежниот орган се до добивање на решение за одобрување на елаборатот согласно со членот 24 од овој закон;
9-б) да нареди спроведување на мерка утврдена во елаборатот и го утврди временскиот рок за спроведување на мерката (член 24);
10) ќе го задолжи правното или физичкото лице кое не поднело барање за добивање интегрирана еколошка дозвола да го стори тоа во рок од најмногу 90 дена;
11) ќе ја ограничи или забрани работата на правно или физичко лице кое не поднело барање за добивање интегрирана еколошка дозвола, а најмногу до 90 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган;
12) ќе го задолжи правното или физичкото лице кое не доставило известување за присуството на опасни супстанции, да го стори тоа во рок од најмногу 90 дена;
13) ќе го задолжи правното и физичкото лице да подготви план за вонредни состојби да го стори тоа во рок од најмногу 90 дена;
14) ќе го задолжи правното или физичкото лице да преземе мерки за исполнување на условите предвидени во интегрираните еколошки дозволи, дозволите за усогласување со оперативни планови, елаборатите за влијанијата на проектот врз животната средина, студиите за оцена на влијанието врз животната средина и плановите за заштита од хаварии;
15) ќе ја ограничи или забрани работата на правно или физичко лице кое не ги исполнува условите предвидени во интегрираните еколошки дозволи, дозволите за усогласување со оперативни планови, елаборатите за влиј аниј ата на проектот врз животна средина, студиите за оцена на влијанието врз животната средина, плановите за заштите од хаварии, сТ до исполнувањето на условите, а најмногу до 90 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;
16) привремено ќе ги одземе производите, полупроизводите, суровините и хемикалиите кои не се означени за можноста за загадување или можното штетно влијание врз животната средина, како и не обезбедат податоци за нивните особини и ефекти;
17) ќе го задолжи правното или физичкото лице да ги достави и/или доставува информациите од мониторингот и други информации за животната средина во рок од најмногу 30 дена;
18) ќе ги задолжи правните и физичките лица да спроведат мониторинг на загадувањето во животната средина во период од најмногу 90 дена, во случај на појава на загадување во околината на објектот на правното и физичко лице во кој се спроведува активноста за која се претпоставува дека го предизвикува загадувањето;
19) ќе ја ограничи или забрани работата на правно и физичко лице кое не го спроведува мониторингот на начин пропишан со закон, во траење од најмногу 30 дена, во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;
20) ќе ги задолжи правните и физичките лица да ги доставуваат потребните податоци од мониторингот и за Регистарот

и Катастарот во рок од најмногу 30 дена од денот на констатирањето на недостатокот;
21) ќе го ограничи или забрани спроведувањето на проект за кој не е добиено решение за оцена на студијата за влијанијата на проектот врз животната средина со кое се дава согласност за спроведување на проектот, без оглед дали надлежниот орган издал дозвола за спроведување на проектот, во траење од 90 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;
22) ќе го задолжи правното или физичкото лице кое не поднело барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план да го стори тоа во рок од најмногу 90 дена;
23) ќе ја ограничи или забрани работата на правно и физичко лице кое не поседува интегрирана еколошка дозвола и дозвола за усогласување со оперативен план во траење од 90 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;
24) ќе ја ограничи или забрани работата на правно или физичко лице кое испушта емисии во животната средина поголеми од оние пропишани со закон или пропис донесен врз основа на закон и/или емисии утврдени со интегрираните еколошки дозволи, а најмногу до 90 дена во кој рок треба да се остранат причините за настанатата состојба и
25) заради заштита на здравјето на луѓето, ќе ја ограничи или забрани работата на правно или физичко лице кое испушта емисии во животната средина, или ќе ги ограничи нивните емисии, во случај кога во околината на правното или физичкото лице, се нарушени стандардите за квалитет на животната средина, во временски период се додека квалитетот на животната средина не биде доведен во рамките на утврдените стандарди за квалитет.
(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор утврди дека правните и физичките лица не се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти, со записник ги констатира утврдените неправилности и во решението го определува рокот во кој истите треба да се отстранат.
(3) Мерките за отстранување на штетните последици што настанале со загадувањето или со деградација на животната средина и на природата, за доведување на животната средина во претходна или задоволителна состојба од ставот (1) точки 1, 2 и 3 на овој член, државниот инспектор може да ги определи во соработка со органот надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина.
(4) Доколку субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член не постапат согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд, односно кривична постапка пред надлежен орган или суд, како и отпочнува постапка за одземање на добиените дозволи и овластувања.
(5) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор утврди дека правните и физичките лица не се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти и покрај определувањето на рокот во кој неправилностите треба да се остранат, државниот инспектор има право да поднесе барање за поведување прекршочна, односно кривична постапка пред надлежен суд, односно орган.
(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, државниот инспектор постапува според видот на прекршокот утврден во прекршочните одредби од овој закон.
(7) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор утврди дека рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член очигледно не е доволен правните и физичките лица да преземат мерки со кои ќе се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти, државниот инспектор може да определи дополнителен рок кој е поголем за најмногу уште 120 дена од рокот определен во ставот (1) на овој член.
(8) Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, државниот инспектор за животна средина издава усна наредба за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци кои записнички ги констатира во соработка со Државниот санитарно-здравствен инспекторат, како и ги известува и другите надлежни инспектори или други државни органи за утврдените неправилности и ќе побара нивна интервенција.
(9) Ако констатираните неправилности од ставот (7) на овој член, преставуваат опасност за животната средина, животот и здравјето на луѓето, државниот инспектор за животна средина веднаш издава усна наредба со која ја забранува работата на инсталацијата, објектот, постројката, уредот, како и употреба на средствата и опремата за вршење на дејноста.
(10) Во случаите од ставот (8) на овој член, државниот инспектор за животна средина донесува писмено решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба.
(11) Трошоците за чување и складирање на одземената опрема, производи, уреди и апарати кои се извори на загадување или деградација на животната средина, паѓаат на товар на лицето од кои се одземени.
(12) За одземените предмети од ставот (1) точка 8 на овој член инспекторот за животна средина издава потврда за привремено одземање на предметите.
(13) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши согласно со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Делокруг на надзор на овластениот инспектор

Член 201

(1) Во вршењето на инспекциски надзор од својот делокруг, овластениот инспектор има право:
1) да утврди дали е изработен елаборат за заштита на животната средина утврден со прописот од членот 24 ставови (4) и (5) од овој закон, дали е доставен и одобрен од надлежниот орган и да изврши увид дали се исполнуваат мерките пропишани во елаборатот (член 24);
2) да утврди дали се врши мониторинг во согласност со условите содржани во
Б-интегрираната еколошка дозвола (член 36 став 4);
3) да утврди дали на изготвувачот му се доставуваат потребните податоци за изготвување и одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики (член 41 став (3));
4) да утврди дали е поднесено барање и/или дали инсталацијата има Б- интегрирана еколошка дозвола (членови 122 став (1) и 124 став (1));
5) да изврши увид и контрола дали операциите во инсталацијата се спроведуваат согласно со условите утврдени во В-интегрираната еколошка дозвола (член 127);
6) да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план за продолжување, односно отпочнување на работата на инсталацијата до исполнување на условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола и да изврши увид и контрола дали активностите во инсталацијата се спроведуваат согласно со условите утврдени во дозволата и оперативниот план (член 134);
7) да утврди дали е доставено барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план во пропишаниот рок, кога се работи за инсталација за која се издава Б-интегрирана еколошка дозвола (член 135 став (5));
8) да утврди дали емисиите на супстанциите определни во дозволата за усогласување се испуштаат согласно со определените гранични вредности (членови 134, 137, 138 и 139);
9) да изврши увид и контрола во начинот на спроведување на одделните фази од оперативните планови и утврди дали се спроведуваат во утврдените рокови за реализација на дозволите за усогласување, за инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола (членови 134, 137, 138 и 139);
10) да утврди дали емисиите на супстанциите определни во дозволата за усогласување се испуштаат согласно со определените гранични вредности (членови 134, 137, 138 и 139);
11) да утврди дали е поднесено известување за реализацијата на оперативните планови и исполнувањето на обврските од оперативниот план заради добивање на интегрирана еколошка дозвола и дали е тоа сторено во определениот рок (членови 138 и 139);
12) да утврди дали е доставено известувањето до надлежниот орган во определениот рок (член 147 став (4));
13) да утврди дали се изработени и/или доставени внатрешни планови до општината и до градот Скопје (член 154);
14) да утврди дали е подготвен план за спречување на хаварии во определениот рок и дали операторот го спроведува Планот (член 147-а);
15) да утврди дали е изготвен извештај за мерките за безбедност (член 148) и
16) да утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведување на овој и друг закон.
(2) На барање на овластениот инспектор, овластено службено лице на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи е должно да учествува во извршувањето на работите од ставот (1) на овој член".

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Други надлежности на овластениот инспектор

Член 202

(1) Во вршењето на надзор од својот делокруг, овластениот инспектор има право да врши надзор над примената на мерките за заштита на почвата од загадување и пренамена и тоа дали:
- се преземени марки за спречување на загадувањето на почвата со испуштања на моторни масла од возилата и/или нафтени деривати и/или течности кои содржат нафтени деривати во почвата (сервиси за миење возила, други сервиси за возила и слично),
- се преземени соодветни мерки во случај на пречекорување на загадувањето и
- утврдува и други состојби од негова надлежност.
(2) При вршењето на надзорот на спроведувањето на мерките на заштита од непријатна миризба, овластениот инспектор за животна средина има право да врши надзор над примената на мерките за заштита од непријатна миризба, и тоа дали:
- се преземаат мерки за заштита од непријатна миризба во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот,

- угостителската и туристичката дејност се врши на начин на кој се обезбедува спречување на ширење на непријатна миризба во околината,
- дали се отстрануваат работите и се спречуваат активностите кои предизвикуваат непријатна миризба и
- утврдува и други состојби од негова надлежност.

(3) Овластениот инспектор за животна средина врши и инспекциски надзор согласно Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

<< Консолидација: Одредбите на членовите 17 и 19 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА слв. 44/2015), ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност. >>

Донесување решенија на овластениот инспектор

Член 203

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор овластениот инспектор со решение:

1) ќе определи мерки со цел да се отстранат причините за настанувањето на загадувањето на животната средина;

2) ќе нареди да се отстранат штетните последици што настанале со загадувањето или со деградацијата на животната средина и ќе определи мерки за доведување на животната средина во претходна состојба;

3) ќе определи мерки за превенција и за отстранување на загадувањето и враќање на животната средина во задоволителна состојба;

4) привремено ќе ја забрани работата на објектите, постројките и инсталациите, поради штетните дејствија со кои се врши загадување или деградација на животната средина и на животот и здравјето на луѓето, без оглед на тоа дали се обезбедени услови за нивното работење и дали се обезбедени дозволи, одобренија и согласност, пропишани со закон, во траење од најмногу 30 дена, во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;

5) привремено ќе одземе опрема, уреди, производи и апарати кои претставуваат извори на загадување или деградација на животната средина, се до отстранување на недостатоците, односно до донесувањето на правосилна одлука на надлежниот суд или прекршочниот орган;

6) ќе ги задолжи правните и физичките лица да изработат елаборат за влијанијата на проектот врз животната средина во рок од најмногу 90 дена од денот кога е констатирано дека немаат изработено елаборат;

6-а) ќе ја забрани работата на правни и физички лица кои вршат дејности или активности пропишани во членот 24 став (4) и (5) од овој закон без решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежниот орган се до добивање на решение за одобрување на елаборатот согласно со членот 24) од овој закон;

6-б) да нареди спроведување на мерките утврдени во елаборатот и да го утврди временскиот рок за спроведување на мерката (член 24);

7) ќе го задолжи правното или физичкото лице кое не поднело барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола или дозвола за усогласување со оперативен план да го стори тоа во рок од најмногу 90 дена;

8) ќе ја ограничи или забрани работата на правно и физичко лице кое не поднело барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола во траење од 30 дена во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба;

9) ќе ја ограничи или забрани работата на правно или физичко лице кое не ги исполнува условите предвидени во В-интегрираните еколошки дозволи, дозволите за усогласување со оперативни планови за инсталациите кои треба да добијат Б-интегрирани еколошки дозволи, елаборатите за влијанијата на проектот врз животната средина, а најмногу до 30 дена во кој рок треба да се остранат причините за настанатата состојба и

10) ќе ја ограничи или забрани работата на правно или физичко лице кое испушта емисии во животната средина поголеми од оние пропишани со закон или пропис донесен врз основа на закон, и/или емисии утврдени со Б-интегрираните еколошки дозволи, а најмногу до 30 дена во кој рок треба да се остранат причините за настанатата состојба.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот инспектор за животна средина утврди дека правните и физичките лица не се придржуваат кон законите и другите прописи, стандарди, препораки и други општи акти, со записник ги констатира утврдените неправилности и во решението определува рок во кој треба да се отстранат.

(3) Доколку субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член не постапат согласно со решението на овластениот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, овластениот инспектор за животна средина поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд, односно кривична постапка пред надлежен орган или суд, како и започнува постапка за одземање на добиените дозволи и овластувања.

(4) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, овластениот инспектор утврди дека правните и физичките лица не се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти, и покрај определувањето на рокот во кој неправилностите треба да се остранат, овластениот инспектор има право да поднесе барање за поведување на прекршочна, односно кривична постапка пред надлежен суд, односно орган.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член овластениот инспектор постапува според видот на прекршокот утврден во прекршочните одредби од овој закон.
(6) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, овластениотт инспектор утврди дека рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член очигледно не е доволен за правните и физичките лица да преземат мерки со кои ќе се придржуваат кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти, државниот инспектор може да определи дополнителен рок кој е поголем за најмногу уште 90 дена од рокот определен во ставот (1) на овој член.
(7) Во случај кога ќе утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, овластениот инспектор за животна средина издава усна наредба за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци кои записнички ги констатира во соработка со Државниот санитарно-здравствен инспекторат, како и го известува Државниот инспекторат за животна средина, како и другите надлежни инспектори или други државни органи за утврдените неправилности и ќе побара нивна интервенција.
(8) Ако констатираните неправилности од ставот (6) на овој член, преставуваат опасност за животната средина и животот и здравјето на луѓето, овластениот инспектор за животна средина веднаш издава усна наредба со која ја забранува работата на инсталацијата, објектот, постројката, уредот, како и употреба на средствата и опремата за вршење на дејноста.
(9) Во случаите од ставот (7) на овој член, овластениот инспектор за животна средина донесува писмено решение во рок од 48 часа од издавањето на усната наредба.
(10) Трошоците за чување и складирање на одземената опрема, производи, уреди и апарати кои се извори на загадување или деградација на животната средина, паѓаат на товар на лицето од кои се одземени".
(11) За одземените предмети од ставот (1) точка 5 на овој член инспекторот за животна средина издава потврда за привремено одземање на предметите.
(12) Одземањето на предметите и постапувањето со истите се врши во согласност со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

<< Консолидација: Влегува во сила на 11.03.2014 >>

Делокруг на надзор на Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Фитосанитарната управа и Државниот инспекторат за земјоделство

Член 204

(1) Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот пазарен инспектор, државниот санитарен инспектор, инспекторот за храна, фитосанитарниот инспектор и државниот инспектор за земјоделство има право:
1) да утврди дали се врши призводство, промет и употреба на одделни производи, супстанции и вршење на одделни активности и услуги согласно со прописот од членот 21 на овој закон;
2) да утврди дали се пуштаат во промет опасните супстанции, штетните материи и производи, како и супстанциите и производите чијшто увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Северна Македонија е ограничен, забранет или строго контролиран согласно со членот 22 став (1) од овој закон;
3) да утврди дали прометот, увозот, извозот и транзитот на опасните супстанции, штетни материи и производи, како и одделни полупроизводи, суровини и стоки кои се под посебен режим на увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Северна Македонија се врши согласно со прописот од членот 22 став (2) на овој закон;
4) да утврди дали се пуштаат во промет производи, полупроизводи суровини и хемикалии, како и нивни пакувања на кои не е означена можноста за загадување или влијанието што може да го имаат врз животната средина и здравјето на луѓето согласно со членот 27 став (1) од овој закон;
5) да утврди дали се пуштаат во промет полупроизводи, суровини, хемикалии во пакување кое не е означено согласно со членот 27 став (3) од овој закон;
6) да утврди дали се пуштаат во промет производи и услуги со еколошка ознака која не е добиена на начин утврден согласно со членот 29 од овој закон и
7) да утврди дали се рекламира, етикетира и пушта во промет производ означен со еколошка ознака, на начините и според критериумите кои не се во согласност со членот 29 од овој закон.
(2) Државниот пазарен инспекторат инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член го врши согласно со Законот за пазарна инспекција и овој закон.
(3) Државниот санитарен и здравствен инспекторат инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член го врши согласно со Законот за санитарна и здравствена инспекција и овој закон.
(4) Агенцијата за храна и ветеринарство инспекцискиот надзор од ставот (1) точки 1, 3 и 4 на овој член, го врши согласно со Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната и овој закон.

(5) Фитосанитарната управа инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член го врши согласно со Законот за здравје на растенијата и Законот за средства за заштита на растенијата и овој закон.
(6) Државниот инспекторат за земјоделство инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член го врши согласно со Законот за земјоделска инспекција и другите посебни закони од областа на земјоделството и овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапка за едукација

Член 204-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за животна средина, односно другиот орган кој го извршил инспекцискиот надзор, утврди дека е сторена неправилност од членовите 212-ѓ став (1) точки 4, 5, 6, 8 и 9 од овој закон за прв пат, е должен со записник да ги констатира утврдените неправилности и со решение да изрече опомена и да определи рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите утврдени со записникот.
(2) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластениот инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 212-ѓ став (1) точки 4, 5, 6, 8 и 9 на овој закон за прв пат, е должен со записник да ги констатира утврдените неправилности и со решение да изрече опомена и да определи рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите утврдени со записникот.
(3) Државниот инспекторат за животна средина води единствена евиденција за изречени опомени.
(4) Формата и содржината на евиденцијата на изречените опомени ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Право на пристап

Член 205

Членот 205 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Обврска на правните и физички лица при вршење на надзор

Член 205-а

Членот 205-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Мерење и земање примероци

Член 206

Членот 206 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Трошоци

Член 207

Членот 207 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Програма за работа на инспекциските служби

Член 207-а

Членот 207-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапка за вршење на инспекциски надзор

Член 208

Членот 208 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Постапување на државниот инспектор по пријава од физичко или правно лице

Член 208-а

Членот 208-а се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Обврски на државниот инспектор за животна средина, инспекторот за заштита на природата и на овластените инспектори за животна средина

Член 209

Членот 209 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Одговорност на службените лица

Член 209-а

(1) Службените лица во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и органите во состав, како и службените лица во органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје се должни, како одговорни лица, навремено и ефикасно да ги презема сите неопходни мерки и постапки за спроведување на овој закон.

(2) Доколку при спроведувањето на постапките утврдени во овој закон, се утврдат прекршувања од страна на правно или физичко лице направени со дејствие и/или несторувања и/или пропуштање на должен надзор над друго лице кое било овластено да постапува во името на правното лице, како и изнесување на неточни и лажни податоци и документи, службените лица се должни да

покренат иницијатива или барање за покренување на прекршочна постапка согласно со одредбите на овој закон.

(3) Правните и физички лица за кои се предвидени права и обврски утврдени со овој закон, доколку утврдат постоење на прекршување или пречекорување на овластувањата од страна на службените лица од ставот (1) на овој член, направени со дејствија и/или несторувања, се должни за тоа да го известат министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје.

(4) Во случај на утврдување на прекршувања на надлежностите на службените лица од ставот (1) на овој член министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје е должен да покрене постапка за утврдување на одговорноста на службеното лице согласно со овој или друг закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

XXI НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА, ГРАДОТ СКОПЈЕ И ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје

Член 210

(1) Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на

животната средина. Во остварувањето на надзорот над спроведувањето на овој закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина врши и надзор над работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Надлежности во вршење на надзорот

Член 211

(1) При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги врши следниве работи:

1) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје изрекуваат мерка забрана за вршење на активностите и за враќање на животната средина во задоволителна состојба, врз основа на прописот од членот 20 став (2) на овој закон;

2) оценува дали градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, односно општините во градот Скопје ја информира јавноста за случаите на надминување на дозволените емисии и во другите случаи за загадување на животната средина на нивната територија (член 26);

3) врши надзор над делегиран мониторинг (член 35);

4) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доставуваат податоци од мониторингот (член 37);

5) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, доставуваат податоци за одржување на регистарот на загадувачките материи и
супстанции и на нивните карактеристики (член 41) ;

6) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, доставуваат податоци за одржување на соодветните катастри (член 42);

7) оценува дали градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и на општините во градот Скопје го доставуваат во определениот рок извештајот од членот 45 на овој закон до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

8) оценува дали органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје обезбедуваат пристап до информации за животна средина кои ги поседуваат и дали тоа го сториле во определен рок и форма (членови 53 и 54);

9) оценуваат дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје го донеле локалниот акционен план за животна средина согласно со методологијата и доставиле извештај за неговото спроведување (член 60);

10) оценува дали советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирале тело за следење на имплементација на локалниот акционен план за животна средина (член 60 став (5));

11) оценува дали органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје го припишале начинот на информирање на јавноста за спроведувањето на локалниот акционен план за животна средина и оценува дали доставуваат податоци на јавноста (член 62);

12) оценува дали локалниот акционен план е донесен согласно со содржината пропишана во членот 64 од овој закон;

13) оценува дали стратегиите, плановите и програмите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје се донесени на начин и во постапка утврдена со одредбите во Главата X од овој закон;

14) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доставиле податоци релевантни за изработка на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина (член 83);

15) оценува дали општините и градот Скопје ги исполниле условите за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативни планови (член 123);

16) дали градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје води општински регистар на Б-интегрирани еколошки дозволи за своето подрачје и дали доставува копија до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 126 став (4));

17) оценува дали се проверени условите утврдени во дозволата согласно со членот 126 став (8) од овој закон;

18) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје го објавиле барањето за дозвола за усогласување со оперативен план во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија (член 136);

19) дали градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје води општински регистар на дозволи за усогласување со оперативен план за инсталациите кои треба да добијат Б-интегрирани еколошки дозволи за своето подрачје и дали доставуваат податоци до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 140 став (5));

20) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје објавиле во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија дека е издадена дозвола за усогласување со оперативен план и дали дозволата е издадена во пропишаната содржина (член 140);

21) оценува дали општината, градот Скопје ги издаваат Б-интегрираните дозволи и дозволите за усогласување со оперативен план, на начин, услови и во постапка во согласност со главите XII и XIV од овој закон;
22) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје изработиле надворешен план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанции (член 154) ;
23) дали ги анализираат и ги тестираат, а онаму каде што е потребно и ги обновуваат и ревидираат надворешните планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанции во определениот рок (член 154 став (9));

26) ја следи законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје во согласност со овој и друг закон од областа на животната средина;
27) оценува дали органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат нивните надлежности да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
28) им укажува на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за пречекорување на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба;
29) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од локално значење;
30) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје на нивно барање определени со овој закон;
31) го следи навременото донесување на прописите, кои општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ги донесуваат согласно со овој закон;
32) поднесува иницијативи и предлози до општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доколку констатира неспроведување на овој закон;
33) поднесува иницијативи и предлози до општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доколку констатира неспроведување на овој закон како последица на судир на надлежности меѓу органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје;
34) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје ги донесуваат при решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физички и правни лица;
35) дава мислење и стручна помош по предлог на прописите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје на нивно барање;
36) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните;
37) го следи остварувањето на претходниот надзор над прописите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и
38) навремено ги известува органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршење на надзорот.
39) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ги спроведуваат одредбите од членот 24 на овој закон.
(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) точки 26, 31, 34 и 37 на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.
(3) При вршењето на работите од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје да им достави укажување и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци во остварувањето на нивната надлежност".

<< Консолидација: Влегува во сила на 29.04.2022 >>

Одземање на извршување на надлежност

Член 212

(1) Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите кои со овој закон се утврдени како нивна надлежност и за чие извршување се одговорни општината, градот Скопје и општините во градот Скопје им се одзема соодветната надлежност, а вршењето на тие работи го презема органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, работите од надлежност на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје од ставот (1) на овој член, ги врши во име и за сметка на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.
(3) За преземањето на работите од ставот (1) на овој член се известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

XXII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Прекршочен орган

Член 212-а

(1) За прекршоците утврдени во член 212-ѓ ставови (4), (5), (6), (7), (10), (11) и (12) и член 212-е ставови (4), (5) и (6) од овој закон од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работата од областа на животната средина (во натамошниот текст: Прекршочна постапка) .
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на животната средина, од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.
(4) Прекршочната комисија е составена од три члена од кои:
- двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и
- еден член со висока стручна подготовка од областа на природните и техничките науки со пет години работно искуство во својата област.
(5) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник.
(6) Покрај членовите на Прекршочната комисија министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за комисијата и заменици членови, кои по исклучок, учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.
(7) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.
(8) Против одлуката на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
(9) Прекршочната постапка и изрекувањето на прекршочната санкција се води согласно одредбите на овој закон и Законот за прекршоците.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Работа на Прекршочната комисија

Член 212-б

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен завршење на работите од областа на животната средина може да формира повеќепрекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочната постапка за прекршоци за одделни области и/или за одделни подрачја од Република Северна Македонија.
(2) Член на Прекршочната комисија може да се разреши:
1) со истекот на времето за кое е именуван за член;
2) по негово барање;
3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со законот;
5) ако му се утврди трајна неспособност;
6) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочната постапка со правосилна одлука;
7) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и
8) ако не пријавил постоење на конфликт на интереси за случај за кој решава Прекршочната комисија.
(3) Предлог за разрешување на член на комисија за случаите од ставот (2) точки од 3 до 8 на овој член поднесува претседателот на Прекршочната комисија до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

(5) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.
(6) Прекршочната комисија работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапки за порамнување

Член 212-в

(1) За прекршоците утврдени во членот 212-ѓ од овој закон, државните или овластените инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапки за порамнување со издавање на прекршочен платен налог пред да поднесат барање за прекршочна постапка.
(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, државниот или овластениот инспектор во записникот забележува дека издава прекршочен платен налог.
(3) Кога прекршокот државниот или овластениот инспектор го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, државниот или овластениот инспектор е должен веднаш да издаде прекршочен платен налог кој го забележува во записникот за констатиран прекршок.
(4) Во случаите од став (2) на овој член, прекршочниот платен налог го потпишува државниот или овластениот инспектор и сторителот.
(5) Во случаите од став (3) на овој член, прекршочниот платен налог го потпишува државниот или овластениот инспектор, а може да го потпише и сторителот.
(6) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот е должен да ја плати изречената глоба во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во правната поука.
(7) Сторителот кој ќе ја плати голбата во рокот од став (6) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука од прекршочниот платен налог.
(8) Доколку глобата не се плати во рокот определен во прекршочниот платен налог, државните или овластените инспектори се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган.
(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ја пропишува формата и содржината напрекршочниот платен налог.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Постапка за спогодување

Член 212-г

(1) За прекршоците од членот 212-е и 212-ж на овој закон, државните и овластените инспектори можат на сторителот на прекршокот да му понудат спогодување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.
(2) Државниот и овластениот инспектор за случаите од ставот (1) на овој член составува записник во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за спогодување на кој се потпишува и сторителот на прекршокот.
(3) Постапката за спогодување се води пред комисија за спогодување формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Комисијата е составена од три члена, од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на комисијата се избираат од редот на државните службеници вработени во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина од кои еден е дипломиран правник.
(5) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваатпретставници на сторителот на прекршокот и државниот или овластениот инспектор.
(6) За склучената согласност по спогодувањето се составува спогодба во која се констатира согласноста на двете страни.
(7) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено- висината и начинот на плаќање на глобата,
- висината и начинот на плаќање на други давачки и трошоци и
- мерките кои треба да ги преземе сторителот со цел да ги отстрани последиците од прекршокот.

(8) Во случаите во кои е постигната согласност за спогодување, глобата на сторителот може да биде намалена до половина од износот на пропишаниот минимум на глобата за прекршокот.
(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува деловник.

(10) Комисијата за спогодување е должна да води евиденција за поведените постапки за спогодување и за нивниот исход.
(11) Спогодбата од ставот (6) на овој член има сила на извршна исправа.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Медијација

Член 212-д

Членот 212-д се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 31.07.2015 >>

Прекршоци од I категорија

Член 212-ѓ

(1) Глоба во износ од 9.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 18.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 53.000 до 59.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 88.000 до 98.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе се изрече за прекршок на правното лице односно 3.000 евра во денарска противвредност за трговец поединец доколку:
1) не изработи елаборат за заштита на животна средина и истиот не го достави на одобрување до надлежниот орган;
врши дејности и активности без решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежниот орган и доколку не ги исполнува мерките пропишани во елаборатот (член 24);
2)постапува со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење без добиена лиценца или не презема превентивни мерки заради минимизирање на истекувањата на супстанциите согласно со членот 22-б од овој закон;
3) физичкото и правното лице кое постапува со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, не достави извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење со кои постапувал согласно со членот 22-б од овој закон;
4) се пуштаат во промет производи, полупроизводи, суровини, хемикалии како и нивните пакувања, на кои нема ознака за можноста за загадување или за можно штетно влијание врз животната средина (член 27 став (1));
5) се пуштаат во промет полупроизводи, суровини, хемикалии во пакување кое не е означено согласно со членот 27 став (3) од овој закон;
6) се рекламира, етикетира и пушта во промет производ означен со еколошка ознака, на начините и според критериумите кои не се во согласност со членот 29 од овој закон;
7) не се користат уреди и инструменти одобрени во постапката за верификација на мерилата и истите не се одржуваат во исправна состојба (член 36 став (2));
8) на изготвувачот не му се доставуваат потребните податоци за изготвување и одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики (член 41 став (4));
9) на изготвувачот не му се доставуваат потребните податоци за изготвување и одржување на Катастарот на животната средина (член 42 став (4));
10) субјектите од членот 52 став (1) алинеи 3 и 4 на овој закон не обезбедуваат пристап до информациите за животна средина кои ги поседуваат или не го сториле тоа во определениот рок и форма (членови 52, 53 и 54) ;
11) субјектите информациите за животна средина кои ги поседуваат, не ги ажурираат и не ги одржуваат информациите согласно со членот 56-а од овој закон;
12) не е доставено барањето за дозвола за усогласување со оперативен план во пропишаниот рок (член 135 став (5));
13) не е добиена дозвола за усогласување со оперативен план за продолжување, односно започнување на работата на инсталацијата;
14) не е поднесено известување за реализацијата на оперативните планови и исполнувањето на обврските од оперативниот план заради добивање на интегрирана еколошка дозвола и/или тоа не е сторено во определениот рок (членови 138 и 139);
15) операторот не поднел известување во случаите од членот 141 став (4) на овој закон;
16) не го платил надоместокот согласно со членот 179 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 1.000 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 3.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 5.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 100 евра во денарска противвредност кај

мали трговци, 300 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 500 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(5) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за физичкото лице доколку:
1) не им овозможуваат право на увид на државните и овластените инспектори за животна средина;
2) не ги обезбеди сите потребни информации неопходни за спроведување на надзорот во определениот рок;
3) дава лажна изјава и неточни податоци и
4) не се легитимира на местото на инспекцискиот надзор и не ги дава своите лични податоци на барање на државниот и овластениот инспектор.
(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице, кое ќе дозволи испит да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон (член 22-ж став (2) и член 85-д став (1)).
(7) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ако не го донесе решението во рокот утврден во членот 85-т став (7) и членот 22-у став (7) од овој закон.
(8) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 5.500 до 6.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 22-к став (7) и член 85-s став (7)).
(9) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 5.500 до 6.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испитот доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина согласно со членот 85-s став (3) и членот 22-к став (3) од овој закон.
(10) Глоба во износ од 500 во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените преставници од членот 22-к став (5) и член 85-s став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на одредбите од членот 22-л ставови (2), (3) и (4) и членот 85-и ставови (2), (3) и (4) од од овој закон.
(11) Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на одредбите од членот 22-л ставови (2), (3) и (4) и членот 85-и ставови (2), (3) и (4) од од овој закон.
(12) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата за ревизија на одржаните испити, доколку утврдат неправилности во спроведување на испитот, а за тоа не го известат министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина (член 22-у став (4) и 85-т став (4)).
(13) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 85-s став (5) и членот 22-к став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 85-и став (9) и членот 22-л став (9) од овој закон.
(14) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 3.500 до 4.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 5.500 до 6.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе му се изрече на овластеното правно лице кое го спроведува стручниот испит, доколку не го прекине испитот согласно со членот 85-и ставови (5) и (6) член 22-л став (5) и (6) од овој закон.
(15) Надлежен орган за изрекување на прекршоците од ставовите (5) и (11) на овој член е Прекршочната комисија, а за прекршоците од ставовите (1), (2), (3), (4), (6), (7), (8), (9), (10), (12), (13) и (14) на овој член е надлежниот суд.
(16) Доколку правното лице односно трговец поединец од ставот (1) точки 1, 4 и 6 на овој член изврши повторен прекршок, може да му се изрече санкција привремена забрана на вршење одделна дејност во траење од најмногу 30 дена.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Прекршоци од II категорија

Член 212-е

(1) Глоба во износ од 13.000 до 14.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 25.000 до 28.000 во денарска противвредност за мали трговци, од 76.000 до 84.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 126.000 до 140.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе се изрече на правното лице односно 4.000 евра во денарска противвредност на трговец поединец за прекршок доколку:

1) гради или реконструира инсталации, без добивање на дозвола и без притоа да се исполнат утврдените норми и стандарди од системот за заштита на животната средина (член 20);
2) произведува и увезува превозни средства кои не ги исполнуваат условите пропишани за емисиите кај мобилните извори на загадување и за бучава (член 20);
3) произведува, пушта во промет и употребува одделни производи, супстанции и врши одделни активности и услуги и покрај забраната од членот 21 на овој закон;
4) не известува за увезените и/или извезените супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или производи кои содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка и/или со супстанциите и/или производите кои ја осиромашуваат озонската обвивка не постапува согласно со членот 22-а од овој закон;
5) користи домашна или увезена технологија, или технолошка линија, производ, полупроизвод и суровина којашто не ги исполнува пропишаните норми за заштита на животната средина (член 23);
6) увезува технологии или технолошки линии, производи, полупроизводи и суровини коишто се забранети во земјата производител или во земјата извозник, од причини за заштита на животната средина (член 23 став (2));
7) не се чуваат податоците за користењето на природните богатства, суровини и енергијата, за емисиите на загадувачки материи и супстанции, видовите, карактеристиките и количеството отпад и другите податоци предвидени со овој или со друг закон (член 28 став (2));
8) не се почитуваат условите утврдени од доброволниот договор (член 30);
8-а) постапува спротивно на членот 28-б) од овој закон;
9) не се врши мониторинг, во согласност со интегрираната еколошка дозвола(член 36 ставови (4) и (5));
10) податоците добиени од мониторингот не се доставуваат или не ги доставуваат на начин и под услови што ги пропишува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 37 став (2));
11) правните и физички лица не доставуваат податоци и информации за животната средина согласно со членот 46 од овој закон;
12) не го известил органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за намерата за изведување проект (член 80);
13) не е изготвена студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и истата не е доставена до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 83);
14) не е донесено решение со кое се дава согласност за спроведувањето на проектот (член 87 став (1)), односно не е донесено решение согласно со членот 81 став (4) од овој закон;
15) не е добиена А или Б-интегрирана еколошка дозвола (членови 95 и 123);
16) утврди дека за време на важноста на А-интегрираната еколошка дозвола ипет години по истекот на важноста не се чуваат сите документи и податоци во врска со барањето, издавањето и мониторингот предвиден со обврзувачките услови во интегрираната еколошка дозвола и дали се направени достапни, по барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина или на инспекторатот за животна средина (член 110) ;
17) спроведувањето на одделните фази од оперативните планови не се спроведуваат во утврдените рокови за реализација (членови 134, 137, 138 и 139);
18) не постапиле согласно со издадените решенија од државниот или овластениот инспектор;
19) започне со активности за реализација на проектот без добиено решение за спроведување на проектот;
20) не го пресмета и/или неточно го пресмета надоместокот и/или надоместокот не го уплати во пропишаните рокови согласно со Главата XVIII од овој закон и
21) не поднесе извештај за реализација на средствата определени со договорот за доделување на средства (член 178) и
22) не го пресметува и уплатува надоместокот согласно со членот 180 од овој закон.
23) овластеното правно лице не го уплатува надоместокот на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во пропишаниот рок, како и не го доставува извештајот во пропишаниот рок до надлежниот орган (член 180 од овој закон).
(2) Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 1.500 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 4.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци, 7.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци, ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 70 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 150 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 400 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 700 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе се изрече на службеното лице во правното лице за дејствија од ставот (1) на овој член.
(4) Глоба во висина од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(5) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на службеното лице во правното лице кое е одговорно за спроведување на дејствијата утврдени во овој закон доколку:
1) не ги чува податоците за користењето на природните богатства, суровини и енергијата, за емисиите на загадувачки материи и супстанции, видовите, карактеристиките и количеството отпад и другите податоци предвидени со овој или со

друг закон (член 28 став (2));
2) податоците добиени од мониторингот не ги доставува на начин и под услови што ги пропишува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (член 37 став (2));
3) лицето овластено за посредување со информации од областа на животната средина не постапува согласно со одредбите од овој закон;
4) службеното лице не води евиденција согласно со одредбите на овој закон;
5) службеното лице податоците не ги чува како службена тајна ако тоа е определено со овој закон;
6) дава лажна изјава и неточни податоци при инспекцискиот надзор;
7) не ги обезбедат сите потребни информации неопходни за спроведување на надзорот на барање на државниот и овластениот инспекторат за животна средина;
8) не им овозможува право на увид на државните и овластените инспектори за животна средина;
9) не се исполнуваат обврските за известување од членот 111 на овој закон;
10) не е извршена генерална еколошка ревизија, како и не е приложен извештај од извршена еколошка ревизија (член 130);
11) еколошката ревизија е изработена од лице кое не е регистрирано и не поседува соодветен сертификат (член 131);
12) активностите во инсталацијата не се спроведуваат согласно со условите утврдени во дозволата и оперативниот план (член 134);
13) информациите за мерките за безбедност не се достапни на начин утврден во членот 150 од овој закон;
14) одговорното лице не определи лице кое ќе биде присутно за време нанадзорот;
15) не ги обезбедат сите потребни информации неопходни за спроведување на надзорот и
16) не им овозможува право на увид на државните и овластените инспектори за животна средина.
(6) Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице кое како експерт учествува во постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната срединаво постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина односно во постапката за ревизија доколку:
1) експертот во подготовката на планските документи даде неточни податоци (членови 67 и 68);
2) експертот за оцена на влијанието врз животната средина во подготовката на документите за оцена на влијанието врз животната средина даде неточни податоци;
3) ја потпише како одговорно лице студијата за оцена на влијанието врз животната средина без да е вклучено на листата за експерти за оцена на влијанието врз животната средина (член 83 став (2) и
4) изработило еколошка ревизија, а не е регистрирано и не поседува соодветен лиценца согласно со Законот за процена (член 130).
(7) Барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците од ставот (6) на овој член може да поднесе раководителот на организационата единица во органите надлежни за спроведување на овој закон, како и државниот службеник кој учествува во спроведувањето на постапките од главите XI, XII и XIV на овој закон.
(8) Надлежен орган за изрекување на прекршоците од овој член е надлежниот суд.
(9) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице од ставот (1) точки 17, 18 и 22 на овој член му се изрекува и санкција забрана на вршење на дејност.
(10) Доколку правното лице изврши повторен прекршок од ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член, може да му се изрече санкција привремена забрана на вршење одделна дејност.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Прекршоци од III категорија

Член 212-ж

(1) Глоба во износ од 18.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 36.000 до 40.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 110.000 до 120.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 180.000 до 200.000 евра во денарска противвредност за големи трговци ќе се изрече на правното лице за прекршок доколку:
1) произведува и испушта загадувачки материи и супстанции во животната средина, коишто ги надминуваат пропишаните норми, како и не постапува со нив на пропишаниот начин (член 20);
2) врши увоз, извоз и транзит во/од/низ Република Северна Македонија на опасните супстанции, штетните материи и производи, спротивно на забраната, ограничувањето или контролата од членот 22 на овој закон;
3) емисиите на супстанциите определени во дозволата не се испуштаат согласно со определените гранични вредности (член 107);
4) проектот не се спроведува во согласност со мерките утврдени во решението со кое се дава согласност за спроведување на проектот (член 87 став (2));
5) операциите во инсталацијата не се спроведуваат согласно со условите утврдени во интегрираните дозволи (членови

95, 123 и 127);
6) емисиите на супстанциите определени во дозволата за усогласување не се испуштаат согласно со определените гранични вредности (членови 134, 137, 138 и 139);
7) емисиите што се испуштаат или истекуваат во животната средина не се во рамките на определените гранични вредности утврдени со овој или друг закон или пропис донесен врз основа на закон;
8) не е доставено известување за присуство на опасни супстанции и/или тоа не е сторено во определениот рок (член 147);
8-а) не е изготвен план за спречување на хаварии со соодветна содржина (член 147-а);
9) не е изготвен извештај за мерките за безбедност со соодветна содржина, и/или не е доставен во соодветен рок и/или не е соодветно анализиран и обновуван во определениот рок (член 148);
10) не се преземени неопходните мерки за спречување на хаварии и за ограничување на последиците врз животот и здравјето на луѓето, во производствениот, транспортниот или во системот за складирање во кој се присутни опасни супстанции, во количества поголеми или еднакви на пропишаните (член 148 став (1) точка 2);
11) не е извршена анализа и ревизија на мерките за безбедност и активностите за спречување на хаварии, како и на извештајот за мерките за безбедност и за тоа не е известен надлежниот орган (член 149);
12) надлежниот орган не е известен, веднаш, за настанатата хаварија и не му се доставени веднаш штом станале достапни податоците за околностите во кои се случила несреќата, опасните супстанции кои се присутни, податоцитекои се потребни за проценување на последиците од несреќата по здравјето налуѓето и по животната средина, како и за преземените вонредни мерки (член 151ставови (1) и (4));
13) надлежниот орган не е известен за мерките предвидени за ублажување на среднорочните и на долгорочните последици од хаваријата и за спречување на хаваријата и/или не ги дополни предвидените мерки и активности со дополнителни факти откриени во истрагата (член 151 став (2));
14) не е изготвен внатрешен план за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанции и не е доставен на надлежниот орган во согласност со членот 154 од овој закон;
15) не се анализирани и тестирани, обновувани и ревидирани внатрешните планови за заштита од хаварија со присуство на опасни супстанции, водејќи сметка за новите технички достигнувања на полето на справувањето со хаваријте, во период не подолг од три години (член 154 став (9));
16) не постапило согласно со членот 157 од овој закон во случај на штета врз животната средина предизвикана од работата на инсталациите (член 157) и
17) покрај ограничувањето или забраната за работа изречена од државниот инспектор правното или физичкото лице продолжило со своите активности, или не ги ограничува своите емисии се додека квалитетот на животната средина не биде доведен во рамките на утврдените стандарди за квалитет.
(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 2.000 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 6.000 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 10.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци, ќе се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност кај микро трговци, 200 евра во денарска противвредност кај мали трговци, 600 евра во денарска противвредност кај средни трговци и 1.000 евра во денарска противвредност кај големи трговци ќе се изрече на службеното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) точки 3, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 15 на овој член.
(4) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1),(2) и (3) на овој член е надлежниот суд.
(5) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице од став (1) точка17 на овој член му се изрекува дополнителна привремена санкција забрана на вршење на дејност на правното лице.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Член 212-s

(1) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на службеното лице во органите кое се одговорни за спроведување на овој закон, како и на лицето кое е овластено за спроведување на дејствијата утврдени во овој закон доколку:
1) службеното лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и органите во состав како и службените лица во другите органи не ги презело навремено во утврдениот рок и ефикасно сите неопходни мерки и постапки за спроведување на овој закон;
2) службеното лице во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и органите во состав, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, не го извести министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина дека не е постигната согласност за содржината и рокот на реализација на оперативниот план;
3) лицето овластено за посредување со информации од областа на животната средина не постапува согласно со

одредбите од овој закон;
4) службеното лице не води евиденција согласно со одредбите од овој закон;
5) службеното лице податоците не ги чува како службена тајна, ако тоа е определено со овој закон;
6) не ги обезбедило сите потребни информации неопходни за спроведување на надзорот на барање на државниот и овластениот инспекторат за животна средина;
7) не им овозможува право на увид на државните и овластените инспектори за животна средина;
(2) За прекршоците од ставот (1) од овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд..

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

XXII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 213

Членот 213 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Член 214

Членот 214 се брише.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

XXIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Податоци и информации за Регистар на загадувачките материи и супстанции и на нивните карактеристики и за Катастарот за животна средина

Член 215

(1) Правните и физичките лица се должни најдоцна во рок од шест месеца од денот на донесувањето на прописите од членовите 41 став (2) и 40 став (5) на овој закон да ги достават потребните податоци и информации за Регистарот на загадувачки материи и супстанции.
(2) Правните и физичките лица кои вршат активности со кои ја загрозуваат или можат да ја загрозат животната средина, се должни најдоцна во рок од шест месеца од денот на донесувањето на прописите од членовите 40 став (5) и 42 став (3) на овој закон да ги до стават потребните податоци и информации за Катастарот за животна средина.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Елаборат за заштита на животната средина

Член 216

Постојните правни и физички лица кои вршат дејности и активности определени со прописите од членот 24 ставови (4) и (5) на овој закон, освен оние кои имаат обврска до добијат дозвола за усогласување со оперативен план, се должни истиот да го изготват и достават на одобрување до надлежниот орган во рок од една година од денот на донесувањето на подзаконските акти од членот 24 на овој закон и се должни да го усогласат своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Оцена на влијание врз животната средина

Член 217

Управните постапки за одобрување на спроведување проект започнати според Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (Службен весник на Република Македонија број 69/96, 13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002) ќе се завршат според одредбите на тој закон.

Информативен систем за управување со податоци

Член 218

Информативниот систем за управување со податоците за состојбата на медиумите и областите на животната средина, воспоставен од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина согласно со Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (Службен весник на Република Македонија број 69/96, 13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002) ќе се усогласи со одредбите на овој закон, најдоцна до 1 јуни 2006 година.

Национален акционен план за животната средина и локален акционен план за животната средина

Член 219

До донесувањето на Националниот акционен план на Република Северна Македонија за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, од членот 61 на овој закон, соодветно ќе се применуваат постоечкиот Национален акционен план за заштита на животната средина и постоечките локални акциони планови за животната средина, до истекот на рокот за кој се донесени.

<< Консолидација: Влегува во сила на 19.04.2022 >>

Финансирање на активностите во областа на животната средина

Член 220

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата основан со Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (Службен весник на Република Македонија број 69/96, 13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002), престанува со работа.
(2) Со денот на отпочнувањето на примената на Законот, органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги презема средствата, опремата, вработените и правата и обврските на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата.
(3) Вработените од Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата ќе се распоредат согласно со Актот за систематизација на работните места на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Програмата од членот 172 на овој закон, за 2005 година, ќе се донесе најдоцна во рок од 45 дена од денот на објавувањето на првиот ребаланс на Буџетот на Република Македонија по денот на влегувањето во сила на овој закон.
(5) Одредбите од членовите 182, 184 и 185 на овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2006 година.

Прописи за извршување на законот

Член 221

(1) Поблиските прописи за извршување на овој закон, ќе се донесат во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член, ќе се применуваат постоечките прописи.

Прв извештај за животната средина

Член 222

Иницијалниот извештај за состојбата на животната средина од членот 45 на овој закон, ќе се изготви во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, а потоа извештајот за состојбата на животната средина ќе се изготвува последователно на секои четири години, во согласност со членот 45 од овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Управа за животна средина

Член 223

(1) Со формирањето на Управата за животна средина, средствата, инвентарот, архивата и документацијата и другите работи на Службата за животна средина преминуваат во Управата за животна средина.
(2) Вработените од Службата за животна средина ќе се распределат согласно со Актот за систематизација на работните места на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Надлежностите од членот 161 на овој закон, Управата ќе ги врши постепено согласно со донесувањето на прописите за спроведување на овој закон.

Престанок на важење на определени одредби од областа на животната средина

Член 224

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (Службен весник на Република Македонија број 69/96, 13/99, 41/2000, 96/2000 и 45/2002), како и одредбата на членот 4 став 1 точка 10 од Законот за вршење на хидрометеоролошки работи (Службен весник на Република Македонија број 19/92 и 5/2003).

Примена на одредбите од главата за интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите коишто влијаат врз животната средина

Член 225

Одредбите од Главата XII Интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите коишто влијаат врз животната средина на овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2006 година.

Примена на одредбите од главата за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции

Член 226

Одредбите од Главата XV Спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции на овој закон ќе отпочнат да се применуваат Во рок од шест месеца од денот на донесувањето на подзаконските акти од членот 145 став (2) и членот 154 на овој закон.

<< Консолидација: Влегува во сила на 09.03.2007 >>

Примена на одредбите од главата за одговорност за штета предизвикана врз животната средина

Член 227

Одредбите од Главата XVI Одговорност за штета предизвикана врз животната средина на овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на прописите од членот 157 ставови (3) и (10) на овој закон.

Влегување во сила

Член 228

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 септември 2005 година.

ОДРЕДБИ

поврзани со

ЗАКОН ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ

во консолидираниот текст

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 81/2005

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 24/2007

Член 95

Примена на одредбите од овој закон

Одредбите од членовите 212-а, 212-б, 212-в, 212-г, 212-д, 212-ѓ, 212-е и 212-ж на овој закон ќе започнат да се применуваат од 8 мај 2007 година.

До денот на започнување на примена на одредбата од ставот (1) на овој член ќе се применуваат одредбите од Главата XXII КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ на Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2005 и 81/2005).

Одредбите од членот 66 на овој закон, со кој се менува членот 185 од основниот текст на законот, ќе започнат да се применуваат во рок од еден месец од донесувањето на подзаконскиот акт од членот 185 став (14) на овој закон.

До денот на започнување на примена на ставот (3) од овој член ќе се применуваат одредбите од членот 185 на Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2005 и 81/2005).

Одредбите од членот 185-а на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 мај 2007 година.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 24/2007

Член 96

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 24/2007

Член 97

Влегување во сила

"Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 159/2008

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 83/2009

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 48/2010

Член 32

Примена на одредбите на овој закон

Одребите од членот 21 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 април 2010 година, а одредбите од членот 20 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 48/2010

Член 33

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Автоматски додаден

Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 48/2010

Член 34

Влегување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 124/2010

Член 6

Одредбите од членот 1 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јуни 2011 година.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 124/2010

Член 7

Поблиските прописи од членот 3 на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 124/2010

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 51/2011

Автоматски додаден

Член 47

На постапките за стратегиска оцена започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се применуваат одредбите од овој закон. На започнатите постапки за издавање на интегрирани еколошки дозволи започнати пред влегувањето во сила на овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10 и 124/10) .

Поблиските прописи утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 51/2011

Автоматски додаден

Член 48

Одредбите од членовите 43, 44 и 45 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето со примена на Законот за инспекциски надзор.

Одредбите од членовите 7 ставови (11) и (17), 14, 16, 17 став (2), 21, 22 став (3), 24 став (2), 26 став (2), 27, 29 став (1), 30, 36 став (4), 37, 38 и 39 на овој закон ќе се применуваат со започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 51/2011

Автоматски додаден

Член 49

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 51/2011

и додаден

Автоматски додаден Автоматск

Член 50

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Сл.В. 123/2012

Член 36

Овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на регистрација на возило, односно правното лице надлежно за регистрација на пловниот објект од членот 180-а од овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да го подготват првиот извештај за уплатениот надоместок за претходните три месеци и истиот да го достават до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Сл.В. 123/2012

Член 37

Подзаконските прописи чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Автоматски додаденАвтоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Сл.В. 123/2012

Член 38

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Автоматски додаденАвтоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Сл.В. 123/2012

Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 93/2013

Член 19

Одредбите од членовите 6, 7, 8, 9 и 11 од овој закон ќе започнат да се применуваат од денот на започнувањето со примена на членот 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите (Службен весник на Република Македонија број 82/13) .

Автоматски додаденАвтоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 93/2013

Член 20

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

Автоматски додаденАвтоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 93/2013

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

и додаден

Автоматски додаден

Член 14

Членот 36 од Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија број 123/12) се брише.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

Автоматски додаден

Член 15

Прописите утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

Автоматски додаден

Член 16

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги воспостави листите на експерти од членот 2 од овој закон.

Електронски систем за полагање на стручниот испит ќе се воспостави во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

Автоматски додаден

Член 17

Започнатите постапки за полагање на стручен испит за стекнување на професионално знаење за оцена на влијанието на проектите врз животната средина до денот на примената на овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

Автоматски додаден

Член 18

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

Автоматски додаден

Член 19

Членовите 1, 2 и 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од влегувањето во сила на овој закон.

Членовите 5 и 9 од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примена на прописот донесен согласно со членот 5 став 1 од овој закон.

Членовите 7, 8, 10 и 11 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 мај 2014 година.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 187/2013

Автоматски додаден

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 42/2014

Автоматски додаден

Член 13

Прописите утврдени во овој закон, ќе се донесат во рок од една години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 42/2014

Автоматск

Член 14

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 42/2014

Автоматски додаден

Член 15

Директорот на Управата за животната средина именуван пред денот на започнувањето на примената на членот 161-б утврден во членот 4 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван. Директорот на Државниот инспекторат за животна средина именуван пред денот на отпочнувањето на примената на членот 194-б утврден во членот 6 од овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 42/2014

Автоматски додаден

Член 16

Членот 22-б утврден во членот 2 од овој закон ќе започне да се применува од 1 Јануари 2017 година.
Членот 22-в утврден во членот 3 од овој закон ќе започне да се применува од 1 Јануари 2016 година.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 42/2014

Автоматски додаден

Член 17

Одредбите на членовите 4 и 6 од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 42/2014

Автоматски додаден

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 44/2015

Автоматски додаден

Член 23

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 44/2015

Автоматски додаден

Член 24

Одредбите на членовите 8, 10 и 16 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.
Одредбите на членот 21 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнување на примена на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
Одредбите на членовите 17 и 19 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 44/2015

Автоматски додаден

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 129/2015

Член 10

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 129/2015

Член 11

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 129/2015

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 192/2015

Член 14

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија број 42/14), во членот 16 став (2) датата 1 јануари 2016 се заменува со датата 1 јануари 2017.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 192/2015

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 39/2016

Член 20

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 39/2016

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за животната средина.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 39/2016

Член 22

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14, 15, 16, 18 и 19 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) .

Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден

Автоматски додаден

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 39/2016

Член 23

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 99/2018

Член 4

Одредбите од членот 161-б точка 5) и членот 194-б точка 5) од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 99/2018

Член 5

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување. На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 99/2018

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 89/2022

Член 71

Низ целиот текст на законот зборовите: "Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Република Северна Македонија".

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 89/2022

Член 72

Преодни одредби

(1) На физичките лица кои поседуваат потврда за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина, потврда за положен стручен испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина, како и потврда за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина и потврда за положен стручен испит за стекнување на статус со професионално знаење за оцена на влијанието врз животната средина од членот 27 од овој закон со кој се менува членот 85-р од законот, во рок од четири месеци од денот на влегување во сила на овој закон, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина поднесуваат барање за издавање на уверение за положен стручен испит за стекнување со статус експерт за оцена на влијание на проектите врз животната средина, односно експерт за стратегиска оцена на животната средина.

(2) Листата на експерти од членот 85 од овој закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ја воспоставува во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон овластува правни лица кои ќе вршат обука за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење.

(4) Правните лица кои ќе вршат обука за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за

ладење го организираат испитот за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење, во рок од една година по добивањето на овластувањето од ставот (3) на овој член согласно со одредбите на овој закон.

(5) Електронскиот систем за полагање на стручниот испит за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење се воспоставува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 89/2022

Член 73

Подзаконските прописи кои произлегуваат од одредбите на овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 89/2022

Член 74

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 171/2022

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Сл.В. 3/2025

Член 35

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден Автоматски додаден